ОПШТИНА
КРИВА ПАЛАНКА
www.krivapalanka.gov.mk

# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 13**<br><br>**10.12.2025** | **Гласникот е бесплатен** |



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22; 170/24 и 37/25) и член 14 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка (''Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.08/10; 12/10; 08/14; 02/18; 03/19; 08/21; 01/23; 05/23; 14/23; 05/24 и 09/24"), Советот на Општина Крива Паланка на 03– та седница одржана на ден 09.12. 2025 година, донесе :

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1, К2 и К3 за III Квартал за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1, К2 и К3 за III Квартал за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр.09 – 6407/3**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1,К2 и К3 за III Квартал за 2025 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1,К2 и К3 за III Квартал за 2025 година,

што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/4**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024) и член 14 став (1) точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка ("Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/2024 и 09/2024), Советот на Општина Крива Паланка на 3 – та седница одржана на ден 09.12.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година преку општинските изборни комисии за месец август – ноември

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка , го усвојува финансискиот извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година преку општинските изборни комисии за месец август – ноември бр . 11-184/1 од 26.11.2025 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр 09-6407/5**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година преку општинските изборни комисии за месец август-ноември**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година преку општинските изборни комисии за месец август-ноември,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/6**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23 05/23, 14/23, 05/24, 09/24), а по поднесено барање бр.096534/1 од 04.12.2025 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата оддржана на ден 09.12.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите’’ и ,,Општински крос’’ на Општински училишен спорт – Крива Паланка**

**Член 1**

Општина Крива Паланка е согласна да ги додели спортските активности „Фудбал за сите“ и „Општински крос“, да бидат организирани од Општински училишен спорт – Крива Паланка и ќе бидат дел од Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спортот за 2026 година.

Член 2

Средствата во висина од 200.000.оо денари наменети за реализација на активностите „Фудбал за сите“ **ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Крива Паланка.**

**Член 3**

Средствата во висина од 300.000.оо денари наменети за реализација на активностите „Општински крос“ **ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Крива Паланка.**

Член 4

Средствата од член 2 и член 3 на оваа одлука се наменети за покривање на трошоци за: организирање на настаните од член 1, спортски кадар, набавка или изнајмување на потребна спортска опрема, награди и промотивни активности.

**Член 5**

Исплатата на средствата ќе се изврши по поднесено барање за исплата од страна на Општински училишен спорт – Крива Паланка и по склучување на договор со Општина Крива Паланка.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, ќе биде составен дел на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спортот за 2026 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-6407/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**09.12.2025 година** **Претседател**

**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите ‘’и ,,Општински крос’’на Општински училишен спорт-Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите ‘’и ,,Општински крос’’на

Општински училишен спорт-Крива Паланка,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/8**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став (1), точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 12/2010, 8/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024 и 09/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден година 09.12.2025 донесе

ПРОГРАМА

**за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година**

## I. ВОВЕД

Спортот претставува значаен сегмент од општестевниот живот и е главен фактор за унапредување на здравјето, социјалната кохезија и развојот на младите. Општина Крива Паланка , како општина со богата спортска традиција и ентузијазам меѓу младите, има за цел преку оваа програма да го поттикне развојот и масовноста на спортските активности.

Програмата за спорт за 2026 година е насочена кон создавање на услови за редовно вежбање , поддршка на спортски клубови, зајакнување на улогата на училишните спортови организација на спортски настани и унапредување на спортската инфраструктура, со цел спортот да стане достапен за сите граѓани.

Спортот и здравите навики се клучни за правилен развој на младите генерации. Програмата е изработена во согласност со Зоканот за локална самоуправа, Законот за младинско учество и младински политики, а имплементирани се и одредби и од Законот за еднакви можности на мажите и жените и во неа се утврдуваат и целите на политиката на Општина Крива Паланка во делот на спортот, особено младите и креирање на здрави генерации. Програмата за активности во областа на спортот во Општина Крива Паланка за 2026 година дава можност на локалните спортски клубови да предлагаат сопствени програмски активности преку јавен повик и да добијат финансиска подршка од Буџетот на општината.

Дополнително, преку оваа програма се обезбедуваат стипендии за ученици и ученички - талентирани спортисти и спортистки од основните и средното училиште во градот преку јавен повик за доделување на буџетски средства за стипендирање на талентирани ученици – спортисти.

Општината во рамки на програмата дава еднаков пристап на сите, со правилна распределба на локалните клубови со машки и женски членови, но дополнително дава можност за вклучување и на лицата со попреченост, кои ќе можат да бидат дел од активностите кои општината ги организира, со единствена цел овозможување на еднаков пристап за сите граѓани

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Основна цел на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт во 2026 година е развивање на здрави животни навики,

промоција на спортот како средство за личен и заеднички развој, како и создавање услови за активно учество на граѓаните во спортски и рекреативни активности.

- Посебни цели се:

- поддршка и афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Република Северна Македонија и надвор од неа;
- поттикнување на учество на децата и младите во спортски активности
- стимулација на развој и унапредување на училишните спортови, преку давање на поддршка и зголемување на улогата на училишните спортови;
- промоција на родова еднаквост и инклузивност во спортот
- создавање на услови за меѓународна соработка и промоција на локалниот спорт и вмрежување во меѓународни рамки.

## III. АКТИВНОСТИ

Активностите во областа на спортот Општина Крива Паланка ќе бидат фокусирани на поттикнување и поддршка во процесот на остварувањето на целите на оваа Програма, а тие се:

- Доделување на стипендии за талентирани ученици/чки – спортисти/ки од основните и средното училште во општината за 2026 година,
- Финансиска поддршка на програмски активности на спортски здруженија и спортски клубови со седиште во Општина Крива Паланка,
- Организирање на спортски настани манифестации од интерес на општината и на локалната заедница, со фокус на младите луѓе, со активно вклучување сите локални спортски работници,
- Поддршка на развојот на училишните спортови во градот и мотивирање на стручниот кадар и наставниците/професорите за понатамошен развој и унапредување на спортот,
- Понатамошно обезбедување на расположливост и поволни услови за користење на сите објекти за спорт и рекреација во надлежност на општината.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за реализирање на Програмата на Општина Крива Паланка за активностите во областа на спортот за 2026 година, во вкупен износ од **4.293 000,00 денари** се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година и тоа од Програма - спорт и рекреација.

Средствата наменети за спортските клубови, здруженија и училишниот спорт ќе се доделуваат во тек на годината, по доставено барање од страна на спортскиот субјект и потпишување на Договор за финансиска поддршка со општината, со што спортските субјекти имаат обврска за поднесување на извештаи за реазлизација до крајот на тековната година.

## V. СПРОВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Спроведувањето на Програмата на Општина Крива Паланка во областа на спортот за 2026 година е во надлежност на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, преку Секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот/ Одделение за јавни дејности.

## VI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Број 09-8407/9

09.12.2025 год.

Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**Миле Трајковски**

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ: Поттикнување на развојот на знаењата кај учениците/спортисти преку стимулирање на спортските активност и обезбедување поддршка за учество на спортски настани и турнири | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **464120 LO** | **1.1** Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења | Стипендирање на талентирани спортисти ученици/чки и студенти/тки<br>Донесување на Одлука за стипендирање<br>Донесување на Правилник за стипендирање<br>Објавување на Конкурс за стипендирање<br>Склучување на договори | **септември** | Број на доделени стипендии разделени според пол. | Општина Крива Паланка | **513.000,00** |
| | **1.2** Стимулирање на дечиња за спортски игри и активности | Организирање настан „ФУДБАЛ ЗА СИТЕ“ | **август** | Број на дечиња учесници на настанот | Општина Крива Паланка и Општински училишен спорт | **200.000,00** |
| | 1.3 Поттикнување и развивање на тимски игри и натпревари | Организирање на турнир во мал фудбал | **мај** | Број на пријавени екипи за учество на турнирот | Општина Крива Паланка и Останати здруженија и организации | **300.000,00** |
| | 1.4 Поттикнување и промовирање на здрави навики | Организирање на општински крос по повод 8-ми октомври | **октомври** | Број на пријавени учесници на настанот | Општина Крива Паланка и Општински училишен спорт | **300.000,00** |
| | 1.5 Формирање на сениорски клуб во фудбал | Регистрација на клуб<br>Регулирање на Законски и подзаконски | **2026 година** | Број на членови во клубот | Општина Крива Паланка | **1.000.000,00** |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | акти на клубот | | | | |
| | 1.6.Промотивни и организациски активности на нови спортски терени | -Организација на свечени пуштања на нови спортско-рекреативни терени<br><br>-Подготовка и реализација на промотивни активности<br><br>-Обезбедување на соодветна техничка опрема<br><br>-Поставување на промотивни елементи<br><br>-Логистичка поддршка за спортски клубови и учесници<br><br>-Изведувачи за потребите на настанот | **026 година** | -Број на организиран и свечени пуштања на нови објекти<br><br>-Број на организиран и спортски настани<br><br>-Број на учесници и посетители на спортски активности<br><br>-Број на медиумски објави | Општина Крива Паланка | **150.000,00** |
| | **2** | **ЦЕЛ: Обезбедување еднаков пристап и можности за поддршка на програмски активности на локални спортски клубови и здруженија** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **ременски период** | **езултати / индикатори** | **осител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | **ренинг и учество на натпревари** | **ренинг/натпревари во фудбал на повеќе дечиња** | **2026 година** | **Број на натпревари** | **ФК Академија Осогово 022 Крива Паланка** | **200.000,00** |
| | **Зголемување на интерес за шах кај младите и промовирање на** | **рганизирање и учество на турнири за млади и возрасни** | **2026 година** | **Број на добиени награди**<br><br>**- Број на учества на** | **Шаховски луб Тим Ан асан Крива Паланка** | **60.000,00** |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | здрав спортски дух | | | локални турнири<br><br>- Број на учества во национални турнири | | |
| | Меморијален турнир во мал фудбал во чест на загинати бранители | Турнир во мал фудбал | Мај 2026 | Организиран турнир во чест бранителите | Здружение на членови на фамилии на загинатите припадници на вооруженит е сили на Македонија | 70.000,00 |
| | Организирање на фитнес натпревари | Популализација на масовен рекреативен фитнес спорт | Пролет/ле то 2026 | Број на организирани рекреативни фитнес настани<br><br>- Вклучување на различни возрасни групи | Спортски клуб ЦИМ БРОС ФИТНЕС Крива Паланка | 80.000,00 |
| | Организирање на заеднички карате камп со базични карате подготовки со карате клубови од земјата и странство | Организирано државно првенство во Крива Паланка и организирани карате кампови и заеднички тренинзи со клубови од други земји | Лето/2026 | -Број на успешно организирани државни првенства во карате<br><br>Број на карате кампови реализирани во текот на годината<br><br>-Број на заеднички тренинзи со клубови од други земји | ВАДО РЈУ КАРАТЕ КЛУБ ШАМПИОН Крива Паланка | 100.000,00 |
| | Практика на јога вежби и положби | Хата Јога техники за концентрација и меморија | 2026 година | - Број на реализирани јога сесии/часови | Здружение за телесна и душевна благосостој ба ЈОГА СТУДИО „Сонце“ Крива Паланка | 30.000,00 |
| | Тренинг и натпреварување во Прва футсал лига | Натпревари во прва футсал лига за поголем пласман во лигата | Сезона 2025/2026 | - Број на одиграни натпревари во рамки на Првата футсал лига<br><br>- Број на освоени бодови во текот на сезоната | КМФ Осогово 2022 Крива Паланка | 800.000,00 |
| | Генерација во движење 7-77 | Еднодневен инклузивен спортски настан на отворено наменет за | Еден ден во 2026 | - Број на учесници на настанот | УСК Ѓорче Петров | 80.000,00 |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | граѓани од сите возрасти | | - Стимулирање на зедничко учество на семејства во спортски активности | | |
| | Пинг-понг од 7-77 | Промоција на здрави авики и социјализација на младите преку спортот Пинг-понг повеќе од игра | 2026 година | - Број на одржани работилници/тренинзи по пинг-понг<br><br>- Број на млади учесници вклучени во програмата | Здружение на граѓани ППК Крива Паланка-2007 | 80.000.00 |
| | Афирмација на Крива Паланка во кик бокс спортот | Тренирај кик бокс, да го намалиме насилството на улица и во училиште | 2026 година | Број на реализирани кик-бокс тренинзи | Кикс бокс клуб Патриот-спорт | 100.000,00 |
| | Промоција на спортски риболов како можност за развој на спортско-рекреативен туризам придонес за заштита на животна средина | Одржување на 8-мо октомврски републички натпревар и локален риболовен натпревар Марјан Ѓошевски-Мацко | 2026 година | - Број на учесници на републичкиот натпревар.<br><br>- Број на локални учесници на риболовен натпревар | Здружение спортско рекреативен риболовен клуб „Мрена“ Крива Паланка | 50.000,00 |
| | Со спортски успеси-успешна младина, успешна иднина | Одржување на тренинг и лига системи | 2026 година | - Број на одржани тренинзи во текот на годината<br><br>- Број на натпревари одиграни во рамки на лигата | Здружение Кошаркарски клуб Крива Паланка | 100.000,00 |
| | ППК Клуб Спортски амбасадор на градот | Развибање и унапредување на пингпонгарскиот спорт од интерес за членството нан клубот | 2026 година | Број на одржани тренинзи во текот на годината | Здружение пингпонгарски клуб Крива Паланка | 80.000,00 |
| | | | | | ВКУПНО: | 4. 293.000,00 |

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година**

1.Се објавува **Програма за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година**,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/10**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка , (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/2010, 12/2010, 8/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024, 09/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе

**ПРОГРАМА**

**за активности на Општина Крива Паланка во**

**областа на образование за 2026 година**

Образованието претставува основа за развој на секое општество и е клучен фактор за создавање на одржлива, инклузивна и просперитетна заедница. Во таа насока, програмата за образование на Општина Крива Паланка за 2026 година има за цел да обезбеди систематски пристап во унапредување на образовните процес, подобрување на инфраструктурните услови, поттикнување на иновативните наставни практики и зголемување на вклученоста на учениците, наставниците и родителите во обрзовната заедница. Како општина со силен фокус кон човечкиот капитал и социјалната кохезија, програмата за образование за 2026 година ќе се развива со цел да обезбеди континуитет во учењето, инклузивност, еднакви можности и високи стандарди на квалитет.

Програмата ќе ги утврдува приоритетите и активностите што Општина Крива Паланка ќе ги реализира во текот на 2026 година во соработка со основните училишта, средното училиште, Министерство за образование и наука, како и со локалните и меѓународните партнери.

**ЦЕЛИ**

**Општа цел** на програмата

Обезбедување еднаков пристап, квалитетно и инклузивно образование преку развој на знаења, вештини и таленти на учениците, поддршка на наставниот кадар, рационално користење на буџетските средства и јакнење на партнерствата на Општината во образовната сфера.

**Специфични цели** на оваа програма се:



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

- Поттикнување развој на знаења, вештини и таленти кај учениците и студентите, преку стимулирање на успехот и учество на натпревари.

VII. Обезбедување еднаков пристап и можности за сите ученици и студенти преку субвенции, финансиска поддршка и стимулирање на таленти.

VIII. Поддршка и професионален развој на наставниот кадар преку едукација, стручно усовршување и наградување на најуспешните наставници.

IX. Јакнење на капацитетите на Општината преку партнерства и поддршка на училишни проекти за унапредување на образованието.

X. Унапредување на соработката помеѓу училиштата, семејствата и локалната заедница за инклузивен и квалитетен образовен процес.

XI. Обезбедување ефикасно, економично и квалитетно функционирање на образовниот процес преку рационална распределба на средства и подобрување на условите за настава.

## АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2026 година ќе бидат насочени кон

**- Поддршка и стимулирање на ученици и студенти**

Општината ќе обезбеди финансиска поддршка за учениците и студентите со цел стимулирање на нивниот развој и таленти. Ова вклучува финансиска помош и стипендирање на учениците и студентите со цел да се овозможи еднаков пристап до образованието и поттикнување на успехот кај сите ученици и студенти.

**- Развој и мотивација на наставниот кадар**

Унапредување на квалитетот на наставата преку мотивирање и признавање на заслугите на наставниот кадар, со цел развој на професионалните компетенции, промоција на квалитетна настава и обезбедување услови за континуирано стручно усовршување


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**- Јакнење на институционални и партнерски капацитети**

Општината ќе поттикнува соработка со локални и национални институции, организации и партнери, како и поддршка на проекти и иницијативи на училиштата.

**- Поттикнување на културна и образовна соработка**

Општината ќе учествува во училишни манифестации, културни и образовни активности, ќе ги вклучи учениците и родителите во заеднички настани и ќе обезбеди различни посети на настани во општината.

**- Поддршка на ефикасно и квалитетно функционирање на образовниот процес**

Општината ќе обезбедува безбедна и функционална средина за учење преку осигурување за штети на училишните објекти и обезбедување стручна, техничка и логистичка поддршка за активностите и проектите. Исто така, ќе се обезбеди рационална распределба на блок дотации и буџетски средства за основното и средното образование.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година, Министерство за образование и наука, сопствени приходи на училиштата и од донации.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

## ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,
- создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,
- зголемување на можностите за професионална ориентација,
- истражувања поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците/-чките,
- анализа на податоците на ученици/-чките кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

- **СПРОВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА**

Спроведувањето на Програмата на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2026 година е во надлежност на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, преку Секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот/ Одделение за јавни дејности.

- **ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-6407/11 | **Претседател на Советот** |
| 09.12.2025 година | **на Општина Крива Паланка** |
| Крива Паланка | **Миле Трајковски** |

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Паланка од областа на образование за 2026 година**

1.Се објавува **Програма за активностите на Општина Крива Паланка од областа на образование за 2026 година**,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/12**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за ОБРАЗОВАНИЕ**

**на Општина Крива Паланка**

| **Буџетска програма и конто** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **1** | **ЦЕЛ: Поттикнување на развојот на знаењата, вештините и талентите кај учениците пр поддршка за учество на државни и меѓународни н** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** |
| **464120 АО** | **1.1** Стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на нивните знаења | Стипендирање на талентирани ученици/чки и студенти/тки | **септември** | Број на доделен стипендии разделени спор пол. |
| | | Донесување на Одлука за стипендирање | | |
| | | Донесување на Правилник за стипендирање | | |
| | | Објавување на Конкурс за стипендирање | | |
| | | Склучување на договор | | |
| **464410 АО** | **1.2** Поддршка на талентирани ученици/чки за учество на државни и меѓународни натпревари | Подршка на ученици/чки за учество на натпревари | **По потреба** | Број на ученички ученици кои учествувале на државни и меѓународни натпревари за 2026 |
| | **2** | **ЦЕЛ:** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / и** |
| | | **2.1 Субвенциониран превоз на студенти /тки** | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **421440 Г1** | Создавање на услови и креирање на постапки и процедури за субвенционирање на различни категории на семејства | Донесување Одлука за субвенционирање | **октомври** | Број на суб сстуденти рразделен по г |
| | | Донесување на Правилник за субвенционирање | | |
| | | Објавување на Конкурс за субвенционирање | | |
| **464990 N1** | | **2.2 Еднократна парична помош на семејства со прваче** | **септември** | Број на поднес помош на прва по пол |
| | | Донесување на Одлука за парична помош | | |
| | | Поднесување барање | | |
| | | Донесување на решение | | Број на донесен еднократна пари прваче раздел ученикот/уч |
| | | **Свечено дефиле на матуранти** | **мај** | Број на матура на дефилето |
| **464990 N2** | | **2.4 Субвенција за секој ученик кој ќе се запише во прва година во СОУ „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка,** | **септември** | Број на поднес месечна су ученици во разделе |
| | | Донесување на Одлука за месечна субвенција | | Број на донесен месечна субвенц во прва година пол на учени |
| | | Поднесување барање | | |
| | | Донесување Решение | | |
| **464990 N2** | | **2.5 Парична помош за матуранти/тки запишани во СОУ Ѓорче Петров Крива Паланка** | **април** | Број на поднес помош за разделен по по |
| | | Поднесување барање | | |
| | | Донесување на решение | | -Број на донес |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | за еднократ помош за разделен п ученикот/чката |
| | 3 | **ЦЕЛ: Поддршка и развој на наставниот кадар преку едукација, стручно усо препознавање на нивните заслуги и пост** | | | |
| | | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Рез инд** |
| | | Едукација, стручно совршување и мотивација на наставниот кадар | Избор на најуспешен просветен работник/чка<br>Донесување Одлука<br>Донесување Правилник<br>Објавување на Конкурс | **мај** | - Пол на избра кандидат/ка за просветен рабо одделенска на 2026г.<br>- Пол на избра кандидат/ка за просветен рабо предметна нас 2026г. |
| | 4 | **ЦЕЛ: Јакнење на капацитетите на Општината преку партнерства и поддршка на училиш** | | | |
| **464990 Г1** | | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** |
| | | Учество на општината во партнерски проекти | Соработка со институции и организации<br>Поддршка на проекти и иницијативи на училиштата | **тековно** | - Број н партнерски проекти кои има родова компонент во кои учеству општината з 2026г.<br>- Број на подржан проекти |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | иницијативи |
| | 5 | **ЦЕЛ: Унапредување на образовната и културната соработка помеѓу училишта** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /и** |
| **426990 Г1** | Поттикнување на активно учество на учениците, наставниците и родителите во културно-образовниот живот на заедницата | - Организирани манифестации од основните и средните училишта по разни поводи<br>Вклучување на родители и ученици/чки во разни манифестации | **тековно** | Број на орг манифе<br>Број на род ученици/уче учествувале во м |
| | | - Организирани активности од основните и средните училишта согласно нивните програми со цел промовирање на добросостојбата на учениците, заштита од насилства и спречување на дискриминација<br>Вклучување на родители и ученици/чки наставници | **тековно** | Број на орг актив<br>Број на род ученици/ученички кои учествувале |
| **421440 Г1** | | - Организирана посета на културно-историски настани во градот | **тековно** | - Број н ученици/чки поврзани со историјата разделени по г |
| | 6 | **ЦЕЛ:Обезбедување ефикасно, економично и квалитетно функционирање на образовн буџетските средства и создавање подобри услови за к** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /и** |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **425250 Г1** | Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование | **6.1Осигурување за одговорност од предизвикана штета на училишни објекти**<br><br>Обезбедување, стручна, техничка и друг вид поддршка | тековно | - Број на уче запишани во училишта |
| | Распределба и ефикасно користење на буџетските средства наменети за основното и средното образование, | **6.2 Блок дотација за основно образование**<br><br>Одлука за распределба на средства за основните училишта | тековно | - Број на учениц пол во основн на општина Кри |
| | | **6.3 Блок дотација за средно образование**<br><br>Одлука за распределба на средства за средното училиште | | - Број на учениц пол во среднит општина Крива |
| | **Непредвидени трошоци** | | тековно | |

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година**.


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23 05/23, 14/23, 05/24, 09/24), а по барање бр.09-6500/1 од 03.12.2025 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата оддржана на ден 09.12.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на фестивалот Џој Фест како дел од Програмата за активностите на Општина Крава Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година со доделување на финансиска поддршка**

**Член 1**

Општина Крива Паланка е согласна фестивалот „Џој Фест 2026 година“, како културна манифестација да биде вклучена во Програмата **за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година.**

**Член 2**

**Средствата во висина од 800.000.оо денари наменети за поддршка на фестивалот „Џој Фест“ 2026 година ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Крива Паланка.**

**Член 3**

**Средствата од член 2 на оваа одлука се наменети за реализација на фестивалот за покривање на трошоци за: организација и техничка продукција на настанот, сценска и музичка опрема,хонорари на изведувачи, промотивни активности.**

**Член 4**

**Примателот на средствата е должен да достави финансиски и наративен извештај до Општина Крива Паланка за наменско трошење на средствата, најдоцна до 30.12.2026 година.**

**Член 5**

**Исплатата на средствата ќе се изврши по поднесено барање за испалата и склучување на договор помеѓу Општина Крива Паланка и организаторот на фестивалот.**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**Член 6**

**Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, истата ќе биде дел од Програмата за активностите на Општина Крава Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“**

**Бр.09-6407/13**
**09.12.2025година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за прифаќање на фестивалот Џој Фест како дел од Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година со доделување на финансиска подршка**

1.Се објавува Одлука за прифаќање на фестивалот Џој Фест како дел од Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година со доделување на финансиска подршка,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/14**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Врз основа на член 22 став (1) точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 14 став (1) точка 10 од („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Крива Паланка во

## областа на културата и културните манифестации за 2026 година

Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година се вклучени настани и активности кои во изминатите години беа успешно реализирани и одлично прифатени од граѓаните, предизвикувајќи голем интерес кај локалната заедница и посетители од поширокиот регион. Програмата истовремено предвидува и нови иницијативи со цел збогатување на културниот живот, промоција на културното наследство и поттикнување на современи форми на уметничко изразување.

Со реализацијата на предвидените програмски активности, Општина Крива Паланка има за цел да го унапреди културниот развој, да ја зголеми видливоста на локалните уметници и творци, како и да поттикне активно учество на различни групи на граѓани во креирањето на локалните културни политики.

Програмата овозможува јавните установи, здруженијата на граѓани, фондациите и другите правни и физички лица од територијата на Општината да предлагаат активности и настани од областа на културата преку Јавен повик и да конкурираат за финансиска поддршка од Буџетот на Општина Крива Паланка. Изборот на предлог-активности и распределбата на средствата се вршат од страна на Комисија формирана со решение на Градоначалникот, согласно со Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

## I.ЦЕЛИ

**Основна цел** на Програмата е унапредување на културниот развој во Општина Крива Паланка преку создавање услови за разновиден, инклузивен и креативен културен живот, со зачувување на традицијата и поттикнување на современите уметнички изрази.

**Специфични цели:**

- Унапредување и промоција на културниот живот во Општина Крива Паланка преку организирање и поддршка на традиционални, верски, детски, музички, фолклорни и меѓународни културни настани, со цел зачувување на локалното културно наследство, поттикнување активно учество на сите генерации и развој на културниот туризам.

- Поттикнување на меѓународна соработка, културна размена и пријателство преку заеднички културни и забавни активности, како и свечено одбележување на празници и историски настани за јакнење на културниот и националниот идентитет, почитување на традицијата и активно учество на заедницата.

- Поддршка и развој на културното творештво преку стимулирање на локални уметници, културни установи, здруженија и млади креативци за активно учество во реализација на културни проекти и настани.

- Промоција на родова еднаквост, инклузивност и демократски вредности преку културни програми и манифестации кои ја одразуваат разновидноста и богатството на локалната заедница.

## II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата во 2026 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддршка и помош во остварувањето на целите на оваа Програма, преку следните приоритетни дејствија:

- Реализација на културни манифестации, настани, програми и проекти кои му даваат препознатливо обележје на културниот живот во Општина Крива Паланка и ја промовираат нејзината културна традиција и современо творештво;

- Поддршка на локалните културни установи, организации и поединци во реализација на активности од значење за развој на културата и уметноста на локално ниво;


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

- Организирање на гостувања на афирмирани уметници и културни работници од Република Северна Македонија и од странство, со почитување на принципите на родова рамноправност и еднаква застапеност, како и унапредување на меѓународната културна соработка со збратимени градови и партнери на Општина Крива Паланка, врз основа на реципроцитет и заеднички интереси во областа на културата.

**Преглед на културни настани и манифестации**

| **настан/манифестација** | **временски период** | **носител на настанот/ манифестацијата** | **буџет** |
|---|---|---|---|
| | | **Ј А Н У А Р И** | |
| **БАДНИК и БОЖИЌ** | **6-ти јануари<br>и<br>7-ми јануари** | **Општина Крива Паланка и<br>Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **450.000** |
| **ВОДИЦИ** | **19-ти ЈАНУАРИ** | **Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **300.000** |
| | | **М А Р Т** | |
| **НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН - ТОДОРИЦА** | **МАРТ** | **РЗР Патник – Крива Паланка** | **200.000** |
| **СУСУРИГА** | **МАРТ** | **Општина Крива Паланка<br><br>Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **200.000** |
| | | **А П Р И Л** | |


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ДЕН НА ШЕГАТА** | **1-ви АПРИЛ** | **Општина Крива Паланка** | **180.000** |
| **СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА РОМИТЕ** | **7-ми АПРИЛ** | **Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **100.000** |
| **ВЕЛИГДЕНСКА ТРАДИЦИЈА** | **АПРИЛ** | **ЛУ Градски Музеј** | **Буџет на ЛУ Градски Музеј** |
| **СМОТРА НА ОЛД ТАЈМЕРИ** | **АПРИЛ** | **Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **60.000** |
| **Пригодни настани** | **АПРИЛ** | **Општина Крива Паланка** | **10.000** |
| | **М А Ј** | | |
| **ПРАЗНИК ПОСВЕТЕН НА СВЕТИ ЈОАКИМ КРЧОВСКИ**<br><br>**и**<br><br>**„Свети Кирил и Методиј – Ден на просветата и културата“** | **23-ти МАЈ**<br><br>**и**<br><br>**24-ти МАЈ** | **Општина Крива Паланка**<br><br>**и**<br><br>**Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **500.000** |
| **„РАСПЕАНО СИМИТЧЕ„ ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ – 12-то издание** | **15 до 30 МАЈ** | **Здружение Центар за аудио визуелни уметности Кр. Паланка** | **500.000** |
| | **Ј У Н И** | | |
| **КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО**<br><br>**( јуни,јули,август )** | **ЈУНИ** | **НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА** | **1.000.000** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЈУЛИ** | | | |
| **Трилатрална погранична средба КРАИШТЕ** | **12-ти ЈУЛИ** | **Општина Крива Паланка** | **200.000** |
| **АВГУСТ** | | | |
| **ИЛИНДЕН** | **2-ри АВГУСТ** | **Општина Крива Паланка и ЛУ Градски Музеј** | **30.000** |
| **ФЕСТИВАЛ НА ЗАНАЕТЧИИ, РАКОТВОРБИ И ХРАНА ШОПСКО СЕЛО** | **АВГУСТ** | **ЛУ Градски Музеј** | **Буџет на ЛУ Градски Музеј** |
| **Меѓународен фолклорен фестивал , 21-во издание ,, СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ,** | **АВГУСТ** | **НУ Центар за култура** | **650.000** |
| **Одбележување на оппштинскиот празник Св.Јоаким Осоговски** | **АВГУСТ** | **Општина Крива Паланка** | **50.000** |
| **Концерт по повод патрониот празник на општината Св.Јоаким Осоговски** | **28-30 АВГУСТ** | **Општина Крива Паланка и Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **1.500.000** |
| **СЕПТЕМВРИ** | | | |
| **8-ми СЕПТЕМВРИ ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА** | **8-ми СЕПТЕМВРИ** | **Општина Крива Паланка** | **30.000** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **и**<br>**ЛУ Градски Музеј** | |
| **МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ„СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ** | **20-ти до 30-ти СЕПТЕМВРИ** | **Општина Крива Паланка**<br>**и**<br>**Здружение за промоција на театарска уметност Театарски фестивал**<br>**Општина Крива Паланка** | **400.000** |
| **ОКТОМВРИ** | | | |
| **8 ОКТОМВРИ**<br>**празникот на градот** | **ОКТОМВРИ** | **Општина Крива Паланка** | **200.000** |
| **Свечена академија**<br>**Концерт на ден на градот**<br>**Шопска софра** | | **Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **400.000** |
| **11-ТИ ОКТОМВРИ**<br>**Ден на востанието** | **11-ти Окомври** | **Општина Крива Паланка**<br>**ЛУ Градски Музеј** | **30.000** |
| **ДЕКЕМВРИ** | | | |
| **НОВОГОДИШЕН БАЗАР / ФЕСТИВАЛ** | **20 ДО 30**<br>**ДЕКЕМВРИ** | **Општина Крива Паланка**<br>**и**<br>**Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **1.500.000** |
| | | **ВКУПНО** | **8.490.000** |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Настаните во организација на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ и ЛУ Градски Музеј Крива Паланка се делегирана надлежност. Во табелата се вклучени и прелози останати здруженија/организации кои доставиле предлози преку Јавниот повик за поддршка на културни активности. Финансиската поддршка се реализира по поднесено барање и склучен Договор за финансиска поддршка со Општината.

**2. Поддршка на настани од годишни програми на субјекти од областа на културата**

| Реден број | Носител | Покровител/ поддржувач | Активности | Средства Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | К.У.З. Фолклористи | Општина Крива Паланка | Согласно приложени активности на Јавниот повик | 60.000 |
| 2. | Сојуз на борците на НОБ и Антифашистичка војна на Македонија од Крива Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно приложени активности на Јавниот повик | 50.330 |
| 3. | Здружение Центар за аудиовизулени уметности Крива Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно приложени активности на Јавниот повик | 90.000 |
| 4. | Фондација Со срце за Крива Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно приложени активности на Јавниот повик | 20.000 |


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Здружение за култура и уметност Ликовна Колонија Свети Јоаким Осоговски - Крива Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно приложени активности на Јавниот повик | 199.600 |
| 6. | Здружение на пензионери Крива Паланка и Ранковце – Крива Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно приложени активности на Јавниот повик | 40.000 |
| 7. | К.У.З. Карпош – Крива Паланка | Општина Крива Паланка | Согласно приложени активности на Јавниот повик | 60.000 |
| 8. | К.У.З Распеани паланчани | Општина Крива Паланка | Согласно приложени активности на Јавниот повик | 100.000 |
| 9. | Здружение за културни и уметнички дејности ЏОЈ ФЕСТ | Општина Крива Паланка | Одлука на совет | 800.000 |
| | ВКУПНО | | | 1.419.330 |

**3. Поддршка на локални уметници и културни активности**

| | Поддршка на локални уметници и | Поддршка на локални уметници и културни активности по Јавен повик | Средства Вкупно |
|---|---|---|---|


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | **културни активности** | | **(изразени во денари)** |
|---|---|---|---|
| 1 | **Верче Цветановска** | Согласно приложени активности на Јавниот повик | **20.000** |
| 2 | **Роберт Цветковски** | Согласно приложени активности на Јавниот повик | **40.000** |
| 3 | **Оливера Станковска** | Согласно приложени активности на Јавниот повик | **40.000** |
| 4 | **Мира Георгиевска** | Согласно приложени активности на Јавниот повик | **32.000** |
| 5 | **Филип Додевски** | Согласно приложени активности на Јавниот повик | **50.000** |
| 6 | **Анета Стојчевска** | Согласно приложени активности на Јавниот повик | **20.000** |
| | **ВКУПНО** | | **202.000** |

**4. Други активности и оперативни трошоци**

| | **Име на активност** | | **Средства**<br><br>**Вкупно (изразени во денари)** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **ЗАМП** | Наменети за плаќање на трошоци за ЗАМП | **300.000** |
| **2.** | **Шатори, тенди, маси** | Трошоци за шатори, тенди, маси | **500.000** |
| **3.** | **Бина/опрема/осветлу вање** | Трошоци за опрема за организација на концерти | **2.500.000** |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | **Ноќевање на изведувачи** | Угостителски трошоци за ноќевање | **400.000** |
| 5. | **Ручек, вечера и ланч пакети** | Угостителски трошоци за ручек, вечера и ланч пакети | **600.000** |
| 6. | **ВЦ Кабини** | Трошоци за ВЦ Кабини за големи настани | **300.000** |
| 7. | **Приклучок на струја** | Трошоци за приклучок на струја за големи настани | **100.000** |
| 8. | **Музички инструменти** | Изнајмување на музички инструменти | **100.000** |
| 9. | **Безбедносни огради** | Изнајмување на безбедносни огради за поголеми настани | **150.000** |
| 10. | **Обезбедување** | Обезбедување за големи настани | **150.000** |
| 11. | **Сообраќајни знаци и сигнализација** | Изнајмување и поставување на сообраќајни знаци и сигнализација при големи културни настани | **90.000** |
| 12 | **Техничка поддршка и Live stream опрема** | Изнајмување live stream опрема и техничка подршка | **120.000** |
| 13. | **Непредвидени трошоци** | Непредвидени трошоци за активности во текот на годината | **150.000** |
| | **ВКУПНО** | | **5.460.000** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **СЕ ВКУПНО (1,2,3,4)** | | **14.771.330** |

Средствата наменети за граѓанските здруженијата и установите за поддршка на настани од нивните годишни програми, ќе се доделуваат во тек на годината, по доставено барање од страна на субјектите и потпишување на Договор за финансиска поддршка со општината, со што субјектите имаат обврска за поднесување на извештај за реализација до крајот на тековната година.

Средствата наменети за националната установа и фондацијата за празници, манифестации и настани, ќе се доделуваат во тек на годината, по донесена одлука на

Советот на Општина Крива Паланка за трансфер на средства и потпишување на Договор за финансиска поддршка со општината, со што националната установа и фондацијата имаат обврска за поднесување на извештај за реализација до крајот на тековната година.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2026 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Министерство за култура на Република Северна Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

- Други извори.

## IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

## V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

### ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на

Советот на Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

## VI. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадар и опрема со која располага општината;

-обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Спроведувањето на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година е во надлежност на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, преку Секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот/ Одделение за јавни дејности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.09- 6407/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**09.12.2025 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Миле Трајковски**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година**

| **Буџетска програма и конто** | | **ЦЕЛ:** Унапредување и промоција на културниот живот во Општина Крива Паланка преку организирање и поддршка на традиционални, верски, детски, музички, фолклорни и меѓународни културни настани, со цел зачувување на локалното културно наследство, поттикнување активно учество на сите генерации и развој на културниот туризам. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | 1.**Традиционално одбележување на празникот Бадник и празникот Божиќ** | -Организација на настанот и логистика<br><br>- Бадникова поворка;<br><br>-Поделба на бадниково дрво<br><br>-Избор на кум на Бадник;<br><br>- Народна веселба . | БАДНИК<br><br>6-ти јануари<br><br>БОЖИЌ<br><br>7-ми јануари | -Вкупно присутни граѓани: околу 1.500 лица (50 % жени и 50 % мажи)<br><br>-Учесници во поворката: 200 деца (60% женски, 40 %мажи)<br><br>-Организационен тим: 10 лица (5 жени, 5 мажи)<br><br>-Медиумски прилози / објави:2, од кои 1 со родово сензитивна содржина.<br><br>-Поделба на бадникови подароци на деца 200 деца (60 % женски, 40%машки)<br><br>-Вкупен број млади организатори: 10 (5 жени, 5 мажи)<br><br>-Промотивни активности: 3 со родово | Општина Крива Паланка<br><br>и<br><br>Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 450.000 |


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | сензитивна содржина<br><br>- Кум на Бадник: 1 лице | | |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | 2.**Водици**<br><br>Свечено одбележување на големиот христијански празник ,,Богојавление,, во духот на традицијата и обичаите | -Осветување на водите на Крива Река и фрлање на Чесниот крст по повод празникот Богојавление<br><br>- Логистика<br><br>-Доделување на пригодни подароци за најсреќниот фаќач на чесниот крст<br><br>-Организација на културно уметничка програма<br><br>-Организација на манифестацијата пифтијада<br><br>-Традиционална поделба на питии и топли напитоци<br><br>- сенародна веселба | **19-ти јануари** | - Вкупно присутни граѓани: околу 2.000 лица (50 % жени и 50 % мажи)<br><br>-Изведувачи: 2 лица (1 жена, 1 маж)<br><br>-Организационен тим: 10 лица (5 жени, 5 мажи)<br><br>- Вкупен број волонтери: 20 лица ( 10 жени и 10 мажи)<br><br>- Поделени 3000 бр. Питии<br><br>-Медиумски прилози: 2, со родово сензитивна содржина | Општина Крива Паланка<br><br>Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 300.000 |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **3.Невестинско поклонение на св. Теодор Тирон – Тодорица**<br><br>Место: Црква „Св. Теодор Тирон", село Конопница, Крива Паланка | - Дочек на невестите и свекрвите (дочек на невестите и свекрвите и облекување во народна носија со пеење на традиционални песни.)<br><br>- Невестинска поворка, (дефиле на снаи и свекрви,две по две облечени во народни носии од регионот на Крива Паланка) низ поворката се пеат поклонски песни и снаите се клањаат неколку пати на патот до црквата.<br><br>-По пристигнувањето пред црквата , снаите се поклонуваат пред црквата и иконата на светецот, симболично барајќи благослов за љубов, мир и плодност во своите домови.<br><br>- Присуството на света литургија во чест на Св. Теодор Тирон и молитва за брачна слога, здравје и плодност.<br><br>- Осветување на колач и вино.<br><br>-Се народна веселба<br><br>-Документирање на афтентичната традиција, верата, обичаите и културата за идни генерации<br><br>-Логистика и организација | **МАРТ** | - Вкупно присутни граѓани: околу 1.000 лица (50 % жени и 50 % мажи)<br><br>- Организационен тим: 5 лица (3 жени, 2мажи)<br><br>-Број на учеснички 20 (5 снаи и 5 свекрви).<br><br>- 5 Жени активно вклучени во подготовка на настанот (носија, песни, организација)<br><br>- Народна веселба/ број на учесници во заедничко оро 150 лица (од кои 65% жени а 35 % мажи)<br><br>-Настанот придонесе за афирмација на женската улога во зачувувањето на културното наследство и зголемување на нивната видливост во јавниот и црковниот живот.<br><br>-Медиумски прилози: 2, со родово сензитивна содржина<br><br>-Фотографска и видео документација | **РЗР Патник – Крива Паланка** | 200.000 |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **4.Манифестација „Сусурига“** | - Дефиле на маскирани учесници ( локални, регионални и пошироко).<br><br>-Тематски музички и танцови настапи –музички групи , уметници од земјата и странство<br><br>- Документирање на афтентичната традиција, верата, обичаите и културата за идни генерации<br><br>- Логистика | **МАРТ** | -Вкупно присутни граѓани: околу 1000 лица (50 % жени и 50 % мажи)<br><br>- Вкупно учесници: околу 150 лица: -(локални: 90 (45 жени и 45 мажи)<br><br>- Регионални: 25 (40 % жени, 60% мажи)<br><br>-Интернационални: 20 (10 жени, 10 мажи)<br><br>-Фотографска и видео документација<br><br>-Организациски тим : 8 лица (4 жени, 4 мажи)<br><br>- Медиумски прилози: 2, со родово сензитивна содржина | Општина Крива Паланка<br><br>и Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 200.000 |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **5..Ден на шегата** | -Организација и логистика<br><br>- Првоаприлско дефиле<br><br>-Избор на најдобри маски<br><br>- доделување награди<br><br>- забавна програма | **1-ви АПРИЛ** | - Вкупно присутни граѓани: околу 1200 лица (50% жени 50% мажи)<br><br>- Вкупно учесници во маскенбалот и дефилето: околу 600 деца, од кои 45 % машки и 55 % женски)<br><br>-Организациски тим за дефилето: 20 лица (70% жени, 30% мажи)<br><br>-Родово балансирано жири од 6 члена ( 3 жени и 3 мажи).<br><br>-Доделени три награди<br><br>- Медиумски прилози: 2, со родово сензитивна | Општина Крива Паланка | 180.000 |


☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | содржина | | |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **6.Велигденска традиција**<br><br>Свечено одбележување на големиот христијански празник – Воскресение Христово (Велигден)<br><br>Место: ДВОР НА ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ | - Организација и одржување на свечен настан со пригодна културно-уметничка програма<br><br>-Избор на најцврсто велигденско јакце – симбол на сила, здравје и благосостојба.<br><br>-Избор на најубаво украсено велигденско јајце – симбол на креативност и уметнички израз<br><br>- Логистика | **АПРИЛ** | -- Вкупно присутни граѓани: околу 300 лица (50% жении 50% мажи).<br><br>- Вкупно учесници во манифестацијата : околу 45 лица ( деца и млади) од кои 45 % машки и 55 % женски)<br><br>- Родово балансирано жири од 6 члена ( 3 жени и 3 мажи).<br><br>--Организационен тим: 10 лица (5 жени, 5 мажи)<br><br>--Доделени две награди<br><br>- Медиумски прилози: 2, со родово сензитивна содржина | Општина Крива Паланка<br><br>ЛУ Градски Музеј | 10.000<br><br>Буџет на ЛУ Градски Музеј |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **6.1. Смотра на олдтајмери** | -Изготвување на план за реализација на настанот (термин, тек на програмата, логистика, безбедност).<br><br>-Дозволи и координација со општина, полиција и јавни служби за затворање на дел од улици и безбедно паркирање на возилата.<br><br>-Поставување на огради, сцена, озвучување и простор за изложба.<br><br>-Обезбедување на технички тим и волонтери за логистичка поддршка | **АПРИЛ** | -- Вкупно присутни граѓани: околу 300 лица (50% жени 50% мажи).<br><br>- Медиумски прилози: 2, со родово сензитивна содржина<br><br>- Настап на локални уметници во културно забавната програма ( 50 % жени и 50% мажи)<br><br>-Учесници во манифестацијата : околу 200 лица од кои 70 % мажи и 30 % жени) | **Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | 60.000 |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **7.Празник посветен на Свети Јоаким Крчовски и празникот „Свети Кирил и Методиј – Ден на просветата и културата“** | **-** Празниците имаат духовен, културен и образовен карактер и се одбележуваат од општината во партнерство со граѓаните, свештенството и образовните институциите на Крива Паланка.<br><br>-**Свечена литургија** во манастирот „Свети Јоаким Осоговски“ и положување цвеќе и палење свеќи пред спомен-обележјето на светителот..<br><br>- Организација и одржување на **Свечена академија за** ликот и делото на просветителите - Свети Кирил и Методија | **23-т и 24-ти МАЈ** | - Вкупно присутни граѓани: околу 400 лица (50% жени и 50% мажи).<br><br>- Директни учесници во манифестацијата : околу 50 лица од кои 50 % мажи и 50 % жени). -Организационен тим<br><br>- Медиумски прилози: 4, со родово сензитивна содржина<br><br>- Празниците ја истакнуваат просветителската и духовната улога на Свети Јоаким Крчовски и Свети Кирил и Методи | Општина Крива Паланка<br><br>Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | 500.000 |


☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - Културно уметничка и музичка програма<br><br>- Избор и доделување награда за истакнат просветен работник за посебен придонес во образованието.<br><br>- Организација и логистика | | | | |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **8.Детски фестивал „Распеано Симитче“** | -Логистика и организација<br><br>-Фестивалска програма<br><br>-Промотивен материјал | **МАЈ** | -Околу 800 посетители на фестивалските изведби (60% жени, 40% мажи), граѓани од општината<br><br>-Подготвена и усвоена целосна фестивалска програма со родова застапеност/директни учесници околу 30 (изведувачи деца ) од кои 50 % девојчиња и 50% момчиња<br><br>- Организациски тим / да се обезбеди родов баланс во тимот.<br><br>- Обезбедена комплет функционална техничка инфраструктура | Здружение Центар за аудио визуелни уметности Кр. Паланка | 500.000 |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **9.Кривопаланечко културно лето 2026**<br><br>Место: активностите ќе се реализираат на различни локации на територија на градот и општината | -Културно уметничка музичка програма (концерти, изложби, литература, уметност: за сите генерации – од џез и поп-рок, преку фолклор до гастрономски и детски настани)<br><br>- Детски активности: жонглери и настани за најмладите, на отворена летна сцена<br><br>- Настапи на фолклорни ансамбли и културно-уметнички здруженија кои ја претставуваат традицијата на локално, регионално и пошироко ниво.<br><br>-Театарски претстави, ликовни и литературни настани и работилници.<br><br>-Фото и видео снимање на настаните<br>.<br><br>- Организација и логистика | **јуни, јули и август** | Околу 10.000 граѓани посетители на настаните (околу 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>- Директни учесници уметници во настаните – околу 50 од кои 50 % жени и 50% мажи<br><br>-- Медиумски прилози: 20, со родово сензитивна содржина<br><br>- Создаден документарен аудио и видео материјал<br><br>--Организационен тим:10 лица (5 жени, 5 мажи). | Општина Крива Паланка<br><br>НУ Центар за култура , Крива Паланка | 1.000.000 |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | Задача / проект | Активности | Временски период | Резултати / родови индикатори | Носител на активноста | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **10. Меѓународен фолклорен фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ – 21. издание** | - Настан со учество на културно-уметнички друштва од општината, државата и странство.<br>--Презентација на традиционални ора, песни, обичаи и костуми од различни култури. –<br>Дефиле на учесниците и целовечерни фолклорни концерти<br>-Организација и логистика | **20 до 30 август** | -Околу 2500 посетители на културните настани (50% жени, 50% мажи), граѓани од општината и туристи од регионот<br><br>-Директни учесници (фолклорни ансамбли, солисти, музичари, придружни групи и сл.)<br><br>---Организационен тим и волонтери ***(координација, логистика, медиумска поддршка, техничка поддршка и сл.)***: 25 лица (од кои околу 50% жени и 50 %мажи).<br><br>-- Медиумски прилози:6, со родово сензитивна содржина<br><br>- Креиран документарен и промотивен (фотографски, аудио и видео ) материјал. | Општина Крива Паланка<br><br>НУ Центар за култура , Крива Паланка | 650.000 |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **11.Фестивал на занаети, ракотворби и храна – ,,Шопско село“** | Изложба и дегустација на локални и регионални производи: -Презентација на традиционални јадења, слатки, сирење, мед, вино и други локални производи.<br><br>**Кулинарски работилници** - Демонстрации на подготовка на традиционални јадења од локални готвачи. -Вклучување на посетителите во готвењето и учење на старински рецепти.<br><br>**Културно-забавна програма**<br><br>-Изведби на музичари и изведувачи. -Приказни и презентации за традицијата на општината и празникот Св. Јоаким Осоговски<br><br>-Промоција на локалниот туризам - соработка со медиуми и промоција на настанот<br><br>- Организација и логистика (координативни активности, набавка на опрема, штандови и друго) | **Август** | -Околу 1500 граѓани посетители на настанот (од кои околу 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>-Изложба и дегустација на локални и ргионални производи:<br><br>-Организирани **10** штанда со учество на локални и регионални производители, од кои половина жени.<br><br>-Промовирани **20** различни локални производи (традиционални јадења, сирење, мед, вино и сл.).<br><br>-Зголемена видливоста на жените-производителки во локалната економија.<br><br>**Кулинарски работилници**<br><br>-Одржани 3 интерактивни работилници со учество на **30** лица (минимум 50% жени**).**<br>-Демонстрирани **5** традиционални рецепти од страна на локални готвачи и готвачки.<br>-Подигната свест за родовата еднаквост во гастрономијата и зачувување на кулинарното наследство.<br><br>**Културно-забавна програма:**<br><br>-Настап на 5 изведувачи и 3 културно-уметнички друштва - 90 лица, со родов баланс во учесниците. - Промовирано културното и духовното наследство на општината и празникот Св. Јоаким Осоговски | ЛУ Градски музеј | Буџет на ЛУ Градски музеј |



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Промоција на локалниот туризам:**<br><br>-Спроведена медиумска кампања со минимум **5** објави во медиуми и на социјални мрежи (користен родово сензитивен јазик). - Зголемен интерес на домашни и странски туристи (најмалку +20%)<br><br>-Промовирана родова инклузивност во туристичката понуда и локалното претприемништво | | |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **12. Одбележување на патрониот празник на општината Св.Јоаким и организација музички концерти по повод патрониот празник на општината Св.Јоаким Осоговски** | Логистика и организација:<br><br>- Подготовка на локацијата на концертот -Организација на сцена, озвучување, осветлување и техничка поддршка. -Подготовка на технички план (распоред на бина, безбедносни зони). -Договор со фирми за изнајмување-обезбедување на професионална сцена (бина) опрема и тимови за монтажа. -Организација на обезбедување на учесници и публика (редари, полиција, здравствен и против пожарен тим). -Изработка на план за влез/излез на публика и контролни пунктови.<br><br>- Промотивни материјали | **27 - 30 август** | -Околу 50.000 посетители на културно забавниот концерт (50% жени, 50% мажи), граѓани од општината , државата, странство/ туристи од државата и странство (соседните држави).<br><br>-Директни учесници 20 лица (изведувачи, музичари, придружни вокали и слично)<br><br>- Креиран документарен и промотивен материјал .<br><br>--Медиумски прилози: 15, со родово сензитивна содржина вклучително и интервјуа на регионални и национални медиуми.<br><br>- Организационен тим и логистика. ***(координација, логистика, медиумска поддршка, техничка поддршка и сл.)***: 10 лица | Општина Крива Паланка<br><br>Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -Дизајн и печатење на постери, флаери, банери. -Креирање дигитални промоции (социјални мрежи, веб страница на општината, e-mail кампањи). - Подготовка на медиумски соопштенија - Организација на фото и видео снимање на концертот за понатамошна промоција. | | (од кои 50 % жени и 50 %мажи). | | 1.500.000 |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **13.Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“„** | -Логистика и организација<br><br>-Подготовка на програма со дневна агенда на фестивалот<br><br>-Прогласување на лауреат на фестивалот<br><br>-Обезбедување на опрема и техничка поддршка<br><br>-Реквизити и сценографија: координација за сценска поставеност со техничките лица на секој театар<br><br>-Набавка/ избор на претстави<br><br>-Потпишување на договори со театрите и изведувачите (хонорари, патни трошоци, сместување, | **20-ти до 30-ти септември** | -Околу 3200 посетители на фестивалските претстави (60% жени, 40% мажи), граѓани од општината<br><br>-Подготвена и усвоена целосна фестивалска програма со родова застапеност/директни учесници околу 50 (артисти, суфлери и сл.) од кои 50 % жени и 50% мажи.<br><br>- Потпишан Договор со НУ Центар за култура Крива Паланка за користење на салата (2 лица одговорни за реализација – 1 жена и 1 маж) .<br><br>-Обезбедена комплет функционална техничка инфраструктура.<br><br>- Промоција и маркетинг- зголемена видливост на фестивалот | Општина Крива Паланка<br><br>Здружение театарски фестивал и Општина Крива Паланка | 400.000 |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | технички услови).<br><br>-Промоција и маркетинг (дизајн и печатење плакати, флаери, фестивалска програма и сл.)<br><br>- Дизајн и изработка на плакети за 17-тото издание на фестивалот | | - Медиумски прилози: 10, со родово сензитивна содржина вклучително и интервјуа на регионални и национални медиуми. | | |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **14.Новогодишен базар / фестивал** | -Поставени дрвени куќички со ракотворби, новогодишни украси, сувенири, подароци<br><br>-Гастро-зона со традиционална и новогодишна храна (топли напитоци , колачи, печени костени)<br><br>-Промоција на локални производители и занаетчии<br><br>-„Фото агол со Дедо Мраз“ – пункт за фотографии<br><br>-Дневни и вечерни културно забавни манифестации за задоволување на вкусот на сите генерации<br><br>-Посета на Дедо Мраз<br><br>- Обезбедување на детски маскоти на ( кловнови, жонглери, дедо мраз и | **20 до 30**<br><br>**декември** | -Околу 6000 посетители на настаните од манифестацијата од кои (60% жени, 40% мажи), граѓани од општината, туристи од регионот, прекуграничниот регион и државата. | Општина Крива Паланка<br><br>**Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | 1.500.000 |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | др.) | | | | |
| **Буџетска програма и конто** | 2 | **ЦЕЛ:** Поттикнување на меѓународна соработка, културна размена и пријателство преку заеднички културни и забавни активности, како и свечено одбележување на празници и историски настани за јакнење на културниот и националниот идентитет, почитување на традицијата и активно учество на заедницата. | | | | |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **16. Свечено одбележување на Денот на Ромите** | -Организирање на свечен настан со културна програма, говори и промотивни активности.<br><br>-Организирање на свечена вечера со со културна програма, говори и промотивни активности со претставници на ромската заедница, институции, НВО и медиуми | **7-ми април** | -Зголемена свест за културниот идентитет и придонесот на Ромите кај пошириката јавност<br><br>-150 учесници присуствувале на свеченоста ( 40 % жени ромки, 50 % мажи роми и 10 % други)<br><br>- 40–50% жени Ромки застапени меѓу изведувачите и говорниците.<br><br>- 1 посебен сегмент од програмата посветен на улогата на жените Ромки<br>- 2 медиумски прилози/објави што промовираат позитивен имиџ на Ромите. | **Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | **100.000** |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **17.Трилатрална погранична средба Краиште** | **Свечено отворање на средбата**<br><br>**- организациски трошоци како домаќини на настанот (озвучување, кретеринг и сл.)**<br><br>-Пречек на делегациите од трите општини<br><br>-Интонирање на химните и подигање на државните знамиња на трите држави<br><br>- Обраќања на градоначалниците и претставници на организаторите од трите општини<br><br>-Настапи на културно-уметнички друштва од трите земји со изведби на традиционални ора, песни и музика.<br><br>-културно забавна програма | **12 јули** | -Околу 500 граѓани посетители на настанот (од кои околу 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>- **Директни учесници: -градоначалници, претставници на општините):** околу 60 лица (од кои околу 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>–фолклорни ансамбли 120 лица (од кои 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>-**Медиумски прилози:** 3 прилози со родово сензитивна содржина<br><br>- Организационен тим:10 лица (од кои околу 50 % мажи и 50 % жени). | Општина Крива Паланка | **200.000** |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **18.Илинден** | Свечено одбележување на празникот и полагање на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци, пред општината. (претставници од општината, институции, организации , здруженија на граѓани и др.). | **2 Август** | -Околу 100 граѓани учесници на настанот (од кои околу 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>-Оддадена почит на националните херои од Илинденското востание | Општина Крива Паланка<br><br>ЛУ Градски Музеј | **30.000** |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **19.„Свети Јоаким Осоговски“** посветен на закрилникот и заштитникот на градот | -Свечено одбележување на празникот и прием на официјални гости во кабинетот на градоначалникот,<br><br>-Логистика , храна и сместување за гостите | **28 и 29 август** | -- Број гости пријатели и соработници на општината од регионот, државата и од странство (од кои околу 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>- Посета на манастирот и оддадена почит на светецот и закрилник на Крива Паланка Св. Јоаким Осоговски | Општина<br><br>Крива Паланка | **50.000** |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | **20. 8 Септември** | Свечено одбележување на празникот и полагање на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци, пред општината. (претставници од општината, институции, организации , здруженија на граѓани и др.). | **8 Септември** | -Околу 100 граѓани - учесници на настанот (од кои околу 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>-Оддадена почит на националните херои кои се бореле за независна и суверена држава. | Општина<br><br>Крива Паланка<br><br>ЛУ Градски Музеј | **30.000** |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | Задача / проект | Активности | Временски период | Резултати / родови индикатори | Носител на активноста | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **21.**<br><br>**8 Октомври – Празник на градот** | -Свечено одбележување на празникот и полагање на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци, пред општината. (претставници од општината, институции, организации , здруженија на граѓани, гости од државата и странство – делегации од збратимени градови).<br><br>-Логистика и организација ( координација, пречек на гости, сместување и сл.)<br><br>- Подготовка и обезбедување на награди и признанија по повод 8 Октомври<br><br>- Свечена академија во НУ Центар за култура со доделување на награди и признанија за заслуги во развојот на општината и други свечености.<br><br>-Музички концерт<br><br>- Организација на шопска софра/ 6-та традиционална гастрономска манифестација - по повод празникот на градот. | **8**<br><br>**Октомври** | -Околу 200 лица – официјални гости на настанот (од кои околу 60% мажи и 40 % жени).<br><br>- Оддадена почит на националните херои кои се бореле за слободна Крива Паланка .- Организациски тим: 10 лица ( 60 % жени и 40 % мажи)<br><br>- Одржана свечена академија во НУ Центар за култура со доделување на награди и признанија за заслуги во развојот на општината..<br><br>- Одржана манифестацијата „Шопска софра“ /зачувување на локалното гастрономско богатство и автентичноста како потенцијал за развој на гастрономски туризам.<br><br>-Директни учесници на манифестацијата – вредни домаќинки и угостители 10 лица од кои ( 75% жени и 25% мажи) -Обезбедена целосна -логистичка и техничка поддршка – координација, пречек и сместување на гости, угостителски услуги и културно-забавна програма | Општина Крива Паланка<br><br>**Фондација „Со срце за Крива Паланка“** | 200.000<br><br>400.000 |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | Задача / проект | Активности | Временски период | Резултати / родови индикатори | Носител на активноста | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **22. 11 Октомври** | Свечено одбележување на празникот и полагање на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци, пред општината. ( претставници од општината, институции, организации , здруженија на граѓани). | **11-ти Октомври** | -Околу 100 граѓани - учесници на настанот (од кои околу 50 % мажи и 50 % жени).<br><br>-Оддадена почит на националните херои кои се бореле за независна и суверена држава. | Општина<br><br>Крива Паланка<br><br>ЛУ Градски Музеј | 30.000 |
| | 2 | **- Поддршка и развој на културното творештво преку стимулирање на локални уметници, културни установи, здруженија и млади креативци за активно учество во реализација на културни проекти и настани.** | | | | |
| | **Задача / проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / родови индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет** |
| | Поддршка на предлог идеи по Јавен повик на здруженија и поединци за поддршка на проекти од јавен интерес | - Финансиска поддршка на настани од годишни програми на субјекти од областа на културата<br><br>-Поддршка на локални уметници и културни активности | **јануари - декември** | - број на проекти од јавен интерес<br><br>- број на поддржани здруженија<br><br>- број на поддржани уметници и индивидуалци со активности од областа на културата | Установи од областа на културата,<br><br>здруженија на граѓани, и фондации регистрирани на територија на Општина Крива Паланка и физички лица со место на | 821.330 |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Подршка на здружение по одлука на совет | | | | живеење на територија на Општина Крива Паланка | 800.000 |
| | | - Обезбедување на целокупна логистичка, техничка и безбедносна опрема за промоција, видливост и сигурност во имплементација на културните активности на територија на општина Крива Паланка | | | | 5.460.000 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15.571.330** |

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Паланка во**

**областа на културата и културните манифестации за 2026 година**

1.Се објавува, **Програма за активностите на Општина Крива Паланка вообласта на културата и културните манифестации за 2026 година**што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/16**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 11 став (1) алинеја 7 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 14 став (1) точка 10 од („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2026 ГОДИНА

## ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## В О В Е Д

Оваа програма ги уредува подрачјата на социјалната, детската и здраствената заштита со цел подобрување на квалитетот на живот и овозможување на независен и самостоен живот на граѓаните од социјален ризик во Општина Крива Паланка. Оваа прррограма дополнително ги идентифукува потреби на населението на Општина Крива Паланка во три области и дава преглед на мерките и активностите за надминување на истите.

Програмата за социјалната, детската и здравствената заштита на Општина Крива Паланка дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната, детската и здравствената заштита на граѓаните, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните.


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплементација на обврските кои произлегуваат од меѓународните ратификувани документи, националните и локалните документи во овие области.

Оваа програма  е составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за заштита и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица,  децата на улица, ромите, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид, кој што може да има последици врз нивната благосостојба, земајќи ја во предвид и возрасната и родовата димензија кај секоја од овие групи.

Програмата за социјалната, детската и здраствената заштита на Општина Крива Паланка произлегува и од страна на Советот за социјална заштита кој е регулиран со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите на истиот, кој што ја пропишува обврската за социјално планирање пред органите на регионалната и локалната самоуправа.

Основните насоки за развој на социјалната заштита, детската и здраствената заштита  се Законот за локална самоуправа, Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејство, Закон за еднакви можности на жените и мажите, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Уставот на РСМ каде се потенцира дека РСМ е социјална држава, Националната програма за развој на социјалната заштита, Стратегијата за деинституционализација, Конвенцијата на правата лицата попреченост, Конвенцијата за правата на деца, Меѓународните универзални декларации за човекови права, Конвенцијата за елиминирање на дискриминацијата, Националанта стратегија за семејно насилство, Страегија за домување, Социјален план на Општина Крива Паланка 2025-2031 година, Одлуките  донесени од страна на Советот на Општина Крива Паланка  и други подзаконски акти со кои се регулира социјалната заштита.

За реализирање на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година на Општина Крива Паланка, ЕЛС предвидува соработка со различни чинители на национално, регионално, локално и меѓународно ниво.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

ГЛАВНА ЦЕЛ

Главна цел на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита се:

Општа цел на програмата е:

Унапредување на социјалната сигурност, инклузивност и квалитетот на живот на граѓаните преку развој на интегриран систем на социјална, детска и здравствена заштита, кој обезбедува еднакви можности, заштита на човековите права и поддршка за лицата и семејствата во социјален ризик.

Со оглед на идентификуваните подрачја на делувања согласно член 141 од ЗСЗ, оваа програма има поставено четири специфични цели:

Цел 1: Зголемување на социјалната заштита и сигурност на лицата во социјален ризик

- Вклучува подобрување на условите за живот, пристапот до социјални услуги, поддршка за ранливите категории и намалување на економската и социјалната ранливост.

Цел 2: Превенција и заштита на децата од социјален ризик

- Обезбедување на поддршка за семејства, ранливо дете, деца без родителска грижа и деца со попреченост, со цел нивна инклузија, безбедност и квалитетно воспитно-образовно опкружување.

Цел 3: Обезбедување пристапна, квалитетна и достапна здравствена заштита за населението во социјален ризик

- Поддршка за стари лица, лица со попреченост, деца и семејства од ранливи категории, преку здравствени услуги, лекување и превентивни програми.

Цел 4: Заштита и унапредување на човековите права, еднаквост и недискриминација


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

- Промоција на правата на ранливите групи, родова еднаквост, спречување на дискриминација и поддршка за активно граѓанско учество во локалната заедница.

Согласно поставените цели се идентификувани потцели  и серија на активности кои треба да водат кон остварување на поставените цели.

**Активностите во Општина Крива Паланка ќе се реализираат во три области:**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **ОБЛАСТ 1** | **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** |
| **2** | **ОБЛАСТ 2** | **ДЕТСКА ЗАШТИТА** |
| **3** | **ОБЛАСТ 3** | **ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА** |


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

ЦЕЛНИ ГРУПИ СПОРЕД ОБЛАСТИ

**1.СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Програмата за социјална заштита ја опфаќа групата на лица кои се изложени на различни форми на социјален ризик и ранливост, со цел да им се овозможи подобар квалитет на живот, социјална инклузија и поддршка за самостојно живеење. Целната група вклучува:

- Лица кои се социјално загрозени или бездомни, со цел обезбедување на основни животни потреби и социјална поддршка.

-Лица кои примаат помош од ЈУ МЦСР и се неспособни за работа или им е одземена работната способност.;

- Стари и изнемоштени лица без семејна грижа, кои имаат потреба од поддршка во домот;

- Самохрани родители и родителки кои имаат ограничени ресурси за грижа на своите деца;

-Лица со интелектуална, телесна или друг вид на попреченост, вклучително и штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост и лица згрижени во згрижувачки семејства.

-Лица жртви на семејно насилство.

-Невработени лица кои се евидентирани во Центарот за вработување во Крива Паланка.

- Лица корисници на права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.

-Згрижувачки семејства.


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

- Стари лица со активно стареење.

- Потенцијални корисници на идни услуги за сместување во Дом за стари лица, доколку се обезбедат средства за негово формирање, кои би имале потреба од социјална и здравствена поддршка.

## 2. ДЕТСКА ЗАШТИТА

Во областа детска заштита програмата се фокусира на обезбедување поддршка, заштита и услови за здрав раст и развој на децата кои се изложени на социјален ризик. Целната група во оваа област вклучува:

- Деца со воспитно-социјални проблеми, кои имаат потреба од дополнителна поддршка за социјална и едукативна интеграција.

- Деца без родители или родителска грижа, кои се згрижени во институционални или згрижувачки семејства.

- Деца на улица  кои имаат потреба од безбедност и социјална грижа.

- Деца на самохрани родители/ки, кои се соочуваат со економска и социјална ранливост.

- Деца со интелектуална или телесна попреченост, вклучително и деца интегрирани во редовниот образовен процес.

- Деца од социјално загрозени семејства, кои имаат потреба од финансиска и едукативна поддршка.

- Деца вклучени во предучилишно воспитно-образовно образование, вклучително и деца со попреченост во предучилишни установи.

- Новороденчиња, за кои се обезбедува поддршка преку еднократна помош.

## 3.ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА

Областа здравствена заштита има за цел обезбедување на достапна, квалитетна и навремена здравствена грижа за сите категории граѓани, со посебен фокус на ранливите и социјално загрозените групи на население.


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Во рамките на оваа област се опфатени следните категории:

- Возрасни граѓани над 62 години (жени) и над 64 години (мажи), како приоритетна група за превентивна здравствена заштита и социјална поддршка.

- Деца на самохрани родители/ки, кои имаат потреба од дополнителна здравствена грижа и поддршка во обезбедувањето на основни услуги.

- Деца од социјално загрозени семејства, со цел обезбедување на здрави услови за раст и развој.

- Деца кои ја посетуваат предучилишната воспитно-образовна установа, со акцент на превентивната здравствена заштита и континуираниот здравствен надзор.

- Ученици во основното и средното образование.

***Област Социјална заштита**

**Приоритетна цел 1**

**Унапредување на социјалната заштита и сигурност на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка.**

**АКТИВНОСТИ**

Активности во програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година во Општина Крива Паланка се поделени во областите во кој ќе се делува, а ќе бидат обезбедени одредени права, правно парични надоместоци и права предвидени со оваа програма.

1.Активност во социјалната заштита:


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

1. Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица.

2 Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на штитениците од Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.

3.Обезбедување на потребни реквизити за социјална услуга – помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица со цел подобрување на квалитетот на нивниот живот.

4. Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попреченост, вклучувајќи лица со пречки во менталниот и телесниот развој, аутизам, лица со целосна слепост и лица со целосна глувост.

5. Обезбедување можност за Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.

6 Доделување ваучери за купување гардероба за деца и лица згрижени во згрижувачки семејства и корисници на услугите на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, врз основа на поднесено барање од семејството.

7. Поддршка на работата на Дневниот центар за стари лица со активно стареење, преку организирање на едукативни, културни и рекреативни активности насочени кон активно вклучување на лицата од оваа категорија.

8. Обезбедување институционална грижа за повозрасните лица, преку обезбедување на средства од надворешни извори на финансирање за проектот Дом за стари лица

9. Право на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедени лица кои се корисници на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош.

10. Услуга „ИТНО КОПЧЕ“ за стари лица – корисници на услугата „Помош и нега во домот “, со цел зголемување на нивната безбедност и брз пристап до помош во итни ситуации.

*Област Детска Заштита

**Приоритна цел 2**

**Обезбедување превенција и заштита на децата од социјален ризик во Општина Крива Паланка.**

**2. Активности во областа на детската заштита**

**1. Едократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства по основа на доставено барање од странката.**

2.**Поддршка на инклузијата на децата Роми** опфатени во ОЈУДГ„Детелинка“преку **ослободување од партиципација**, со цел поттикнување на еднаков пристап до предучилишно образование

3. **Обезбедување средства за еднократна парична помош за новороденчиња**, запишани со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка.

4. **Обезбедување финансиска поддршка за летување на деца** , со цел нивна социјализација и рекреација.

5. **Обезбедување средства за новогодишни пакетчиња за деца.**

***Област на здраствена заштита**

**Приоритет 3**

**Обезбедување пристапна и достапна здравствена заштита на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка.**

**3.Активности во областа на здраствена заштита**

1. Еднократна парична помош на деца  кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување по основ на доставено барање.

2. **Проект за формирање и опремување на Сензорна соба** – развој и опремување на сензорна соба наменета за деца со специфични потреби, како аутизам и Даунов синдром, со цел подобрување на нивниот развој, учење и инклузија.

3. Центар за дневен престој на лица со попреченост со вклучен индивидуален третман и Услугата индивидуален третман (Аплицирање во Светска Банка за грант преку Министерството за социјална политика, демографија и малди).

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Средствата потребни за реализација на Програмата за социјална, здраствена и детска заштита за 2026 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Крива Паланка, грантови  добиени од Светска Банка преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, организации, амбасади, заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка се грижи за обезбедување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита.


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Општина Крива Паланка преку Одделението за јавни дејности ќе го следи спроведувањето на програмата, ќе покренува иницијативи, дава мислења и дава предлози во врска со остварување на предвидените активности.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година не е конечна и истата може да се надополнува тековно согласно новонастаната состојба.

Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година во принцип е родово сензитивна затоа што буџетската алокација на средства во трите области (социјалната, детската и здравствената заштита) е во директна корелација со најранливите категории на граѓани и граѓанки во заедницата и нивните потреби и приоритети.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Бр.09-6407/17

09.12.2025 година

Крива Паланка

Советот на Општина Крива Паланка

Претседател

Миле Трајковски с.р



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за Социјална, детска и здраствена заштита за 2026 година

## на Општина Крива Паланка

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ:Зголемување на социјалната заштита и сигурност на лицата во социјален ризик | | |
|---|---|---|---|---|
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индик |
| **471160**<br><br>**Е0** | Обезбедување на финансиска и Поддршка за лицата во социјален ризик | 1. Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката. | Во текот на годината | -Број на доделена парична помош раздел лица во социјал разделени по пол за 20 |
| **464990**<br><br>**Г1** | | 2.Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост на штитениците од Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост:<br><br>- Еднодневна екскурзија на лицата корисници на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост. | 3-ти Декември 2026 | - Број на лица кои би екскуризија разделени |
| **423810**<br><br>**Е0** | | 3. Обезбедување на потребни реквизити за социјална услуга – помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица со цел подобрување на квалитетот на нивниот живот.<br><br>(Набавка на потребни апарати, реквизити за потребите на негователите и корисниците). | Во текот на годината | -Број на корисници социјална услуга-грижа домот. |
| **471410**<br><br>**Е0** | | 4. Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попреченост, вклучувајќи лица со пречки во менталниот и телесниот развој, аутизам, лица со целосна слепост и лица со целосна глувост. | Во текот на годината | -Број на доделена парична помош за попреченост, вид и попреченост разделен 2026г. |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 425990 Г1 | | 5. Обезбедување можност за Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица | Во текот на годината | -Број на лица вкл активноста разделен возраст и место на жив |
| **464990** **Г1** | | 6. Доделување ваучери за купување гардероба за деца и лица згрижени во згрижувачки семејства и корисници на услугите на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, врз основа на поднесено барање од семејството. | Во текот на годината | - Број на доделени момчиња и девојчиња |
| **464990** **Г1** | | 7. Поддршка на работата на Дневниот центар за стари лица со активно стареење, преку организирање на едукативни, културни и рекреативни активности насочени кон активно вклучување на лицата од оваа категорија. | Во текот на годината | -Број на учесници, ра пол, здрастен статус одржани работилници. |
| | | 8. Обезбедување институционална грижа за повозрасните лица, преку обезбедување на средства од надворешни извори на финансирање за проектот Дом за стари лица | Во текот на годината | -Број на жени и мажи потреба од дом за стар |
| **471270** **Е0** | | 9. Право на додаток за домување на материјално и станбено необезбедени лица кои се корисници на право од социјална заштита односно гарантирана минимална помош. | Во текот на годината | -Број на жени и мажи на гарантирана минима кои имаат потр обезбедување на фи домување. |
| | | 10. Услуга „ИТНО КОПЧЕ“за стари лица – корисници на услугата „Помош и нега во домот“, со цел зголемување на нивната безбедност и брз пристап до помош во итни ситуации. | Во текот на годината | - Број на корисници н разделени по пол |
| | 2 | ЦЕЛ: Превенција и заштита на децата од социјален ризик | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| **471160** **Е0** | | 1.Еднократна парична помош на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства по основа на доставено барање од странката. | Во текот на годината. | -Број на доделена парична помош за социјален ризик разде на детето. |
| | | 2. Поддршка на инклузијата на децата Роми опфатени во ОЈУДГ „Детелинка“преку ослободување од партиципација, со цел поттикнување на | | -Број и пол на д корисници на услугите |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Обезбедување поддршка и мерки за инклузија на деца од социјално ранливи категории** | еднаков пристап до предучилишно образование. | Во текот на годината. | „Детелинка “ |
| **471230**<br><br>**Е0** | | 3. Еднократна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка (15.000 денари за секое новороденче) по основ на барање од страна на родителот. | Во текот на годината. | -Број на доделена новороденче за 2026 момчиња и девојчиња. |
| **464990**<br><br>**Г1** | | 4.Финансиска поддршка за летување на деца. | Јуни-Август<br><br>2026 | - Број на момчиња и кои добиле финансиск летување. |
| **426990**<br><br>**Г1** | | 5. Доделување на новогодишни пакетчиња за деца. | Декември 2026 | -Број на доделени но пакетчиња разделен детето. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **3** | ЦЕЛ: Обезбедување пристапна, квалитетна и достапна здравствена заштита за населението во соц ризик во општина Крива Паланка | | |
| | **Задача/проект**<br><br>**Обезбедување пристапна и достапна здравствена заштита на населението од социјален ризик во општина Крива Паланка.** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индика** |
| **471160**<br><br>**Е0** | | 1. Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување по основ на доставено барање. | Во текот на годината | Подобрување на квали живеење.<br><br>Број на доделена парич според видот на болеста лицето кое се лек |
| | | 2. Проект за формирање и опремување на Сензорна соба – развој и опремување на сензорна соба наменета за деца со специфични потреби, како аутизам и Даунов синдром, со цел подобрување на нивниот развој, учење и инклузија. | Во текот на годината | Подобрување на условит за децата од наведените |
| | | 3. Центар за дневен престој на лица со попреченост со вклучен индивидуален третман и Услугата индивидуален третман (Аплицирање во Светска Банка за грант преку Министерството за социјална политика, демографија и малди). | Во текот на годината | Број на жени и мажи к користат услугата инди третман. |
| | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за социјална,детска и здравствена заштита за 2026 година во Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за социјална,детска и здравствена заштита за 2026 година во Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 –6407/18**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 14 став 1 точка 39 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе:**

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2026 година**

**I. Развојни приоритети и цели**

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност со националните ИКТ стратегии и Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022-2027 и претставува продолжување на политиката на Општината во делот на ИКТ од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигнувања во насока на ефикасна, лесно достапна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните, граѓанките и бизнисите.

Целта на програмата е да се овозможи ефикасно и транспарентно работењето на администрацијата, да се подобри квалитетот и достапноста на услугите, а вооедно да се намалат трошоците со оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии.

**II. Проектни активности**

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022-2027.

**III. Подобрување на информатичко –комуникациската инфраструктура**

Општина Крива Паланка ги следи сите новини и измени во делот на примената на ИКТ во работењето на општинската администрација. Во наредниот период се планира набавка на нов хардвер согласно потребите на Општината и замена на постојниот кој е стар и дотраен. Согласно потребите ќе се изврши надоградба и набавка на нови апликативни решенија за непречено одвивање на административните процеси во Општината и испорака на квалитетни услуги за граѓаните.

**IV. Одржување на апликации и хостирање**

Општина Крива Паланка во своето работење користи апликации од трети лица, како и услуги за хостирање, за чие непречено функционирање е предвидено тековно одржување во 2026 година.

**V.Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура**

Општина Крива Паланка располага со сервери, десктоп компјутери, преносни компјутери, мултифункциски уреди, принтери и мрежна инфраструктура за кои е предвидено тековно одржување за овозможување на непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ.


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**АКЦИСКИ ПЛАН**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **Подобрување на информатичко-комуникациската инфраструктура** | | |
| АКТИВНОСТИ | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА** |
| 1.1 Набавка/изнајмување на хардвер, софтвер и лиценци | Континуирано 2026 | -Модернизирање на хардверската и софтверската инфраструктура<br>-Испорака на квалитетни услуги за граѓаните и граѓанките | Одделение з градоначални јавноста и и техно |
| 2 | **Одржување на апликации и хостирање** | | |
| АКТИВНОСТИ | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | |
| 2.1 Одржување на апликации од трети лица, хостирање, домен (marnet / edusoft / aspect / mbs…) | Континуирано 2026 | -Непречено одвивање на административните процеси во Општината | гр одн |
| 3 | **Тековно одржување и надградба на хардвер и софтвер и мрежна инфраструктура** | | |
| АКТИВНОСТИ | **ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД** | **РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ Н** |
| 3.1 Тековно одржување и надградба на хардвер, софтвер и мрежна инфраструктура | Континуирано 2026 | -Непречено функционирање на службите чие работење е поврзано со користење на ИКТ | Одделение градоначал јавноста и тех |
| | | | **ВКУП** |

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.09-6407/19**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациска технологија за 2026 година**

1.Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациска технологија за 2026 година,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/20**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и член 14 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на3 –та седница одржана на ден 09.12.2025 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Крива Паланка за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 година**

Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва, општински противпожарен сојуз ,секциите во училиштата и млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес . Според законските одредби ,Општина Крива Паланка во 2026 година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување,

- Регионалниот центар за управување со кризи,

-Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани – екипи ,одделенија),

- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на Општина Крива Паланка,

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на Општина Крива Паланка со доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**1.ЦЕЛИ**

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди ,пожари во населените места ,во шуми,отворени простори,поплави,сообраќајни несреќи и др.
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето,животната средина,материјалните добра ,природните богатства,животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба ,
- Создаввање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,
- Обезбедување на навремено известување за опасноста,благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,
-Обезбедување на услови и можности за соодветна организација ,опременост и координираност на силите за заштита и спасување,справување со кризи и против пожарна заштита.

**2. АКТИВНОСТИ**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спасување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна,навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Крива Паланка преку оваа Програма за 2026 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита ,која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на Општина Крива Паланка и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето , превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината .

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето и активностите од областа на заштитата и спасување, превенција и справување со кризни појави дејствувањето Општинскиот противпожаран сојуз, доброволните противпожарни друштва и Секциите на млади пожарникари ,Територијалната протипожарна единица (со посебна програма) утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од :

-Средства од буџетот на Општина Крива Паланка и Републичкиот буџет,

-Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации, правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари,



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

доброволни противпожарно организирање и за друг вид на несреќи .

РАСПОРЕД НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на Општина Крива Паланка | 300.000,оо денари |
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | 10.000,оо денари |
| 3 | Приходи од други извори,донации ,проекти | 100.000,оо денари |
| 4 | ВКУПНО 1-3 | 410.000,оо денари |

Б) Противпожарна заштита ,доброволна противпожарна организација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина.

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици | 30.000,оо денари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација-Секција за млади пожарникари во сите училишта | 10.000,оо денари |
| 3 | Општински противпожарен сојуз-организирање на квиз натпревари | 15.000,оо денари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 30.000,оо денари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2.000,оо денари |
| 6 | Набавка на работни униформи за ДПД | 10.000,оо денари |
| 7 | За обука договорни услуги | 10.000,оо денари |
| 8 | Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности | 10.000,оо денари |
| 9 | Помош на изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно | 4.000,оо денари |
| 10 | Проектни активности-школа за млади пожарникари во соработка со ФЛОРИОН | 30.000,оо денари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 20.000,оо денари |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на | 20.000,оо денари |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | |
|---|---|---|
| | пожар и други видови на загрозувања и несреќи | |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 15.000,оо денари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општинара | 4.000.оо денари |
| 15 | Тактичко-показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и појави | 200.000,ооо денари |
| 16 | ВКУПНО 1-15 | 410.000,оо денари |
| | | |

**5 Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на општината**

- Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица, Општинскиот противпожарен сојуз, Доброволните противпожарни друштва, Секциите за млади пожарникари по училиштата во општина Крива Паланка освен со финансииски средства Советот на општина и градоначалникот на општината ќе помагаат и стимулираат со :
- Учество на градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и општинскиот противпожаррен сојуз поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Поддршка и учество во проектни и друг вид на активности.

**6. Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на Општина Крива Паланка и Одделението за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспектор за заштита од пожари,инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на Општина Крива Паланка ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности .

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средства се минорни во буџетот на општината а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елемнтарните и други несреќи, кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина .

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**Бр.09-6407/21**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Претседател на Советот**
**на Општина Крива Паланка**
**Миле Трајковски**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Планка за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 година**

1.Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Планка за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 година,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

**Бр. 08 –6407/22**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 49 и 51 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19), член 2 став 1 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на РепубликаСеверна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25), член 4 став 2 и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2026 година**

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи ги утврдува заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Крива Паланка во 2026 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку :

- Општинскиот штаб за заштита и спасување,
- Просторни сили за заштита и спасување,
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Крива Паланка,
- Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Крива Паланка.

**I. Цели**

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита.

**II. Активности**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Крива Паланка во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Крива Паланка. Создавање на услови за воспоставување, развој и зајакнување на доброволната противпожарна организација со подеднакво учество на жените и мажите во истата на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето на територијата на општината.

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Крива Паланка;
- Средства од Буџетот на РМ;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила (КАСКО) и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица.

**IV. Распоредување на финансиските средства**

Приходи за противпожарна заштита, заштита и спасување и управување со кризи:

**Приходи**

1. Наменска дотација ..........................................................................27.000.000.00
2. Наплатени премии од каско осигурување...............................................500.000.00
3. Буџет на Општина Крива Паланка ………………………………………..1.500.000.00

**Вкупно** **29.000.000.00 денари**

**А.) Расходи за противпожарна заштита**:

1. Плати,наемнини и надоместоци за вработените…………………………27.000.000.00
2. Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт………………………820.000,00
3. Материјали и ситен инвентар.........................................................................15.000,00
4. Поправки и тековно одржување…………………………………………………365.000,00
5. Договрни услуги (осигурување на вработени и возила)...............................80.000,00


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

6. други трансфери………………………………………………………………..….300.000,00
**Вкупно: 28.580.000,00 денари**

**Б). Расходи за заштита и спасување:**
1. Трансфер на средства ……………………………………………………….50.000,00
2. Набавка на опрема и средства...............................................................200.000,00
**Вкупно: 250.000,00 денари**

**В). Расходи за управување со кризи:**
1. Трансфер на средства ………………………………………………………50.000,00
2. Набавка на опрема и средства ……………………………………………...200.000,00
**Вкупно: 250.000,00денари**

**Вкупно расходи А, Б + В: 29.080.000,00 денари**

**V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ**

Активностите на Територијалната противпожарна единица – Крива Паланка, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Крива Паланка, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на Денот на пожарникарите;
- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ Крива Паланка по разни поводи и прослави;
- поддршка и учество во проектни активности.

**VI. Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Крива Паланка и вработените во Општина Крива Паланка.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, вработените во одделенијата и територијалната противпожарна единица при Општина Крива Паланка, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.09-6407/23**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Претседател**
**Советот на Општина Крива Паланка**
**Миле Трајковски**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето,противпожарна заштита и управување со кризи во 2026 година**

1.Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето,противпожарна заштита и управување со кризи во 2026 година ,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/24**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија "бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24 ), а во врска со член 28 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 14 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023 и 14/2023), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе:

## ПРОГРАМА

## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ТИМ БИЛДИНГ НА ВРАБОТЕНИТЕ И СОВЕТНИЦИТЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување и тим билдинг на вработените и советниците за 2026 година ги утврдува заедничките интереси и активности на општината во оваа област. Општина Крива Паланка во 2026 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку:

**XII.** Градоначалникот на Општина Крива Паланка;
**XIII.** Советот на Општина Крива Паланка( Претседател и членови на совет);
**XIV.** Секретарот на Општина Крива Паланка;
**XV.** Одделението за човечки ресурси;
**XVI.** Вработените во Општина Крива Паланка (административни службеници, помошно технички лица и овластени службеница од областа на безбедноста – пожарникари).

Организациски капацитети се критериуми кои се однесуваат на човечките капацитети, нивната искористеност, распределба, професионална надградба, мотивираност. Овие критериуми се неразделно поврзани со стратешка усогласеност што претставува критериум кој се однесува на ефективно и ефикасно испорачување на политиките и услугите, како и со критериумот извршување на работни задачи за остварување резултати кој дава јасна слика за институцијата во однос на надлежностите, целите, приоритетите и очекуваните резултати.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Согласно на Законските одредби е предвидено:

- На ниво на институција надлежни за управување со човечките ресурси се: раководното лице (на ниво на единица на локална самоуправа Градоначалникот), Советот (претседател и членови на совет), Секретарот и организационите единици за управување со човечки ресурси (одделението за човечки ресурси при општина Крива Паланка).
- Градоначалникот на Општина Крива Паланка согласно на законот за административни службеници обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, донесува и предлага акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во институцијата и други акти на институцијата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, предлага годишни планови за вработување на административни службеници, како и решава за правата од работен однос на административните службеници во институцијата.
- Секретарот на Општина Крива Паланка раководи со административните службеници, дава упатства на раководните и другите службеници и вработени во институцијата, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси, како и решава за правата, обврските и одговорностите на административните службеници на начин и во постапки утврдени со законот за административни службеници.
- Оделението за човечки ресурси, обезбедува ефикасна примена на законите, прописите, правилата и постапките за управување со човечките ресурси во институцијата, учествува во постапките на вработување, унапредување и мобилност на административни службеници и други вработени во институцијата, ги организира и координира стручното усовршување и управувањето со учинокот на административните службеници и другите вработени во институцијата, како и врши други работи во врска со човечките ресурси во институцијата.
- Советот на Општина Крива Паланка согласно на законот за вработените во јавниот сектор е орган надлежен за донесување на буџетот на институцијата, а врз основа на тоа и за донесување на Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, како и одлука за  давање на согласности на Годишните планови за вработување на општината и други надлежности согласно на позитивните законски прописи.
- Вработените во јавниот сектор имаат право на континуирано стручно усовршување за што институциите носат соодветни програми.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**Структурни податоци за вработените во Општина Крива Паланка – Октомври 2025**

Структура на вработените според групи

- Административни службеници 56
- Помошно технички лица
  7
- Овластени службеници од областа на безбедноста- пожарникари 17




Структура на вработените според пол

- Жени 30
- Мажи 50


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка




Структура на вработените раководни/нераководни

- Раководни и Командир на ТППЕ 12
- Нераководни 68




Структура на вработените според образование (при засновање на работен однос)

- Високо 43
- Вишо /

- Средно 37
- Основно /




Работни места на административни службеници жени / мажи





☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**Работни места на помошно технички лица**




**Работни места на пожарникари**




## I. Цели:

Целта за донесување на оваа програма е да се обезбеди стручно усовршување и тим билдинг со воспоставување на функционален систем за управувањето со човечки ресурси кој осигурува дека организацијата има луѓе што и се потребни, кога и се потребни и дека тие се добро квалификувани и мотивирани добро да ја вршат својата работа на ниво на Општина Крива Паланка.

## II. Активности:

За реализација и остварување на целите на оваа програма, активностите на Градоначалникот, Советот, Секретарот, Раководителите, Одделението за човечки ресурси и вработените во општината ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, брза и во законски рамки реализирана активност. Општина Крива Паланка во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди услови потребни за квалитетна и стручно спроведена програма со подеднакво учество на жените и мажите во истата.

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување и тим билдинг на вработените и советниците за 2026 година ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Крива Паланка;
- Донации и спонзорства.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

## IV. Листа на области за стручно усовршување:

| Р.бр | Област за стручно усовршување | Начин на спроведување | Целна група | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Локална самоуправа и поврзани области** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Градоначалник,<br><br>Претседател на совет, Советници, Административни службеници, инспектори, помошно технички лица, Овластени службеници од областа на безбедноста пожарникари | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| 2. | **Локален економски развој;**<br><br>**- Планирање,**<br><br>**- Утврдување на развојните и структурните приоритети;**<br><br>**- Локална економска политика;**<br><br>**- Поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото;**<br><br>**- Воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции;**<br><br>**- Промовирање на партнерство**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| 3. | **Финансиски менаџмент,**<br><br>**- Сметководство и плаќања,**<br><br>**- Буџет**<br><br>**- буџетска координација,**<br><br>**- буџетска контрола,**<br><br>**- Други специјалности од** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **областа** | | | |
| **4.** | **Даноци, такси и други надоместоци,**<br><br>**- Постапки,**<br><br>**- Акти,**<br><br>**- Присилна наплата,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **5.** | **Правни области и општи работи**<br><br>**- Управни, судски постапки,**<br><br>**- Застапувања, - Облигациони односи,**<br><br>**- Јавни набавки**<br><br>**- Канцелариско и архивско работење**<br><br>**-општи работи за достава на акти, одржување на хигиена, простории и возила и друго**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни<br><br>помошно технички лица | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **6.** | **Јавни дејности,**<br><br>**- Образование,**<br><br>**- Спорт,**<br><br>**- Култура,**<br><br>**- Социјална заштита,**<br><br>**- Заштита на децата,**<br><br>**- Здравствена заштита,**<br><br>**- Управување со квалитет,**<br><br>**- Еднакви можности,**<br><br>**- Слободен пристап до информации од јавен** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **карактер**<br><br>**- Други специјалности од областа** | | | |
| **7.** | **- Протокол,**<br><br>**- Односи со јавност,**<br><br>**- Транспарентност,**<br><br>**- Отчетност**<br><br>**- Информатичка технологија**<br><br>**(ИТ инфраструктура, софтвери, ИТ безбедност и слично)**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **8.** | **Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање,**<br><br>**- Одобренија за градба,**<br><br>**- Урбана опрема,**<br><br>**- Уредувањето на просторот,**<br><br>**- Уредувањето на градежното земјиште;**<br><br>**- Заштитата на животната средина и природата**<br><br>**- Располагање со градежно земјиште**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **9.** | **Комуналните дејности**<br><br>**- Постапки,**<br><br>**- Акти,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |


☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | лица од соодветната област | | |
| **10.** | **Инспекциски надзор**<br><br>**- Постапки,**<br><br>**- Акти,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Раководни инспекциски службеници од категорија Б<br><br>Инспекциски службеници од категорија В | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **11.** | **Човечки ресурси,**<br><br>**- Регрутација и селекција,**<br><br>**- Управување со ефектот,**<br><br>**- Обуки,**<br><br>**- Мотивирање,**<br><br>**- Оценување,**<br><br>**-Мрежа на човечки ресурси,**<br><br>**- Заштита на лични податоци,**<br><br>**- Систем на интегритет,**<br><br>**- Систем на ДКСК,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **12.** | **Внатрешна ревизија**<br><br>**- Новини и предизвици,**<br><br>**- Усогласување со меѓународните стандарди за вршење на внатрешна ревизија,**<br><br>- **Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |
| **13.** | **Заштита и спасување на граѓаните и материјалните** | Физичко присуство на специјализирани обуки, | Административни службеници | Буџет на Општина Крива Паланка / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **добра**<br><br>**- Постапки,**<br><br>**- Акти,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | **категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни<br><br>Овластени службеници од областа на безбедноста пожарникари<br><br>Високо раководни категорија А, раководни категорија Б, професионални пожарникари спасители категорија В | Донации |
| **14.** | **Противпожарна заштита**<br><br>**- Постапки,**<br><br>**- Акти,**<br><br>**- Други специјалности од областа** | Физичко присуство на специјализирани обуки, семинари, работилници и слично од соодветната област / електронски преку интернет платформи<br><br>од стручни правни и физички лица од соодветната област | Административни службеници<br><br>**категорија Б –** раководни, **категорија В** - стручни и<br><br>- **категорија Г -** помошно-стручни<br><br>Овластени службеници од областа на безбедноста пожарникари<br><br>Високо раководни категорија А, раководни категорија Б, професионални пожарникари спасители категорија В | Буџет на Општина Крива Паланка / Донации |

## Реализација на стручно усовршување на вработените во 2026 година

### Форми

Стручно усовршување на вработените во 2026 година ќе се реализира преку следните форми на учење и стекнување нови знаења и вештини: семинари, работилници, студиски посети, обуки на самото работно место, курсеви, учење на далечина, конференции, on line учење и слично.

### Спроведување на обуката

Процесот на стручно усовршување на вработените во 2026 година, ќе се спроведе од страна на субјекти - стручни правни и физички лица од соодветната област (обучувачи, домашни и странски институции и организации, правни лица од приватниот сектор, здруженија на граѓани, странска експертска мисија и слично). Обуките наниво на општина можат да бидат спроведени и од страна на самите организациони единици со потесна специјалност во областа на надлежност на општината.

**Евиденција**

Ќе се врши следење на извршувањето на програмата за стручно усовршување на вработените во 2026 година, при што ќе се врши евиденција на вработените кои ќе бидат на стручно усовршување, евиденција на реализираните стручни обуки, теми и евиденција на организаторите на тие стручни усовршувања. Секој од лицата кои присуствуваат на стручно усовршување ќе бидат во обврска да ги достават добиените сертификати и слични потврди за посета и успешно реализирана обука кои ќе се чуваат во персоналните досиеја на конкретниот вработен.

**Споделување на стекнатото знаење**

Стекнатите знаења и вештини при процесот на стручно усовршување, вработените ќе ги споделуваат/разменуваат меѓусебно преку разни форми на работа неделни, месечни, годишни состаноци, седници, колегиуми, тимско учење, работни активности од повеќе организациони облици одделенија сектори и слично.

## V. ТИМ БИЛДИНГ

Градењето на тимски дух и создавање и унапредување на позитивно работно опкружување е многу важен импут за резултатите кои се добиваат од работата на вработените. Во 2026 година ќе се поттикнува и развива тимскиот дух кај вработените и ќе се вложува во позитивна работна средина со цел да се постигнат подобри резултати од тимските активности и заедничкото одлучување.

**Организирање тим билдинг во 2026 година**

Тим билдингот преставува збир на различни видови на активности кои се користат за зајакнување на односите и дефинирање на улогите во рамките на работните тимови. Во таа насока, во 2026 година ќе се организираат тимски обуки дизајнирани за подобрување на ефикасноста на тимот во институцијата, наместо јакнење на интерперсоналните односи.

Општината во 2026 година ќе организира тим билдинг настани со цел:

- Развој на тимска работа и јакнење на перформансите на тимот

Подобрување на испораката на услугите кон граѓаните и подобрување на перформанисте на тимот преку јакнење на ставот „ние“ наместо „јас“ и споделување на слични верувања, вредности и ставови.


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Ќе се учи и надоградува знаењето што значи тимска одговорност, тимот ќе се залага за завршување на доделените задачи и помагање на другите во исполнување на зададените рокови. Подобрување и зголемување на степенот за заинтересираност за работата, кординација со другите членови на тимот и споделување информации и ставање на фокус на решавање на проблемите, а не да се префрла и утврдува одговорност кај другите.

- Воспоставување и зајакнување на комуникација на тимот

Добрата комуникацијата помеѓу вработените има две дополнителни функции: да делегира информации до вработените кои се потребни за завршување на задачите и да гради цврсти врски помеѓу нив. Затоа ќе се гради позитивна работна атмосфера во која ќе има и добра комуникација помеѓу вработените.

**Табела за програмски активности и финансирање:**

| **Р.бр** | **Програма/активност** | **Спроведувач** | **Временска рамка** | **Извор на финансирање** | **Планирани финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Неделни состаноци** | На ниво на одделение | Континуирано (најмалку 2 пати месечно) | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| **2.** | **Месечни/квартални состаноци/седници** | На ниво на ЕЛС/ сектор/ одделение | Континуирано | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| **3.** | **Годишни состаноци** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>Раководители<br>Вработени | Континуирано (најмалку 2 пати годишно) | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| **4.** | **Колегиуми** | Градоначалник<br>Секретар<br>Раководители<br>Вработени<br>Други поканети лица | Континуирано | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **Обезбедување можности за професионален развој преку учество на специјализирани обуки, семинари, работилници во земјата и странство** | Градоначалник, Совет,<br>Секретар<br>Раководители<br>Вработени | Во тековната календарска година | Буџет на Општина Крива Паланка | 170.000,оо денари |
| 6. | **Планирање и реализација на специјализирани обуки на раководниот кадар за зголемување на вештините за менаџирање и раководење** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>Раководители | Во тековната календарска година | Буџет на Општина Крива Паланка | 50.000,оо денари |
| 7. | **Создавање на услови за давање на предлози за подобрување и унапредување на работатата** | Градоначалник Совет,<br>Секретар,<br>О.Ч.Р,<br>Раководители<br>Вработени | Континуирано во текот на целата година | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| 8. | **Поттикнување на учество во тимска работа** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители<br>Вработени | Континуирано во текот на целата година | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| 9. | **Тим билдинг** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители<br>Вработени | Во тековната календарска година | Буџет на Општина Крива Паланка | 250.000,оо денари |
| 10. | **Воспоставување на фер систем и доделување на награди и признанија на вработени и тимови за успешно и** | Градоначалник<br>Совет | Во тековната календарска година | Буџет на Општина Крива Паланка | 30.000,оо денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **квалитетно извршени работи** | Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители<br>Вработени | | | |
| **11.** | **Седници на Советот**<br>**Седници на привремени и постојани комисии при советот на општина Крива Паланка** | Совет Градоначалник<br>Секретар<br>Раководители<br>Други поканети лица | Континуирано во текот на целата година по закажани седници | Буџет на Општина Крива Паланка | Без финансиски импликации |
| **12.** | **Обезбедување на авионски билети за учество на специјализирани обуки и тим билдинг во странство** | Градоначалник<br>Совет<br>Секретар<br>О.Ч.Р<br>Раководители<br>Вработени | Во тековната календарска година | Во тековната календарска година | 300,000,оо денари |
| | **Вкупно** | | | | 800.000,оо денари |

**VI. Завршни одредби:**

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот, Советот, Секретарот, Одделението за човечки ресурси, Раководителите и вработените во Општина Крива Паланка.

Сите надлежни субјекти ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата може да се менува во текот на годината за која се однесува.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Крива Паланка. Програмата ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр.09-6407/25**
**05.12 2025 година**
**Крива Паланка**

**Советот на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма**

**за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување и тим билдинг на вработените и советниците за 2026 година**

1.Се објавува Програма за за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување и тим билдинг на вработените и советниците за 2026 година,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/26**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**П Р О Г Р А М А**

на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и

фондации за 2026 година

Општина Крива Паланка веќе неколку години наназад важи за една од водечките општини во Република Македонија во делот на траснпарентност и отчетност. Во изминатите неколку години, во рамки на Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од ЕУ преку UNDP. Како награда за успешната имплементација на проектот, претставници на општината учествуваа како презентери на добри практики на завршната конференција во х.Солун, Скопје, во организација на УНДП и Делегација на Европската Комисија во Република Северна Македонија. Со имплементација на самата програма, со кофинансирање на средства од општинскиот буџет, беа доделени повеќегрантови и успешно ја имплементирани проекти на неколку локлани граѓански организации, со целосна примена на ЛОД методологијата. На овој начин општината даде значајна поддршка во процесот на зајакнување на капацитетите на локалните граѓански организации за имплементација на проекти и проектни активности и се наметна како сериозен партнер и поддржувач во нивниот процес на зајакнување како локални субјекти и партнери на општината при креирањето на локалните политики и придонес за понатамошен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница, како и втемелување на социјална правда и еднакви можности за сите граѓани и граѓанки од заедницата. Востановениот начин на работа и соработка ќе продолжи и во 2026 година, а ќебиде детерминирано со програмата за соработка со граѓанскиот сектор, во која се креирани мерки и активности што значат континуирана поддршка и распределба на буџетски средства за имплементација на активности од интерес за локалната заедница. Општина Крива Паланка ќе продолжи со сериозен пристап за соодветната распределба на јавните финансии како потврда за добрите намери на локалната власт за одговорно управување со јавното трошење и услугите кои се даваат на граѓаните. Целта на оваа програма е транспарентна подршка и распределба на буџетски средства, особено средства од општинските буџети, со цел да се овозможи покорисно и потранспарентно префрлање на средства до граѓанските организации (ГО).

- **ЦЕЛИ**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанскиот сектор во 2026 година се:


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**XVII.** продолжување и понатамошно унапредување на успешно востановениот начин на соработка локалните граѓански организации во согласност со можностите, приликите и условите при процес на подготовка и имплементација на мерки, проекти и активности од интерес на локалната заедница;

**XVIII.** промоција на родовиот пристап при креирање на условите за реализирање на активности на граѓаните/ките и локалните граѓански организации со земање во предвид на родовата интеграција, по однос на принципот „No one leave behind“;

**XIX.** директна распределба на буџетски средства Општина Крива Паланка до граѓанскиот сектор, со висок степен на транспарентност и отчетност во процесот

**XX.** понатамошно зајакнување на капацитетот на локалните граѓански организации во процесот на аплицирање и имплементација, односно трошење на буџетски средства добиени по основ на јавен повик, со директна примена на ЛОД методологијата за имплементација на проекти

## II. АКТИВНОСТИ

Одделението за локален економски развој и евроинтеграции, како ресорна институција за соработка со граѓанскиот сектор, за успешна имплементација на програмата на Општина Крива Паланка за соработка со здруженија на граѓани и фондации во 2026 година, во главном ќе имплементира активности кои ќе бидат насочени кон ефикасна реализација на истата и тоа:

- директна поддршка со кофинансирање на проекти и проектни активности на граѓанските организации што ќе ги имплементираат, а се од интерес на локалната заедница и се со цел унапредување на соработката и нивно непречено функционирање. Ова активност ќе се реализира преку распишување на Јавен повик за распределба на финансиски средства за проекти и проектни активности за 2026 година, со средства обезбедени од Буџетот на општина Крива Паланка. Повикот ќе биде на база на веќе востановената ЛОД-Методологија која што е изработена од страна на Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од ЕУ преку UNDP, а усвоена од страна на Советот на општина Крива Паланка. Условите за аплицирање и процесот на имплементација ќе бидат дефинирани со јавниот повик, што ќе биде објавен во првиот квартал во 2026 година;
- континуирана поддршка на здруженијата на граѓани и фондации со човекови ресурси, преку лицето задолжено за комуникација, информации и стручна помош на граѓанските здруженија и фондации, во Одделението за локален економски развој и евроинтеграции;
- континуирана објава и информирање на граѓанските организации за сите повици и конкурси кои се од нивен интерес, како и линкови до сите нивни постоечки веб-страни;
- континуирано евидентирање, ажурирање и промоција на регистарот на граѓански организации, нивни активности и програмски резултати, јавно достапни на општинската веб-страна и профили на социјалните мрежи;


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

- заедничко креирање на модели и форми за продлабочување на соработката со граѓанскиот сектор, преку нивни директно или индиректно вклучување во партнерство или мрежа на Општината, при имплементација на проекти од различни области, во креирање на локални стратегии и нивно партиципативно учество во изготовката на годишни програми и Буџетот на Општината.
- Континуирана поддршка на граѓанскиот сектор преку ставање на сопствени ресурси, во облик на простор, инвентар и материјали за потребите на граѓанскиот сектор, особено општинските сали со целокупната нејзина техничка опрема, која е постојано на располагање на граѓанскиот сектор при имплементација на нивните проектни и програмски активности;

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, и тоа во висина од вкупно 600.000,оо денари.

| Табеларен приказ на предвидени активности за 2026 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| р/б | **Предвидени активности** | **Носител** | **Средства од општински буџет** | **Тип на поддршка/соработка** | **Временски период на имплементација** |
| 1. | Давање поддршка на проекти, проектни и програмски активности и идеи, кои се од поширок општествен интерес и согласно со стратешките документи на Општината и кои подеднакво ги задоволуваат потребите на мажите и жените и младите | Општина Крива Паланка | 500.000,00 | Подготовка и објава на Јавен повик, трансфер на средства до ГО-и, мониторинг и известување за тек на имплементација. | јануари 2026 - декември 2026 г. |
| 2. | Други активности предвидени со | Општина Крива | 100.000 | Покровителство/ партнерство / заедничка | Во текот на целата година |


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | програмата | Паланка | | имплементација | |
| | **ВКУПНО** | | | | **600.000 ден**. |

### IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка, активностите на граѓанскиот сектор ќе ги помага и со:

- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање, форуми, трибини, дебати, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на соработката со граѓанските организации, кои се еден од главните партнери во реализацијата на активностите на Општината.

Програмата е родово сензитивна и вкупниот буџет на програмата од **600.000,оо** денари е родово сензитивен.

### V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 г

**Бр.09-6407/27**
**05.12.2025 година**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**Крива Паланка** **Миле Трајковски с.р**



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма од областа за соработка со здруженија на граѓани и**

**фондации на Општина Крива Паланка за 2026 година**

| **Буџетска програма и конто** | **1.** | **ЦЕЛ: Унапредување на соработка со граѓанските организации во согласност со мож** | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| | **1.1.** Давање поддршка на проекти и програмски активности и идеи, кои се од поширок општествен интерес и согласно со стратешките документи на Општината и кои подеднакво ги задоволуваат потребите на мажите и жените и младите. | 1.1.1. Подготовка и објава на Јавен повик, трансфер на средства до ГО-и, мониторинг и известување за тек на имплементација согласно усвоена ЛОД Методологија | Јануари-Декември | Број на подржани проекти кои третираат прашања кои директно ги засегаат и жените и мажите и кои се менаџирани од жени и мажи.<br><br>Транспарентност во процесот и објава на |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | сите резултати од процесот и конкретни резултати од имплементација на проектите заради постигање на максимален ефект од распределените средства.<br><br>Објавен јавен повик за ГО во областа млади со вклучена родова перспектива како интер-секторска тема/објавени резултати<br><br>Ќе бидат поддржани проектни апликации со подеднаков третман на мажите и жените како корисници |
| | **2.** | **ЦЕЛ: Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженија** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| | 2.1. Иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на Општина Крива Паланка. | 2.1.1. Претставници на граѓанските организации се директно вклучени во процесот на подготовка и креирањето на родово одговорен Буџетски форум на општината. | Октомври-Декември | Директна вклученост во форумскиот процес на жени и мажи од кои барем 30% од учесниците се припадници на граѓанскиот сектор. |
| | | 2.1.2.Граѓанско | | Број на партиципативно |


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | директно учество и во други активности што ги организира и спроведува општината (стратешки планирања, проектни форуми, работилници и др. активности) | | учество на жените и мажите во разни активности на општината |
| | | 2.1.3. Обезбедување просторни и технички услови за работа на здруженијата на граѓани од општината. | Јануари-Декември | |
| | **3.** | **ЦЕЛ: Зголемување на транспарентноста и отчетноста на Општина Крива Паланка во наменети за граѓанските организации.** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| | 3.1. Други активности за подршка на ГО, предвидени со програмата-Покровителство/ партнерство / заедничка имплементација | 3.1.1. Организирање трибини, форуми, работилници, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;<br>Учество на промотивни и протоколарни средби;<br>Логистичка поддршка во реализација на акции и иницијативи, вмрежувања, | јануари-декември | Број на партиципативно учество на жените и мажите во разни активности на општината |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | лобирања и остварување на партнерства; | | | |
| | | | | | |

**Бр.09-6407/27**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2026 година**

1.Се објавува Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2026 година,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/28**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 ,05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 09.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2026 година**

## ВОВЕД

Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2026 година е подготвена врз основа на постоечките документи и стратегии за развој, анализа на имплементацијата и мерките на развојните програми од претходните години и ефектите од предвидените мерки и активности и како документ има за задача да постави јасна визија, да даде насоки и приоритети за поттикнување на економски раст и создавање подобри услови за поквалитетен живот на локалната заедница. Програмата е логичко следство на претходните програми, базирана на анализа на локалните ресурси и потенцијали, но и тековни предизвици и развојни трендови. Фокус на програмата е поттикнување на активно учество на заедницата, особено на бизнис заедницата во процесот на креирање на позитивна локална развојна политика, фокусирана на условите за развој, унапредување на конкурентноста и одржливоста на локалната економија, преку ставање на локалните потенцијали и ресурси во функција на економскиот развој. Во изминатите години прилично се работеше на креирање на услови за развој, преку донесување на Генерален урбанистички план и неколку значајни детални урбанистички планови за развој на бизнис секторот, значително е подобрена поврзаноста на градот со соседните и поголемите градови, но и со локалните села и дестинации. По пауза од неколку децениии, новиот ГУП даде можност за два нови колективни објекти за домување, чија изградба е во тек. Подобрувањето на поврзаноста на Крива Паланка од друга страна доведе кон зголемување на бројот на посетители на градот, но и голем број активности наши иселеници враќање кон старите огништа и изградба на викенд куќички во околните напуштени селски предели, што реузлтира со сериозен приход на локалната економија и оддржување во живот на локалната бизнис заедница. Сето ова дава можност на Крива Паланка, како општина со значаен геостратешки потенцијал, богато природно и културно наследство, и активна деловна заедница, да го зајакне економскиот развој преку интегрирани и добро координирани политики. Токму поради тоа Програмата за 2026 година поставува чекор во рамката за развојниот циклус што поддржува раст и развој на малите и средните претпријатија на

локално ниво. Интенцијата е да се стимулираат претприемачки иницијативи и да се придонесе кон создавање на услови за привлекување нови инвестиции, особено во производството, услугите и туризмот.
Основна мисија на програмата е создавање услови за стабилен локален економски развој преку поттикнување на претприемништвото, привлекување инвестиции, одржливо управување со ресурсите и развивање партнерства меѓу институциите, јавниот сектор, бизнис-заедницата и граѓаните.
Покрај поддршката на локалниот бизнис-сектор, во програмата се нагласени е инкомпорирана важноста за секторската поврзаност, особено во урбанистичко-комуналната сфера, што ќе доведе кон развој на современа, квалитетна и достапна инфраструктура. Во изминатите неколку години има сериозно подобрување на патната и комуналната мрежа, меѓутоа, дигиталната поврзаност и унапредувањето на јавните услуги се клучни сегменти што мора да се подобрат со цел овозможување на создавање стабилна основа за раст и поголема економска активност. Огромно значење мора да се даде и на потребата од одржливо управување со природните ресурси и развој на зелена економија, следејќи ги европските практики и националните приоритети.
За остварување на целите на програма за 2026 година, но и на целиот развоен циклус клучно ќе биде овозможување на партнерски пристап и поврзување на сите локални чинители – општинската администрација, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор, со цел градење на силен и отпорен локален економски систем, кој ќе може да одговори на современите предизвици, ќе поттикне иновации и ќе продуцира создавање на нови можности за младите и за работоспособното население. Со начелата на оваа програма, Општина Крива Паланка ја потврдува својата определба за транспарентно, планско и долгорочно управување со развојните процеси, со крајна цел — подобрување на квалитетот на живот, зголемување на економската активност и создавање услови за одржлив и инклузивен локален развој во 2026 година и понатаму.

Програмата за локален економски развој е изработена врз основа на надлежностите на локалната самоуправа, кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Крива Паланка. Активностите во оваа програма се креирани согласно потребите на локалното население, детектирани при изработката на стратешките документи, Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022-2027, План за локален економски развој на Општина Крива Паланка 2024-2027 и Стратегија за развој на туризмот на Општина крива Паланка 2020-2025, Интегрираниот локален развоен план 2024-27. Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Крива Паланка за 2026 година ќе се реализира преку Секторот за локален економски развој и финансиски прашања и Одделението за локален економски развој и евроинтеграции согласно своите надлежности и задолженија.

Реализацијата на оваа програма треба да поттикне и обезбеди континуирано одржлив развој кој треба да го поттикне учеството на локалната заедница, со единствена цел подобрување на животниот стандард на жителите на Крива Паланка.


☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Развојни приоритети:

1) Овозможување на партнерски пристап и поврзување на сите локални чинители – општинската администрација, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор, кој ќе овозможи создавање на нови можности за младите и за работоспособното население

2) Поддршка за понатамошен развој на туризмот и руралниот развој

3) Поддршка на енергетската ефикасност во функција на подобрување на условите за економски и одржлив развој на заедницата

4) Силна поддршка на евроинграциските процеси на државата преку имплементација на мерки и проекти и јакнење на капацитетите за користење на средства од странски фондови и донации;

Одделението за локален економски развој и евроинтеграции покрај предлагање и спроведување на мерки за поддршка на процесот на обезбедување на одржлив економски развој, во својата програма предвидува и широка лепеза на активности за креирање на партнерства со сите сектори, воспоставување на цврста регионална, прекугранична и транснационална соработка, имплементација на меѓународни проекти кои се започнати или се во фаза на одобрување, но и на подготовка на нови, согласно достапниот буџет и фондови во 2026 година.

## XXI. Носител на програмските активности

Носител на Програмата за Локален економски развој на општина Крива Паланка за 2026 година ќе биде Одделението за локален економски развој и евроинтеграции како одговорно за реализација на програмските активности.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**III. Програмски активности**

- **Овозможување на околина за партнерски пристап и поврзување на сите локални чинители – општинската администрација, бизнис-заедницата и граѓанскиот сектор, кој ќе овозможи создавањето на нови можности за младите и за работоспособното население**

Во последните неколку години, како тренд се јавува развојот на малите претпријатија, особено микро-претпријатијата и семејните бизниси се основен двигател за развојот на локалната економија во општина Крива Паланка, но истовремено се и мобилни, адаптибилни и отпорни на брзи промени на условите на пазарот и побарувачката на потрошувачите. За да се спречи нивна ерозија од постојаниот проблем со работната сила и доволно финансиски средства за опстанок, потребни се мерки кои ќе обезбедат соодветни мерки и позитивна стимулативна развојна политика заради проширување на нивниот пазар и зголемување на нивната конкурентност. Освен постојаното усогласување со националната развојна политика за малите и средни претпријатија и презентација и помош на локалните бизнис субјекти во однос на мерките и проектите што ги спроведуваат националните институции, општина Крива Паланка ќе спроведе анализа и постапка за подготовка на позитивни политики и директни мерки, со кои ќе го поддржи процесот на развој на локалните претпријатија. Во 2025 година, во соработка со Младинскиот центар од Битола, преку проект поддржан од Фондацијата Улоф Палме од Шведска, меѓу 11те локални економски социјални совети (ЛЕСС) во РСМ беше формиран и ЛЕСС Крива Паланка, за кој беа изготвени основачките документи и програма за работа и истиот беше основан со одлука на Советот на општината. Со промената на составот на Советот на општината по изборите во 2025 година, потребно е да се потврди/ревидира составот на локалниот економски социјален совет и истиот да се активира во функција на подобрување на процесот на креирање на локалните политики. За таа цел се планира:

**1.1. Понатамошно унапредување на улогата и влијанието на Локалниот Економски Социјален Совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима**

1.1.1 Вмрежување на ЛЕСС Крива Паланка, со останатите ЛЕССи во другите општини во државата и зајакнување на капацитетот на нивните членови во процесот на

дефинирање на локалните приоритети за развој, состојбите во локалната економија и потребите на локалниот пазар на труд;

1.1.2 Изработка на т.н. План за вработување, како политика за општина Крива Паланка, со активно учество на членовите на ЛЕСС и негово формално ставање во функција

**1.2. Помош и поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и динамичен развој**

1.2.1 Изработка и промоција на Стратегија за мали и средни претпријатија на територијата на општина Крива Паланка како референтен акт за креирање на соработката
1.2.2 Промоција и поттикнивање на општествената одговорност на локалните компании во делот заштита на животната средина и подобрување на условите за работа во локалните компании преку промоција на мерки и принципи, но и воведување на награда за најдобра-општествено одговорна компанија во градот (Комисија во главном би била составена од членовите на ЛЕСС и ЕЛС);
1.2.3. Промоција на принципот на активно партнерство преку овозможување на услови за заеднички настап на локалните компании на различни настани, саеми и програми од локален, национален и меѓународен карактер

**1.3. Поддршка и промоција на претприемаштвото и пристап до капитал , но и промовирање и привлекување на нови инвестиции**

1.3.1 Постојано ажурирање на базата на потенцијали и локации за развој на бизнис и отварање на нови компании согласно постоечките урбанистички документи и нивна промоција на веб сајтот на општина Крива Паланка

1.3.2 Изготвување на промотивен материјал за промоција на можностите за инвестирање и публикација на годишен информатор за пристап до капитал.;

1.3.3 Подготовка на постапка и изготвување на елаборат за превземање на мерки за поддршка на локалните мали и средни претпријатија и подготовка на предлог мерки за субвенционирање на овие субјекти по различни основи;

1.3.4 Овозможување на континуирана транспарентност во комуникацијата и постојано информирање на локалните МСП за постоечките национални и други фондови и извори на помош и финансирање за развој на компаниите;

- **<u>Поддршка на процесот на развој на туризмот</u>**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Туризмот како понова потенцијална стопанска гранка за Крива Паланка, во последните неколку години е во постојан подем и развој. Специфичната локација и зголемената фрекфенција на минувачи, посетители и туристи заради културниот развој, но и заради подобрената пата поврзаност на Крива Паланка, доведе кон значително зголемување на приходите од туризмот во локалната економија, во последните неколку години. Токму затоа, и општината активно работеше на подобрување на условите, преку носење на урбанистички акти за одредени локалитети, но и подготовка и имплементација на технички проекти за подобрување на патната инфраструктура во регионот. За наредниот период општината ќе продолжи со подготовка и имплементација на мерки и активности кои ќе водат кон понатамошно унапредување на сите неопходни пред-услови за збогатување на туристичката понуда и нејзина промоција. Во последните неколку години, благодарејќи на богатата културна понуда рапиден подем постигна културниот туризам.

**2.1. Креирање на база на податоци за потенцијалот за развој на туризам во општина Крива Паланка**

2.1.1 Ажурирање на податоците за сите туристичките објекти и потенцијали за развој на туризмот и евидентирање на имотната и правната состојба на просторот и објектите, кои се од туристичко значење;

2.1.2 Објава и постојано ажурирање на регистерот на субјекти на територијата на Крива Паланка, кои се занимаваат во угостителска дејност и сместување на туристи;

2.1.3 Изработка на Стратегија за туризам на општина Крива Паланка 2026-30

**2.2.Поддршка на процесот на креирање на туристичка понуда**

2.2.1 Организација на обука за менаџери во сферата на туризмот

2.2.2 Ажурирање на маркетинг промоцијата за развој на туризмот/ виртуелен водич

2.2.3 Иницирање и реализација на меѓопштинска и регионална соработка во делот на туризмот, со цел збогатување на туристичката понуда и подобрување на конкурентноста на локалната и регионалната понуда во пошироки рамки

2.2.4 Збогатување на туристичката понуда со нови туристички продукти и дестинации (историски парк ГРАДЕЦ, Адреналински парк на Калин Камен, ...)



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

2.2.5 Маркирање на планинарски и велосипедски патеки

2.2.6 Подготовка, дизајн и печатење на промотивен материјал за туристичкиот потенцијал на Крива Паланка

2.2.7 Поставување на туристичка визуелизација - ознаки и патокази до секој туристички објект;

**2.3. Поддршка и развој на локални традиционални занаети во функција на развој на туризмот и привлекување на туристи**

2.3.1 Анализа, подготовка на постапка и изготвување на елаборат за мапирање, моментална состојба и предлог-мерки за поддршка на локалните занаети по сите основи;

2.3.2 Отварање на туристичко информативен центар (киоск) со промотивен материјал и сувенирница во центарот на градот и на граничниот премин Деве Баир и во центарот на градот како туристичко информативно биро;

**3. Подготовка, аплицирање и имплементација на проекти**

Одделението за локален економски развој и евроинтеграција во својот реферат има задача и да учествува подготовка на апликации и аплицирање на програми и проекти на повици од домашни и странски донатори. Како востановена практика, вработените во одделението активно учествуваат и во имплементацијата на проектите финансирани во рамки на ИПА Програмите за прекугранична соработка со Бугарија, Србија и Косово, но и на УНДП, УСАИД, како и активности и проекти на база на воспоставена билателарна соработка со странски амбасади и други потенцијални донатори и партнери. Вработените во Одделението ќе учествуваат и во подготовка на проекти на јавни повици од нашите министерства, агенции и други институции, што се од интерес на општината и локалната заедница.

**3.1 Аплицирање на проекти на повици на национални институции од централната власт и странски донатори**

Одделението за локален економски развој и евроинтеграции ќе работи на процес на аплицирање на проекти, на јавен повик на

- институциите од централната власт - Влада на РСМ, Министерства, Биро за регионален развој, АФПРРЗ и други национални установи и институции и


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

- на повик или билателарна соработка со странски донатори (УСАИД, УНДП, ГИЗ и други), амбасади или ИПА Програма за прекугранична соработка со Бугарија, Косово и Србија, Адрион, Интеррег, Урбакт и слични.

**3.2 Имплементација на тековно започнати проекти за кои е аплицирано или веќе е добиен договор за грант;**

3.2.1 Проект „**Заштита на областите преку регионално знаење и оддржливост**“, во партнерство со Општина Дупница, Бугарија во рамки на Програмата за зеленило на Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Северна Македонија. Проектот е со специфична цел – поддршка на процесот за зголемување на урбаното зеленило во Крива Паланка и Дупница, креирање на зелен катастар за урбаното зеленило во двете општини, педологија на почвата во регионото и подготовка на прирачник за самостојно уредување на зелените појаси во прекуграничниот регион. Вкупен планиран буџет е 894.829 евра за двата партнери. Договорот за грант е потпишан на 01.07.2024 година, со времетраење од 24 месеци и истиот ќе се имплементира и во 2026 година.

3.2.2 Проект "**Прекугранична атракција – смарт туризам во регионот Крива Паланка – Ќустендил - Невестино**" - во партнерство со СИПР и Народен музеј Куманово од Република Северна Макеоднија, и Општина Ќустендил, Општина Невестино и Комора за комерција и индустрија од Ќустендил, Република Бугарија во рамки на Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија-Северна Македонија. Проектот е со специфична цел – поддршка на процесот за создавање на услови за развој на четирисезонски туризам во прекуграничниот регион Крива Паланка-Ќустендил. Во рамки на проектот се очекува градежна инвестиција во туристичка инфраструктура на локација Калин Камен, над локалитет Ловечка куќичка, која предвидува изградба на т.н. Адреналински Парк, односно креирање на забавен парк Калин Камен, како и активности за креирање на промотивен материјал и поширока промоција на локалитетот како туристичка атракција. Вкупен планиран буџет: 999.532 евра, од кои околу 304.962 евра се за општина Крива Паланка. Проектот е во фаза на имплементација, со договор за грант од 07.03.2025 година, во времетраење од две години и истиот ќе продолжи со имплементација и во 2026 година.

3.2.3 Проект "**Од минатото кон иднината**" - во партнерство со Град Лесковац, Центарот за развој на Јабланичко-Пчињска област и Национален Музеј Лесковац во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка Србија-Северна Македонија. Проектот е со општа цел – подобрување на интегративната валоризација и оддрживоста, како и

прекуграничното поврзување на културното и природното наследство во Јабланичкиот регион во Србија и Севроисточниот плански регион во Северна Македонија. Конкретно за Крива Паланка, во рамки на проектот ќе се изгради и уреди остатокот од пешачката патека во Бабин Дол, која води кон манастирот Свети Јоаким Осоговски. Како софт-компонента е предвидено зајакнување на капацитетите на јавните и приватните актери од целната област преку соработка и трансфер на know-how во заштита, менаџирање и валоризација на природно и културно наследство. Вкупна вредност на грантот изнесува 625.858,35 евра, од кои 246.727,14 евра се за општина Крива Паланка. Проектот начелно е одобрен за финансирање, се чека формализирање на одлуката и потпишување на договорот за грант во 2026 година.

3.2.4 Проект за изработка на ситуациска анализа, преку собирање податоци и анализа на тековните состојби и ризици во областа управување со ризици од поплави и подготовка на подготвителна документација за Кумановска и Крива Река. Проектот е целосно финансиски покриен од програмата City Climate Gap Fund, имплементирана од World Bank и European Investment Bank, во партнерство со Германското друштво за интернационална соработка, ГИЗ. Експертски тим, ангажиран од ГИЗ, ќе врши зајакнување на капацитетите на општините во идентификувањето на ризиците од поплави, справувајќи се со последиците од климатските промени, притоа користејќи природни одржливи решенија. На ниво на концепт ќе биде подготвена проценка на ризикот од поплави, истакнувајќи ги областите со висок степен на ризик. Во проектот ќе се вклучи и карактеризација и мапирање на опасностите и целокупна проценка на ризикот, за да се разберат влијанијата на опасноста, преку интегрирање на податоците и мапите за изложеност и ранливост. Исто така, ќе се спроведат активности за развој на капацитети за да се зајакнат знаењата и вештините на градските службеници на Крива Паланка. Проектот е во тек со активности со  планирана динамика и финализирање во 2026 година.

## **4.Рурален развој и земјоделие**

Со развојот на патната инфраструктура и подобрување на поврзаноста со селата и руралните делови во последните неколку години, руралниот развој сам по себе се наметна како локален потенцијал за привлекување и развој на претприемачкиот дух на локланото население, со дополнителни инвестиции во овие краеви. Општината мината година започна со процес на субвенционирање на локалните производители на органска храна, што наиде на позитивен одговор и во следната година ќе продолжи со оваа пракса, но ќе се превземат активности и за подготовка на нови мерки кои ќе влијаат врз руралниот развој и искористување на локланите ресурси и потенцијали и нивно ставање во функција на економскиот развој на градот.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**4.1. Поддршка на процесот на развој на земјоделието**

4.1.1 Поттикнување на органското производство (обуки, работилници)

4.1.2 Субвенционирање на органските сертифицирани производители.
4.1.3. Обуки/работилници за унапредување и развој на пчеларството во Општина Крива Паланка како посебна гранка од интерес на земјоделството.

4.1.4 Доделување на награда „Земјоделец/ка за 2026 година на Општина Крива Паланка“

**4.2. Поддршка на руралниот развој и проект ПАЛАНЕЧКА КУЌА**

4.2.1 Обуки за „Продажба од праг за домашни производители на храна“

4.2.2 Анализа, подготовка на елаборат и мерки за промоција на ПАЛАНЕЧКА КУЌА како простор за промоција и продажба на локлани продукти од локални производители на храна, ракотворби и сувенири.

**4. Енергетска ефикасност**

Енергетската ефикасност и примена на мерките за енергетска ефикасност во поново време на климатски промени и зголемена потрошувачка на енергија е можност за подобрување на условите и квалитетот на живеење на локалната заедница, преку заштеди во трошоци за енергијата и нивно пренасочување кон други потреби. Активностите ќе бидат насочени кон поддршка и промоција на енергетската ефикасност преку подготовка на документи, акти и проекти и нивна имплементација. Потребна е ревизија на Стратегијата за енергетска ефикасност како рамка за наредниот период и давање на конкретна насока и институционализација за примена на мерки за заштеда на електрична енергија и подобрување на условите на работа за јавните и приватните институции.

4.1 Изготвување на СЕКАП на општина Крива Паланка

4.2 Промоција на енергетски фасади за станбени објекти за колективно домување


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

## 5. Други мерки од интерес на економскиот развој

Освен туризмот, земјоделието и руралниот развој активностите на вработените во одделението ќе бидат насочени кон поддршка на процесот на развој на регионалната соработка и вмрежување/креирање на партнерства и јакнење на општинските капацитети, согласно можностите и ингеренциите на општината.

### 5.1. Регионална соработка и вмрежување / креирање партнерства

5.2.1 Унапредување на соработката со СИПР во процесот на изготвување на стратешки документи, организирање на локални и регионални проектни форуми;

5.2.2 Реформирање на ЛАГот Осоговски Лисец во соработка со општините Ранковце и Кратово и изработка на ревидирана Стратегија, согласно која ЛАГот ќе може да аплицира во ЛИДЕР и другите фондови што се на располагање

5.2.3 Унапредување на соработката со збратимените градови од европските држави и заедничко учество во преокти од интерес на локланите заедници

### 5.2.Јакнење на општински капацитети

5.3.1.Постојано унапредување и јакнење на капацитетот на вработените во Одделението за локален економски развој и промоција на регионална и меѓународна соработка, преку континуирано следење на новите трендови во локалниот развој и учество на обуки организирани од разни институции.

За реализација на целите на програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци), вклучително граѓанските организации и месните заедници, кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

Носител на реализацијата на програмските активности е Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во општината, кое исклучително ќе води сметка за постигање на програмските цели и родоватаврамнотеженост при реализација на активностите и алокација на финансиските средства. Активностите од Програмата ќе ја имплементира Одделението за локален економски развој и

евроинтеграции ќе ја имплементира во соработка со другите релевантни одделенија во општината.

**Финансирање**

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од програмата Г1 од Буџетот на Општина Крива Паланка и буџет од други извори (регионални, национални, меѓународни програми, проекти и фондови).

**Преодни и завршни одредби**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

**Бр. 09 -6407/29**
**05.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за Локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2026 година**

1.Се објавува Програма за Локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2026 година,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/30**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово-сензитивна буџетска програма за Локален економски развој за 2025 година на Општ**

| | **1. Овозможување на околина за партнерски пристап и поврзување на сите локални чинители – општинската а граѓанскиот сектор, кој ќе овозможи создавањето на нови можности за младите и за работоспособното насел** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** |
| ***Понатамошно унапредување на улогата и влијанието на Локалниот Економски Социјален Совет во процесот на креирање на локални политики за подобрување на локалната бизнис клима*** | -Вмрежување на ЛЕСС Крива Паланка, со останатите ЛЕССи во другите општини во државата и зајакнување на капацитетот на нивните членови во процесот на дефинирање на локалните приоритети за развој, состојбите во локалната економија и потребите на локалниот пазар на труд<br><br>- Изработка на т.н. локален План за вработување, како политика за општина Крива Паланка, со активно учество на членовите на ЛЕСС и негово формално ставање во функција | во текот на целата година<br><br>јануари – декември 2026 | - зајакната позиција и статус на ЛЕСС / број на иницијативи произлезени од ЛЕСС<br><br>- членување во формална/неформална мрежа<br><br>- Изготвен План за вработување и направена анализа на потреби и услови за работа | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции<br><br>ЛЕСС |
| | - Изработка и промоција на Стратегија за мали и средни претпријатија на територијата на општина Крива Паланка | март-август | - изготвена Стратегија за МСП<br><br>- промовирани можности за нови инвестиции / број на промотивни алатки и | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Помош и поддршка на малите и средни претпријатија за нивен побрз и динамичен развој** | - Промоција и поттикнување на општествената одговорност на локалните компании во делот заштита на животната средина и подобрување на условите за работа во локалните компании преку промоција на мерки и принципи, но и воведување на награда за најдобра-општествено одговорна компанија во градот<br><br>- Промоција на принципот на активно партнерство преку овозможување на услови за заеднички настап на локалните компании на различни настани, саеми и програми од локален, национален и меѓународен карактер | ноември-декември<br><br>во текот на годината | материјали<br><br>изготвен Правилник за доделување на наградата / конкурси и доделена награда<br><br>број на организирани настани | евроинтеграции | |
| **Поддршка и промоција на претприемаштвото и пристап до капитал, но и промоцвирање и привлекување на нови инвестиции** | -Постојано ажурирање на базата на потенцијали и локации за бизнис и отварање на нови компании, согласно постоечките УП и нивна промоција на веб-страната на општината<br><br>- изготвување на промотивен материјал за промоција на можностите за инвестирање и публикација на годишен информатор<br><br>- подготовка на постапка и елаборат за мерки за подршка на МСП и предлог мерки за нивно субвенционирање по разни основи<br><br>- овозможување на постојана транспарентност во комуникацијата и постојано информирање на локалните МСП за постоечките национални и други фондови и извори на помош и финансирање за развој на компаниите; | во текот на годината<br><br>во текот на целата година<br><br>во текот на целата година | - ажурирана и јавно објавена база<br><br>-подготвен и поделен промотивен материјал<br><br>- јавно објавен годишен информатор<br><br>- подготвен елаборат со анализа за состојбата на МСП и предлог мерки за пддршка<br><br>-воспоставена комуникација со МСП / број на издадени потврди од општина / број на нови аплицирани проекти од страна на локални фирми во наведените фондови | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции<br><br>ЛЕСС | 2 |
| | • **Поддршка на процесот на развој на туризмот** | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Креирање на база на податоци за потенцијалот за развој на туризам во општина Крива Паланка** | Ажурирање на сите туристичките објекти и потенцијали за развој на туризмот и Евидентирање на имотната и правната состојба на просторот и објектите, кои се од туристичко значење<br><br>- Објава и постојано ажурирање на регистер на субјекти на територијата на Крива Паланка, кои се занимаваат во угостителска дејност и сместување на туристи<br><br>- Изработка на Стратегија за туризам 2025-30 | во текот на целата година | - ажуриран Регистер на субјекти<br><br>- изготвена стратегија за туризам 2026-30 | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграци | / |
| **Поддршка на процесот на креирање на туристичка понуда** | Организација на обука за менаџери во сферата на туризмот<br><br>Ажурирање на маркетинг промоцијата / виртуелен водич<br><br>Меѓуопштинска и регионална соработка со цел збогатување на понудата и подобрување на конкурентоста<br><br>Збогатување на туристичка понуда<br><br>Маркирање на планинарски патеки<br><br>Подготовка, дизјан на пропаганден материјал<br><br>Поставување на туристичка | во тек на целата година | - број на обучени лица<br><br>- број на посетители на страната<br><br>-број на нови продукти и дестинации во регионот<br><br>- број на маркирани патеки<br><br>- број и количина на испорачан пропаганден материјал<br><br>- број на поставени туристички знаци | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | визуелизација | | | | |
| **Поддршка и развој на традиционални занаети во функција на развој на туризот и провлекување на туристи** | Анализа, подготовка и елаборат за мапирање, состојба и поддршка на стари занаети<br><br>отварање на туристички киоск на Деве Баир и Туристичко биро во центарот на градот | | - изготвен елаборат/анализа како документ<br><br>- отворени објект | Одделение за економски развој и евроинтеграции | |
| | **3. Подготовка, аплицирање и имплементација на проекти** | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | |
| **Аплицирање на проекти на повици од национални институции од централната власт и странски донатори** | - Подготовка и имплементација на проекти на јавен повик на институции од централна власт (Влада на РСМ, Министерства, Биро за регионале нразвој, АФПРРЗ и други ..)<br><br>- Подготовка и имплементација на проекти на повик на или билателарна соработка со странски донатори (УСАИД, УНДП, ГИЗ и други), амбасади или ИПА ПГС, Адрион, УРБАКТ и сл. АФПРРЗ и други ..) | во текот на годината | -број на подготвени апликации по објавен повик / број на добиени грантови и потпишани договори<br><br>-број на подготвени апликации по објавен повик / број на добиени грантови и потпишани договори | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции | |
| **Имплементација на тековно започнати проекти за кои е аплицирано или веќе е добиен договор за грант** | Проект ПАРКС – во партнерство со Дупница, Бугарија<br><br>Проект Прекугранична атракција – развој на смарт туризам, во партнерство Ќустендил Бугарија<br><br>Проект Од минатото кон иднината во партнерство со Општина Лесковац | јануари-август<br><br>во тек на целата година<br><br>во текот на годината / по потпишување на договорот за грант<br><br>јануари-март | Успешно имплементирани проекти / индикаторите и резултатите со содржат во самата проектна апликација | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој и евроинтеграции | |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Проект за ситуациска анализа на тековни состојби и ризици од областа на ризици од поплави | | | | |
| | **3.Рурален развој и земјоделие** | | | | |
| **Поддршка на процесот на развој на земјоделието** | -Поттикнување на органското производство (обуки, работилници)<br><br>- Субвенционирање на сертифицирани органски производители на храна<br><br>Обуки за унапредување и развој на пчеларството<br><br>доделување на наградa Земјоделец на годината | Во текот на годината<br><br>ноември-декември<br><br>во тек на целата година | Број на обуки и работилници<br><br>Број на доделени субвенции<br><br>број на испорачани обуки<br><br>- доделена награда / спроведена постапка | Одделение за економски развој и евроинтеграции | 1<br>1<br>3<br>3 |
| **Поддршка на руралниот развој и проект ПАЛАНЕЧКА КУЌА** | Обуки за Продажба од праг за домашни производители на храна<br><br>Анализа, подготовка на елаборат и мерки за промоција на ПАЛАНЕЧКА КУЌА | Во текот на годината | Број на организирани обуки за начините и можностите за Продажба од праг за домашни производители на храна<br><br>Подготвена анализа и предлог мерки за Паланечка куќа | Одделение за економски развој и евроинтеграции | 1<br>1 |
| | **4.Енергетска ефикасност** | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | |
| **Подготовка и имплементација на проекти од областа на енергетската ефикасност**<br><br>**Поддршка на процесот на енергетска ефикасност во објектите за** | -Изготвување на СЕКАП на општина Крива Паланка | Во тек на годината<br><br>во тек на годината | - изготвен СЕКАП документ | Општина Крива Паланка<br><br>Одделение за економски развој, јавни дејности и ИТ | Сред |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **колективно домување** | Промоција на енергетски фасади за станбени објекти за колективно домување<br><br>Програма за енергетска ефикасност | | - подготвени технички проекти за енергетски фасади на објектите за колективно домување<br><br>Изготвена програма | | |
| | **5. Други мерки од интерес на економскиот развој** | | | | |
| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/ индикатори** | **Носител на активноста** | |
| **Регионална соработка и вмрежување / креирање партнерства** | -унапредување на соработката со СИПР во процесот на изготвување на стратешките документи, организирање на локални ирегионални форуми<br><br>Реформирање на ЛАГот Осоговски Лисец н | во тек на годината<br><br>јануари-мај | Изготвени стратешки документи/број на организирани форуми / нови партнерства<br><br>-нов управувачки одбор на ЛАГот со изготвена стратегија | Општина Крива Паланка<br><br>СИПР<br><br>Општина Крива Паланка Општина Ранковце Општина Кратово ЗГ ЛАГ | (чл<br><br>(чл |
| **Јакнење на општински капацитети** | -Постојано унапредување и јакнење на капацитетот на вработените во Одделението за локален економски развој | во тек на годината | Подобрени капацитети на вработени во ЛЕР/ број на обуки на кои учествувале | Општина Крива Паланка | |
| **Планиран буџет** | | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Врз основа на член 22, став (1), точка (13) и член 36 став (1) точка (15) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 14, став (1), точка (41) од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23 , 05/23, 14/23, 05/24, 09/24), а согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020) , Советот на општина Крива Паланка на ден 09.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ
# НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2026 ГОДИНА

Општина Крива Паланка во изминатата година имплементираше низа на мерки и активности со единствена цел подобрување на статусот на младите во локалната заедница и квалитетот на нивното живеење во современите услови. Изградени се повеќенаменски игралишта, памп трака и фитнес зона, доделени се низа на субвенции за стимулирање на младите – субвенции за купување на велосипеди, дигитални уреди, субвенции за матуранти, новозапишани ученици во гимназијата, купени се униформи за сите ученици во градот, обезбедени се бесплатни термини за користење на спортската сала, поддржани се проекти на граѓански организации со акцент на младински активизам и иницијативи и сл. Овие мерки дадоа резултат во зголемување на бројот на запишани ученици во локалната гимназија. Сите училишта во градот се реконструирани со нови енергетско ефикасни фасади и училници, со што значително се подобрени условите за работа во нив. Програмата за млади на општина Крива Паланка за 2026 година претставува продолжение на успешно имплементираните мерки во претходните години и истата е изготвена согласно детектираните потреби на младите, мерење на задоволството од досегашните проекти, директни состаноци и средби, комуникација со локалниот младински совет и врз база на анализа на постоечки истражувања и документи кои се однесуваат на национално и општинско ниво, а се донесува во согласност со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики и во неа се утврдени клучните приоритети кои можат да се решаваат согласно надлежностите и можностите на општината.

Со оваа програма се очекува регулирање на односите помеѓу младите и сите други чинители во општеството со посебен акцент на локалната самоуправа и на Советот на општината како носители на политиките на локално ниво, но и локалната и бизнис заедницата, кои треба да ја препознаат и унапредат положбата на младите мажи и жени, момчиња и девојчиња на локално ниво и во согласност со своите можности да одговорат на истите.

Во програмата се користени термини кои се родово определени и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол. Согласно тоа, битни термини користени во оваа програма се следните:

- **млади** - категорија на граѓани на возраст од15 до 29 години

- **младинска политика** - збир на мерки и активности кои се превземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал

- **младинско учество** - процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите

- **младинска работа** - организиран и системски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и оштествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на зедницата

- **младински работници** - квалификувани лица кои поседуваат компетенции за работа со млади луѓе спроведувајќи активности со кои се поддржува нивниот личен и социјален развој преку неформално учење.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Основни цели на Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2026 година се:

- Поттикнување на активно учество на младите во креирањето на локалните политики и подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница,
- Поттикнување и поддршка на младински иницијативи и волонтерски активности,
- Обезбедување на услови за личен, професионален и социјален развој на младите

Според Законот за младинско учество и младински политики Општина Крива Паланка од сопствениот буџет ќе издвои минимум средства од 0,1% на годишно ниво.

Вкупната висина на средствата предвидени за оваа програма од општинскиот буџет ќе изнесува 5**00.000.оо** денари и истите ќе бидат наменети за спореведување на активностите во согласност со Законот за младинско учество и политики.

- **<u>Поддршка на Локалниот младински совет</u>**

Во рамки на Советот на Општина Крива Паланка, како законска обврска, е формиран Локален младински совет како репрезентативно тело на младите на локално ниво. Локалниот младински совет како тело кое е своевиден репрезент на сите организации за млади или организации кои се занимаваат со третирање и решавање на младински прашања ќе биде поддржан од страна на Општина Крива Паланка со соодветно обезбедување на финансиски средства, но и друг тип на поддршка во интерес на решавање


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

на прашања, поврзани со младинските потреби и иницијативи. Во рамки на овој приоритет, ќе бидат поддржани следните активности:

- обуки за јакнење на капацитетите на членовите на советот.
- финансиска и техничка поддршка за организирање на младински иницијативи, кампови и настани.

Во оваа насока ќе овозможиме зајакнење на капацитетите на локалните млади со стекнување на нови знаења и искуства како и афирмација на младите на локално, национално или меѓународно ниво.

За реализацијата на овој приоритет од програмата неопходно е обезбедување на средства за уредување, опремување и отварање на

- **младински центар** кој ќе биде во согласност со Законот за младинско учество и политики и истиот ќе служи како место каде ќе се организираат дебати, работилници и други активности за личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите на локално ниво. Финанските средства ќе бидат обезбедени од донатори.

## 2. Информирање и поддршка на локалните млади

Со цел младите во општината да бидат постојано информирани и поддржани, ќе се обезбеди:

- редовно ажурирање на информации на веб страницата на општината и социјалните мрежи
- Поддршка за информативни настани за можност за образование, вработување и волонтирање

## 3. Финансиска помош за дигитални уреди и велосипеди

Според правилниците со кој се уредени условите и начинот и постапката за користење на финансиски средства за 2026 година, Општина Крива Паланка ќе додели:

- субвенција за купени дигитални уреди за студенти и студентки
- субвенција за купени дигитални уреди за млади невработени лица до 29 години од двата пола подеднакво, а се жители на општина Крива Паланка
- субвенција за купување на велосипиеди за девојчиња и момчиња

Висината на финасиските средства за 2026 со одлука на Совет на општина Крива Паланка ќе бидат дополнително утвредни и објавени.

## 4. Волонтерски програми и младински активизам



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

За поттикнување на волонтерскиот дух и активното учество на младите, општинатаќе:

- Спроведува волонтерски акции на различни теми од значење за заедницата.
- Организира обуки за млади активисти и волонтери за стекнување на лидерски вештини
- Признанија за младите кои активно волонтираат и придонесуваат за заедницата.
- Поддржува младински активистички проекти и иницијативи на различни теми од интерес на младите

## РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Активностите предвидени со оваа програма ќе се финансираат од различни ставки во Буџетот на општината и ќе се реализираат согласно можностите на Општина Кривца Паланка и во рамки на тековните годишни програми на општината.

По потреба оваа програма ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата и Законот за младинско учество и младински политики.

## ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка активностите на младите ќе ги помага со:

- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- покровителство;

За реализација на Програмата ќе бидат ставени на располагање сите човечки и технички ресурси со кои располага Општината. Во исто време активно ќе работи на унапредување на соработката на сите младински организации и младински тела на локално ниво како и обезбедување на позначаен институционален фокус и финансиска поддршка за млади и од националните власти.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува на сила осмиот ден од денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе биде применета од 01.01.2026.

**09-6407/31**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

# АКЦИСКИ ПЛАН
## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за млади за 2026 година на на Општина Крива Паланка

| Буџетска програма и конто | 1. | ЦЕЛ: Поттикнување на активно учество на младите во креирањето на локалните политики и развој на општественио | | |
|---|---|---|---|---|
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори |
| | **- партиципација на младите во процесот на носење на одлуки** | - присуство на претставник на ЛМС на седници на Совет на Општина Крива Паланка<br><br>- учество на младите во работилници<br><br>- учество на младите во буџетски форуми<br><br>-младински иницијативи | Јануари-Декември | - член на ЛМС присуствувале на седници на Совет на општина<br><br>(%) на млади во буџетски форуми подеднакво момчиња и девојч<br><br>- усогласени активностите националната стратегија за мл<br><br>- број на поднесени иниц страна на млади |
| | 2. | **ЦЕЛ:--Поддршка на младински иницијативи и волонтерски активности** | | |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | |
| | **Градење на капацитети и младинско информирање** | проектно-техничка документација за младински центар<br><br>- аплицирање на проект за опремување на младински центар<br><br>-опремување на младински центар<br><br>- обуки, поддршка на младински иницијативи и идеи, кампови<br><br>редовно ажурирање на информации на веб-страницата на општината и на социјалните мрежи.ековно ажурирање и надградување на web страната на општина за активности поврзани со млади<br><br>активности на Локалниот младински совет | Јануари-Декември | обезбедена проектоно документација<br>добиени средства за обезбед сигурен простор за 50%дев 50% момчиња за професионален и социјален млади од двата пола<br><br>функционален простор органобезбедена проектоно документација<br>добиени средства за обезбед сигурен простор за 50%дев 50% момчиња за професионален и социјален млади од двата пола<br><br>функционален простор организирање на дебати и ра земајќи ги во предвид о потреби на момчињата и дев во просторот (пр. соодветни средства за хигиена, пристап пристап за млади ли попреченост и сл.)<br><br>број на издадени соопштенија поврзани со млади<br>транспарентност<br>Општинасообјавувањена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | активностите кои<br>спроведуваатлокалните мом<br>девојчиња<br><br>број на квартални об<br>активности поврзани сомлади<br><br>реализирани активности пр<br>во програмата на ЛМС<br>број на девојчиња и момчиња<br>ќе присуствуваат на<br>кампови за млади<br>зирање на дебати и ра<br>земајќи ги во предвид<br>потреби на момчињата и дев<br>во просторот (пр. соодветни<br>средства за хигиена, пристап<br>пристап за млади л<br>попреченост и сл.)<br><br>број на издадени соопштениј<br>поврзани со млади<br>транспарентност<br>Општинасообјавувањена<br>активностите кои<br>спроведуваатлокалните мом<br>девојчиња<br><br>број на квартални об<br>активности поврзани сомлади<br><br>реализирани активности пр<br>во програмата на ЛМС<br>број на девојчиња и момчиња<br>ќе присуствуваат на<br>кампови за млади |
| | **3.** | **ЦЕЛ:-Обезбедување на услови за личен, професионален и социјален развој на младите** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| | **Воведување на стимулативни мерки за младите** | финасиска помош при купување на дигитални уреди за млади невработени лица до 29 годиниод двата пола<br><br>-финансиска помош при купување на велосипеди за девојчиња и момчиња<br><br>-користење на услуги на спортски објекти без надоместок подеднакво и за момчињата и девојчињата | јануари-декември | број на одобрени барањ<br>дигитален уредза студенти и студен<br><br>- број на одобрени барањ<br>дигитален уред за млади невработ<br>до 29 години од двата пола<br><br>-број на одобрени барања<br>велсипед за девојчиња и момчин<br>-број на искористени бесплатни т<br>спортските објекти за 2026 година |
| | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25) Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и чл. 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр.08/10, 08/14, 02/18, 03/19) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 05.12.2025 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната Патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2026 година

**ВОВЕД:**

Според законот за јавни патишта мрежата на јавните патишта ја сочинуваат државните патишта (автопатишта, експресните патишта, магистралните и регионалните патишта од прва и втора категорија) и општинските патишта и улиците во градовите и другите населени места. Критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки ги утврдува Владата на Република Македонија. Категоризација на јавните патишта на општински патишта и улиците во населените места согласно со тие критериуми врши Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

На планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата и инвестиционото одржување на јавните патишта и улици се применуваат прописите за градење и за просторно и урбанистичко планирање. Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје. По извршената изградба или реконструкција на јавен пат, на дел од јавен пат или објект на патот, се врши технички прием согласно со Законот за градење, врз основа на кој се издава одобрение за употреба на патот.

Според Законот за јавни патишта:

- Под изградба на јавен пат се подразбира изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.
- Под реконструкција на јавен пат се подразбира изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот.
- Под рехабилитација на јавен пат се подразбира подобрување и зајакнување на коловозната конструкција и објектите на патот (нивелетата, одводнувањето, сообраќајната сигнализација и друго), а во рамките на постоечкиот пат односно траса на патот.
- Работи на редовно одржување се сите активности со кои патот континуирано се


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот. Работи на


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

зимско одржување се сите активности за обезбедување на сообраќајот во зимски услови. Работи на периодично одржување се сите активности кои повремено се преземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура. Работи на интервентно одржување на патиштата се активности за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на патот.

Согласно со погоре наведеното, Донесувањето на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2026 година, е законска обврска која ги опфаќа сите активности за изготвување на техничка документација, градење, реконструкција, рехабилитација и тековно одржување на локалните улици и патишта.

Исто така, според Законот за јавни патишта, за изградба и одржување на дел од асфалтните и земјани патишта кои се на територијата на општината, а кои се рангирани како меѓународни, магистрални и регионални патишта надлежно за изградба, реконструкција и одржување е ЈП за државни патишта преку ЈП Македонија Пат, а за поголемиот дел во должина од околу 110 км асфалтен коловоз и околу 100 км земјан коловоз надлежна е општината.

На територијата на општина Крива Паланка постојат 34 населени места кои главно се доста оддалечени од градот. Тоа подразбира долга основна мрежа на локални патишта до централниот дел на селата која е главно со асфалтен коловоз, но и разгранета секундарна мрежа од земјани патишта кон пооделни маала во селата кои се главно од разбиен вид.

И покрај тоа што во изминатиов период доста се инвестираше во изградба и реконструкција на локалната патна мрежа, сепак потребни се уште многу повеќе средства за подобрување на глобалната состојба на општинско ниво.

Општина Крива Паланка за наредната 2026 година за реализација на дел од активностите кои се предвидени со оваа Програма, а кои се започнати или новопредвидени, веќе има обезбедено значителни финансиски средства главно од Владата на РСМ преку Министерство за транспорт. Во некои од овие проекти општината ќе учествува и со сопствени средства како делумно кофинансирање, а предвидени се финансиски средства и за самостојна реализација на одредени активности.

**Напомена:** За наредниот 4-годишен период 2026-2029 годд. донесена е посебна Развојна програма за изградба,реконструкција и рехабилитација на локална патна мрежа 2026-2029 за проекти кои се планираат за реализација со средства од Буџетот на Општината, па во оваа програма ќе бидат споменати проектите планирани за реализација или што ќе започнат во 2026 година.

**Техничка документација за улици и локални патни правци:**

Планирано е да се предвиди тригодишна рамковна јавна набавка за обезбедување на проектно-техничка документација за локални улици и патишта, па во



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

оваа програма ќе бидат споменати активности за проектирање планирани за реализација или што ќе започнат во 2026 година.

Општината посветува значително внимание на оваа област, имајќи во предвид дека без добро подготвена и спремна техничка документација тешко може да се аплицира за реализација на проектите пред меѓународни и државни институции

Покрај изработката на нова техничка документација во текот на 2026 год. дел од средствата ќе бидат наменети и за да се изврши доработка и комплетирање на дел од постоечка стара техничка документација и нејзино усогласување со важечките закони.

### 1.1 ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЛИЦИ ВО РАМКИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

- Изработка на техничка документација за улица покрај течението на Дурачка Река и усогласување на истата со проект за регулација на Дурачка Река на потег: Дом на Култура- Маневски Мост.
- Изработка на техничка документација за спој на ул.Р.Гогова и ул.Македонска
- Изработка на техничка документација за реконструкција и доизградба на ул. Херој Карпош со уредување на паркинг-простори
- Изработка на техничка документација за доизградба на ул.Р.Минев и поврзување со Баглак 3.
- Изработка на техничка документација за тротоари покрај магистрален пат на потегот од Бегови Бавчи до Клучка кај Облаче (во соработка со ЈПДП)
-
- Изработка на техничка документација за доизградба на ул.Горан Стојановски до Белевски Дол.

### 1.2 ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ

- Докомплетирање на техничка документација за поврзување на с. Градец со с.Осиче преку м.Домазетовци/Л = 3,0 км
- Докомплетирање на техничка документација за пристапен пат и мост кон нас. Крстата Падина/Л = 1.0 км
- Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт/Л = 3,50 км.
- Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Дубровница, маала СрбиновциЛ 1,50км
- Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Трново/Л = 10 км
- Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Подржи коњ/Л = 4,7 км
- Докомплетирање на техничка документација за локален пат од спој со А2 (Дервен чешма) кон-с. Варовиште)
- Докомплетирање на техничка документација за локален пат с.Конопница -с. Т‘лминци
- Изработка на техничка документација за реконструкција на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица/Л = 4.0км и понатаму кон с. Габар
- Изработка на техничка документација за реконструкција на патен правец Узем -Костур
- Изработка на техничка документација за реконструкција на патни правци во атар на с.Мала и Голема Црцорија
- Изработка на техничка документација за изградба/реконструкција на локален пат во с.


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Кркља во продолжеток на асфалт (Џиковци,Тукарци) во должина 1,5 км

- Изработка на техничка документација за реконструкција на патен правец с. Дурачка Река и с. Станци
- Изработка и доработка на техничка документација за други локални патни правци по иницијатива на месни заедници и граѓани.

- **ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА**

**2.1. Изградба и реконструкција на улици (во урбан дел)**

- Довршување на Реконструкција на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од мост Единство до клучка на излез кај Технички преглед (средства се обезбедени преку Владата на РСМ и МТ и делумно кофинансирање од страна на Општина Крива Паланка)
- Изградба на сервисна улица покрај левиот брег на Крива Река (од Зелен Пазар до мост на обиколница кај Данче сервис) (доколку се обезбедат средства)

**Преку развојната програма се планирани следниве активности:**

- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Коце Металец
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Орце Николов
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул Р.Минев
- 
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Глигор Прличев и Пере Тошев Реконструкција и рехабилитација на дел од ул. Н.Тесла (од Центар за култура кон Самсара)
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул. „Горан Стојановски“
- Реконструкција на део од улица Херој Карпош и уредување на јавен паркинг простор
- Санација на делови од коловоз и крпење на ударни дупки на други улици во урбан дел

**2.2 Изградба и реконструкција на локални патни правци:**

- Реконструкција на локален пат од Манастир кон с.Варовиште/Л = 6.5 км (средства се обезбедени преку Владата на РСМ и МТ)
- Реконструкција на локален пат с.Огут-с.Нерав/Л = 3,50 км (средства се обезбедени преку Светска Банка и МТ)
- Изградба на локален пат во с.Дурачка Река кон м.в. Метоф/Л = 1.00 км (средства треба да бидат обезбедени преку ЈПДП на РСМ со поранешна Одлука на Влада)
- Доизградба на локален пат Кр. Паланка-Кошари-Бс-Калин Камен (3-та фаза)/Л= 3.00 км во продолжение на изграден и асфалтиран дел, како и спореден крак Манастирски пат-Кошари
- Изградба на дел од локален пат кон Крстата Падина/Л= 1,00 км

(за дел од овие патни правци е аплицирано или ќе се аплицира за средства и ќе се

реализираат доколку бидат прифатени за финансирање)

**Преку развојната програма се планирани следниве активности:**

- Реконструкција и рехабилитација на дел од локален пат кон с. Дурачка Река и с.Станци
- Реконструкција на делови од локални патишта во с. Кркља
- Реконструкција и рехабилитација на локален пат во село Конопница кај пролетерски гаражи
- Реконструкција и рехабилитација на делови од локален постоен пат до село Градец

**2.3. Тековно одржување на локална патна мрежа и крпење на ударни дупки**

- Санација на делови од коловоз и крпење на ударни дупки на локални патни правци

Покрај гореспоменатите улици и локални патишта кои се предвидени за реконструкција и рехабилитација во текот на 2026 год. ќе бидат вршени и помали градежни активности за тековно одржување, обнова на коловоз од асфалт или калдрма и крпење на ударни дупки и замена на оштетени делови од асфалтни коловозни површини на одредени делови од локалната патна мрежа на кој ќе се појави потреба.

Овие активности се предвидени преку развојна програма.

**2.4 Одржување на локални земјани патишта и заштита на косини**

Во последниве години поради честа појава на невреме и поројни дождови кои се случуваат на територијата на општината настануваат оштетувања на скоро сите земјани патишта, па се појави потреба од нивно санирање и оспособување за одвивање на сообраќај бидејки се единствен пристап до одредени населени места.

Оваа активност ќе продолжи и во наредната година, како би се придонело за подобар и побезбеден моторен сообраќај на подрачјето на Општина Крива Паланка. За одржување на некатегоризирани маалски патишта со земјан коловоз во селските населби, општина Крива Паланка според проценките на стручните служби за состојбата на земјаните патишта, или по доставени барања од Месните Заедници или група граѓани, кои се оправдани и одобрени, ќе врши соодветно ангажирање на градежна механизација преку ЈП Комуналец или други економски оператори со кои има Договор.

На дел од локалните земјани патишта ќе се изврши делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци со земјан коловоз со градежна механизација во зависност од обемот на врнежи и оштетување на земјаниот коловоз, а заради нивно доведување во состојба на проодност и одвивање на сообраќај.

За овие активности се планира да се спроведе повеќегодишна јавна набавка 2026-2028 год за Санација и одржување на селска земјана патна мрежа


☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**2.5 Санација на свлечишта и заштита на косини на локални улици и патишта со изградба на потпорни зидови, поставување на габиони и заштитна мрежа и ограда**

Со оглед на релјефно-климатските и геомеханички карактеристики на земјиштето, во изминатиов период интензивирани се појави на свлечишта и одрони на делови од улици и локални патни правци на територијата на општина Крива Паланка. Тоа бара преземање на соодветни мерки за заштита на косините и трупот на патот за што се потребни значителни финансиски средства. На новопроектираните улици и патишта заштитата и стабилизација на косини е предвидена со самите проекти за патот. На постоечките патишта и локални улици се јавува исто така потреба од изградба на нови, реконструкција или санација на постоечки потпорни зидови. Овој дел е подетално разработен во програмата за уредување на градежно земјиште.

После невремето и поплавите кои ја зафатија територијата на општината во последниве две години се појавија повеќе свлечишта на локални улици и патишта од кои дел беа санирани од страна на општината, а на дел од нив санацијата ќе продолжи и во текот на 2026 година.

**4. Приходи и расходи**

Во делот приходи прикажани се само средствата кои се веќе обезбедени или се очекува да бидат одобрени од други институции, а се трансферираат преку буџетот на општината, како и сопствените средства на општината. Треба да се напомене дека дел од веќе обезбедените средства за реализација на програмата не проаѓаат преку буџетот, односно се исплаќаат директно на изведувачите на работите.(како што се средствата преку Светска Банка и МТВ. Доколку има прилив на други средства по однос на распишани повици и одобрени апликациии од други институции, истите ќе бидат вградени во буџетот со ребаланс.

**П Р И Х О Д И:**

1. Средства од Владата на РСМ и МТ предвидени со развојни програми за 2026 ...........................................................................................................63.000.000,00 ден.
2. Сопствени средства предвидени со развојна програма ..................27.000.000,00 ден.
3. Средства од ЈП за патишта на РМ за одржување на локална патна мрежа:..........................................................................................3.500.000,00 ден.

4. Други средства од буџет на општината: .............................................5.000.000,00 ден.

5. Очекувани средства од други институции : .......................................8.000.000,00 ден.

---

**ВКУПНО:** **106.500.000,00 ден.**



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**Р А С Х О Д И**

1. Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патни правци и улици во Општина Крива Паланка ........................................................ 97.500.000,00 ден.

2. Делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци (претежно со земјан коловоз): .....................................................................3.000.000,00 ден.

3. Тековно одржување на изградената патна мрежа и елементи на патот, поставувањена на пропусти,заштита на косини и крпење на ударни дупки: ..........................................................................................................1.000.000,00 ден.

4. Санација на одрони и свлечишта:............................................................1.000.000,00 ден.

5. Набавка и поставување на еластична одбојна ограда:............................1.000.000,00 ден.

6. Изработка и доработка на техничка документација:.................................2.000.000,00 ден


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

7. Експропријација ......................................................................................... 1.000.000,00 ден.

**В К У П Н О:** **106.500.000,00 ден.**

**Бр.09-6407/35**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2026 година на Општина Крива Паланка

| Буџетска програма<br>и конто | 1 | ЦЕЛ: Целта на програмата е изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори | Носител на активноста/ Одговорен | Буџет мкд |
| | Вовед Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините | Изработка на техничка документација Изградба и реконструкција Одржување и заштита на локална патна мрежа | континуирано | Добро изградена и одржувана и распространета мрежа на локални патишта | Одделение за комунална инфраструктура сообраќај Раководител и Одделението на | 106.500.000 |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1. Техничка документација за улици и локални патни правци:<br>1.1 ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЛИЦИ ВО РАМКИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН | ▪ Изработка на техничка документација за улица покрај течението на Дурачка Река и усогласување на истата со проект за регулација на Дурачка Река на потег: Дом на Култура- Маневски Мост.<br>▪ Изработка на техничка документација за спој на ул.Р.Гогова и ул.Македонска<br>▪ Изработка на техничка документација за | Јануар – и Декември 2026 | Подготвена техничка документација и одобренија водејќи сметка за интересот и приоритетите на граѓаните, посебно жените | Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај и Раководител на Одделението | 1.000.000 |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **реконструкција и доизградба на ул. Херој Карпош со уредување на паркинг-простори**<br>▪ **Изработка на техничка документација за доизградба на ул.Р.Минев и поврзување со Баглак 3.**<br>▪ **Изработка на техничка документација за тротоари покрај магистрален пат на потегот од Бегови Бавчи до Клучка кај Облаче (во соработка со ЈПДП)**<br>▪ **Изработка на техничка документација за доизградба на ул.Горан Стојановски до Белевски Дол.** | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.2 Техничка документација за локални патни правци | ▪ Докомплетирање на техничка документација за поврзување на с. Градец со с.Осиче преку м.Домазетовци/Л = 3,0 км<br>▪ Докомплетирање на техничка документација за пристапен пат и мост кон нас. Крстата Падина/Л = 1.0 км<br>▪ Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт/Л = 3,50 км.<br>▪ Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Дубровница, маала СрбиновциЛ 1,50км | Јануари – Декември 2026 | Подготвена техни чка документација и одобренија водејќи сметка за интересот и приоритетите на граѓаните, посебно жените | Одделение з а комунална инфраструкту ра и сообраќај<br>Раководител н а Одделението | 1.000.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ▪ Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Трново/Л = 10 км<br>▪ Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Подржи коњ/Л = 4,7 км<br>▪ Докомплетирање на техничка документација за локален пат од спој со А2 (Дервен чешма) кон-с. Варовиште)<br>▪ Докомплетирање на техничка документација за локален пат с.Конопница -с. Т‘лминци<br>▪ Изработка на техничка документација за реконструкција на патен правец од спој со А2- према црква во с. Длабочица/Л = 4.0км и понатаму кон с. Габар<br>▪ Изработка на техничка документација за реконструкција на патен правец Узем - Костур | | | | |


☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ▪ **Изработка на техничка документација за реконструкција на патни правци во атар на с.Мала и Голема Црцорија**<br>▪ **Изработка на техничка документација за изградба/ реконструкција на локален пат во с. Кркља во продолжеток на асфалт (Џиковци,Тукарци) во должина 1,5 км**<br>▪ **Изработка на техничка документација за реконструкција на патен правец с. Дурачка Река и с. Станци**<br>▪ **Изработка и доработка на техничка документација за други локални патни правци по иницијатива на месни заедници и граѓани.** | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА**<br>**2.1. Изградба и реконструкција на улици (во урбан дел)** | ▪ **Довршување на Реконструкција на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од мост Единство до клучка на излез кај Технички преглед (средства се обезбедени преку Владата на РСМ и МТ и делумно кофинансирање од страна на Општина Крива Паланка)**<br>▪ **Изградба на сервисна улица покрај левиот брег на Крива Река (од Зелен Пазар до мост на обиколница кај Данче сервис) (доколку се обезбедат средства)**<br>**Преку развојната програма се планирани следниве активности:**<br>• **Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Коце Металец** | **Јануари – Декември 2026** | **Изградени и реконструирани улици согласно планот, кои ги користат жителите (жени и мажи) во Крива Палака.**<br>**Притоа, во рамките на можностите се земени во предвид потребите на жените односно по кои улици најчесто поминуваат жените согласно некои груби проекции дека најчесто тие носат пешки деца до градинка, школо, одат на пазар, итн.** | **РаОдделение за комунална инфраструктура и сообраќајководител на Одделението** | **97.500.000** |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | • **Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Орце Николов**<br>• **Реконструкција и рехабилитација на дел од ул Р.Минев**<br>• **Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Глигор Прличев и Пере Тошев**<br>• **Реконструкција и рехабилитација на дел од ул. Н.Тесла (од Центар за култура кон Самсара)** | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ▪ Реконструкција и рехабилитација на дел од ул. „Горан Стојановски“<br>▪ Реконструкција на део од улица Херој Карпош и уредување на јавен паркинг простор<br>▪ Санација на делови од коловоз и крпење на ударни дупки на други улици во урбан дел | | | | |
| | **2.2 Изградба и реконструкција на локални патни правци:** | ▪ Реконструкција на локален пат од Манастир кон с.Варовиште/Л = 6.5 км (средства се обезбедени преку Владата на РСМ и МТ)<br>▪ Реконструкција на локален пат с.Огут-с.Нерав/Л = 3,50 км (средства се обезбедени преку Светска Банка и МТ)<br>▪ Изградба на локален пат во с.Дурачка Река кон м.в. | Јануари – Декември 2026 | Изградени и реконструирани патни правци согласно планот, кои ги користат жителите (жени и мажи) во Крива Палака. | Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај<br>Раководител на Одделението | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Метоф/Л = 1.00 км (средства треба да бидат обезбедени преку ЈПДП на РСМ со поранешна Одлука на Влада)**<br>▪ **Доизградба на локален пат Кр. Паланка-Кошари-Бс-Калин Камен (3-та фаза)/Л= 3.00 км во продолжение на изграден и асфалтиран дел, како и споредем крак Манастирски пат-Кошари** | | | | |



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1. Набавка на декоративен камен | 1.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>1.2. Набавка и уградување на декоративен камен | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Набавен камен за потребите на општината и ЈП Комуналец | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 200.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскиперио д | Резултати/индикатори | Носителнаактивно ста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 2. Активности за редовно одржување на атмосферската инфраструктура (чистење на долови, сливни подрачја, атмосферски канали, атмосферки решетки, минор корито и реки) | 2.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>2.2. Избор на правно лице кое ќе врши одржување на атмосферската инфраструктура | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Исчистени речни корита, атмосферска канализација и долови и спречување на можноста за поплави | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 700.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскиперио д | Резултати/индикатори | Носителнаактивно ста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 3. Набавка на нови 150 контејнери за комунален отпад | 3.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>3.2. Набавка и поставување на контејнери | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Подобрена услуга во управувањето со отпадот | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 600.000 денари |

| | Задача /Проект | Активности | Временскиперио д | Резултати/индикатори | Носителнаактивно ста/ Одговорен | Буџетмкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 4. Набавка на тримери | 4.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>4.2. Набавка и поставување на тримери | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 500.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскиперио д | Резултати/индикатори | Носителнаактивно ста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 5. Набавка на тракторски косачки | 5.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>5.2. Набавка и поставување на тракторски косачки | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 620.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскиперио д | Резултати/индикатори | Носителнаактивно ста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 6. Набавка и одржување на елементи за санација на постоечки автоматски системи за наводнување (градски парк, косина кај стара кожара, косина кај Борчева кафана) | 6.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>6.2. Избор на правно лице кое ќе врши одржување на надградба на системот за наводнување | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 140.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскиперио д | Резултати/индикатори | Носителнаактивно ста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 7. Набавка и одржување на елементи за системи за новднување и полевање (косина кај технички преглед, косина кај кипер маркет) | 7.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>7.2. Избор на правно лице кое ќе врши одржување на надградба на системот за наводнување | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 140.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскиперио д | Резултати/индикатори | Носителнаактивно ста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 8. Набавка и одржување на автоматски систем за наводнување и полевање со техничка вода на зелените површини во речното корито на крива Река на потег Градски базен – населба Бегови бавчи (лево и десно) | 8.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>8.2. Избор на правно лице кое ќе врши одржување на надградба на системот за наводнување | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 140.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскиперио д | Резултати/индикатори | Носителнаактивно ста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 9. Набавка и одржување на автоматски системи за наводнување и полевање на уредени зелени површини на | 9.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>9.2. Избор на правно лице кое ќе врши одржување на надградба на | 01.01.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП | 140.000 денари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | локација Технички преглед | системот за наводнување | 31.03.2026 | | Комуналец | |
| | Задача /Проект | Активности | Временскипериод | Резултати/индикатори | Носителнаактивноста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 10. Набавка и одржување на автоматски системи за наводнување и полевање на уредени зелени површини на локација мотел Македонија | 10.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>10.2. Избор на правно лице кое ќе врши одржување на надградба на системот за наводнување | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 140.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскипериод | Резултати/индикатори | Носителнаактивноста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 11. Набавка и одржување на автоматски системи за наводнување и полевање на спортски комплекс и терен за голем фудбал | 11.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>11.2. Избор на правно лице кое ќе врши одржување на надградба на системот за наводнување | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 140.000 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскипериод | Резултати/индикатори | Носителнаактивноста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 12. Набавка и одржување на автоматски системи за наводнување и полевање на уредени зелени површини на локација Бабин дол | 12.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>12.2. Избор на правно лице кое ќе врши одржување на надградба на системот за наводнување | 01.01.2026<br>31.03.2026 | Уредени јавни површини | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец | 140.000 денари |

## ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА

### I. ПРЕДВИДЕНИ ГОДИШНИ АКТИВНОСТИ

**Вкупно: 2.900.000 денари**

### II. АКТИВНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ ПРЕКУ РАЗВОЈНА ПРОГРАМА (АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА)

**Вкупно: 3.600.000 денари**

**ВКУПНО I+II.......................................................................................................6.500.000 денари**

**Број 09-6407/45**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка'') бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за животна средина на Општина Крива Паланка**

**за 2026 година**

1.Се објавува Програма за животна средина на Општина Крива Паланка

за 2026 година ,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 –6407/46**
**10.12.2025 год.**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**


☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23)и член 14 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2026 година**

**1. ВОВЕД**

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со членовите 26, 27, 28, 29 и 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/23) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот; условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето. За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени. Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерилизирани/кастрирани едники, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа. По стерилизација/кастрација сите животни се вакцинирани, обележани (ушна маркичка или чип), фотографирани и регистрирани.

**2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ**

Општините во Република Северна Македонија како основни носители на оваа Програма и релевантни субјекти во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, се раководат од следните принципи:

**2.1. Принципи на континуитет** – Програмата се разгранува на подпрограми, стратегија, се надоврзува на проекти кои се претходно направени, усвоени и применувани во оваа област (или алтернативно кои ќе бидат направени).

**2.2. Универзален принцип** – Програмата се надоврзува на сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни, неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како напуштање и занемарување, проблеми кои се во голема мерка главен причинител за зголемување на бројот на напуштени животни. Од тие причини е клучно да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.Комуналната редарска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно Одлуката за комунален ред. Воедно е неопходно да се изврши измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на општина Крива Паланка со кое ќе се уреди:

- Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици;
- Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под содветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина;
- Ќе се забрани непречено размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница; и
- Ќе се предвидат санкции за напуштање на миленик.

Општината Крива Паланка во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законските обврски на сопствениците на миленици, преку едукативна кампања.

**2.3. Принцип на одржливост** – Програматавоспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општините, со кој трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него.

**2.4. Принцип на соработка** – Програмата се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и здруженијата за заштита на животните.

## 3. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**3.1. Цели** – Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без

присуство на сопственикот во општина Крива Паланка, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица; и

2) комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање)

Спроведувањето на оваа Програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатности и потешки последици за граѓаните и самите животни.

Контрола на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превентираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните – кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите со каснување опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави. Се воспоставува контрола на терен при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција и други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишто и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучињата од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање на животни (трајно обележување, чиповање и регистрација на сопственици на кучиња, едукација на сопствениците, казнување на неодговорните сопственици).

Изградба на систем за трајна контрола и мониторинг за намалување на бројот на бездомни кучиња, со активно и одговорно учество на сите општествени фактори, особено на здруженијата за заштита на животни.

## 4. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Активностите за хумано третирање на бездомни животни на подрачјето на Општина Крива Паланка подразбира:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационар;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болести;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- социјализација на животните;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето;
- повик кампања за домување;
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината.

### 4.1. **Заловување и транспорт**

Процесот на заловување на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот престставува првата процедуракоја е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањете, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги трауматизира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредна околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура. Лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

начин кој нема да ја компромитира акцијата. Поради евиденција, да се сними како тече заловувањето. Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа – успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни. Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните. Униформите и возилото се видно обележани.

Заловувањето во ридско планинските населени места е мошне тешко остварливо односно многу често е неуспешно заради широкиот слободен простор и големо присуство на вегетација.

Заловувањето на опасни кучиња кои имаат сопственици а истите се чуваат во дворни места и станбени простори е со посебна постапка и надлежност на ветеринариот инспекторат при АХВ.

## 4.2. **Стационар и медицински третман**

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомните кучиња, каде треба да подложи на клинички преглед, хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити. Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Севкупниот наведен третман (стерилизација/кастрација, дехелминтизација, вакцинација, обележување со ушна маркица или микро чип) за секое животно е на терет на општината. За да постои центар за привремен престој на животните или прифатилиште, неопходно е овој објект да ги задоволува пропишаните норми во Правилникот за техничките услови за прифатилишта, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназија, начинот за водење евиденција и начинот за вршење надзор, форма и содржина на регистарот и начинот на регистрација, како и информации потребни за регистрација.

Стационарот е објект од тврда градба, лоциран на одредено место во општината, опремен со содветни простории за медицински третман, како и кафези – боксови за сместување на животните. Заловените животни се транспортираат до стационарот каде се врши клинички преглед, вакцинација и дехелментизација. Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.Се напоменува дека со животните можат да работат само ветеринарни лица и стручни лица, лица кои поминале соодветни обуки и припадници од здруженија за заштита на животните. Тие со животните се обврзани да постапуваат грижливо и хумано, задоволувајќи ги стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. За животот на животните може да се оценува само

ветеринарно лице. Односот кон животните може да биде предмет на мониторирање од страна на здруженијата за заштита на животните, со цел, при евидентирање на одредени нерегуларности, да се укаже помош за нивни надминување (согласно европските најдобри практики во овој домен).Секое заловено куче здравствено се третира, се врши превентивна здравствена заштита и тест за социјализација , согласно со прописите од областа на ветеринарното, по што истите се вдомуваат или се враќаат во реонот каде биле заловени. Тие треба да бидат трајно обележани со микрочип, а во случај да бездомните кучиња бидат вратени во реонот на заловување и со други видливи средства за идентификација, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање. Во случај кога се работи за опасно куче се спроведува тест за социјализација за утврдување на агресивноста. Доколку се утврди дека кучето не е агресивно, по спроведување на мерките согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,тоа се нуди за вдомување или се еутанизира во случај кога се исцрпени сите можности за вдомување но не подоцна од 30 дена сметано од денот кога е спроведен тестот за социјализација. Доколу се утврди дека кучето е агресивно, кучето се еутанизира. Постапката се спроведува од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Крива Паланка ќе склучи договор.

Исто така, секое заловено куче ќе биде испитано на болеста Лајшманиоза. Испитувањето на болеста Лајшманиоза се прави пред да се извршат други превентивни мерки (вакцинација, дехелминтизација и стерилизација). Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, кучето треба повторно да се тестира со молекуларен метод. Бездомните кучиња кои се позитивни на лајшманиоза треба да се еутанизираат веднаш. Постапката ќе биде спроведено од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Крива Паланка ќе склучи договор.

### 4.3. Стерилизација (овариохистеректомија и орхиектомија)

Стерилизацијата е најефикасната мерка која, спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил проблемот со напуштените кучиња. Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат – стерилизираат. По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничко одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменски кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот. Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

### 4.4. Посвојување и вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените животни. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересираните граѓани. Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски отворени веб портали, со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.

Не е дозволено вдомено куче да се пушта слободно на улица и истото ќе се третира како неодговорно сопственишто.

### 4.5. **Еутаназија**

Еутаназијата е во целост неефикасен метод за контрола и решавање на проблемот со напуштените животни на долгорочно ниво и препорачано од страна на Светската Здравствена Организација може да се спроведе само и исклучиво како хумана еутаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени и кога е невозможно да се елиминира болката. Во тој контекст, а во рамки на оваа програма, еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случај кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување на еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутанизирани животни. Еутанизираните животни се отстрануваат согласно законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 5. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенцијамеѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни истарателите на бездомни животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите) како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишто, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;

- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;

- Да се промовира одговорна грижа за „маалските“ бездомни животни;

- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;

- Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;

- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;

- Да се поттикнат луѓето да пријават малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

Од страна на правното лице кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство а со кое Општина Крива Паланка ќе склучи договор е потребно податоците за сите заловени кучиња скитници во 2026 година, како и постапката и третманот за истите, да бидат евидентирани во Информационен систем на Агенција за хранаи ветеринарство.

## 4. ПРОЦЕНКА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА КУЧИЊА

Направена е проценка на популацијата на кучиња скитници за 2026 година и истата опафаќа:

- проценетата бројка на кучиња скитници во урбаниот дел на општината изнесува околу 40 кучиња;

- проценетата бројка на кучиња скитници во околните населени места изнесува околу 40 кучиња, со најголем процент во селата Конопница, Мождивњак, Узем,Дурачка Река и Жедилово.

Заловувањето ќе се врши во урбаниот дел на општината, како и во руралните населени места, првенствено во селата Конопница, Мождивњак, Узем, Дурачка Река и Жедилово каде застапеноста на кучиња скитници е најголема. Исто така заловување на кучиња скитници ќе се организира и по пријави на граѓани.

## 4. **ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година. Потребните средства за реализација на програмата за заловување и третирање изнесуваат 1.000.000,00 денари. Потребните средства се предвидени за заловување и третирање на околу 100 кучиња скитници на територијата на општина Крива Паланка, и тоа во урбаниот дел на општината како и во руралните подрачја

на општината. Плаќањето на изберениот економски оператор за ваква намена ќе се врши врз основа на извршената реализација поткрепена со записник од комунален инспектор.

## 5. НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка. Контролата на популацијата (извршител на програмата) ќе биде прифатилиште за кучиња кое има одобрение од Агенцијата за храна и ветеринарство, а истото ќе биде избрано по пат на јавен оглас за јавна набавка согласно законските прописи. Носителот на активностите од оваа програма годишно доставува извештај за реализација на програмата на крајот од годината до Советот на Општина Крива Паланка.

## 6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се спроведува на целата територија на општина Крива Паланка (урбан дел и рурални подрачја). Динамиката на спроведување ќе се определува согласно потребите. Проценет број на кучиња за заловување во 2026 година изнесува околу 80 кучиња.

## 7. НАДЗОР

Инспекциски надзор над заловувањето се врши преку Одделението за инспекциски надзор преку Овластен комунален инспектор додека спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор го вршат официјални ветеринарни инспектори при Агенцијата за храна и ветеринарство во соработка со Здруженијата за заштита на животните.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2026 година. По усвојување на програмата од страна на Советот на Општина Крива Паланка истата се доставува до Агенцијата за храна и ветеринарство. По усвојување на програмата на предлог на носителот на програмата ОпштинаКрива Паланка ќе спроведе постапка за избор на економски оператор за собирање и третирање на кучиња скитници.

**Бр.09-6407/47**
**09.12.2025год.**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Миле Трајковски с.р**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 3-та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/48**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2026 година

| Буџетска програма и конто | 1 | ЦЕЛ: Главна цел на Програмата е контрола над популацијата на третман на бездомни кучиња, односно нерегистриран површини без присуство на сопственикот во општина Крива Паланка, ефикасно, одговорно, хумано, трајн гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението кај мажоте и жените и спречи создаван | | |
|---|---|---|---|---|
| P1 425510 | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| | **1.1 Решавање на проблемот со кучиња скитници** | 1.1.1. Заловување на животните | **01.01.2026 – 31.12.2026година** | **18059 граѓани (51,5% маж 48.5% жеени ќе би заштитени од постоечк кучиња Заловени околу кучиња на територијата општина Крива Паланка.** |
| | | **1.2.1.** Транспорт до стационар | | |
| | | **1.3.1.**Прием и преглед од овластен ветеринар | | |
| | | **1.4.1.**Лабараториско испитување на животните на одредени болести | | |
| | | **1.5.1.**Идентификација и водење евиденција | | |
| | | **1.6.1.**Овариохистеректомија и орхиектомија | | |
| | | **1.7.1.**Постоперативно сместување, лекување и нега | | |
| | | **1.8.1.**Вакцинација и дехелментација | | |
| | | **1.9.1.** Социјализација на животните | | |
| | | **1.10.1.** Веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето | | |
| | | **1.11.1.** Повик кампања за домување | | |
| | | **1.12.1.** Повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени | | |
| | | **1.13.1.** Еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината | | |



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

Врз основа на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр.193/16, 72/2018 и Сл. Весник на РСМ 16/22) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр.08/10, 08/14, 02/18, 03/19) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 09.12.2025 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

За уредување на градежно земјиште во Општина

Крива Паланка за 2026 година

**ВОВЕД:**

Изготвувањето и донесувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка претставува законска обврска на Општината.

Уредувањето на градежното земјиште ги опфаќа сите активности поврзани со обезбедување на соодветна комунална инфраструктура кои во најголем дел се содржани во посебните програми кои ги донесува Советот на општината како што се: Програмата за локална патна мрежа, Програма за водоводна и канализациона мрежа, Програма за јавно осветлување и сл, така да во оваа програма се опфатени другите активности кои не се опфатени со засебните програми

Спроведувањето на програмата за уредување на градежно земјиште односно планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурните објекти и другите градежни активности поврзани со уредување на градежното земјиште ќе се врши согласно на донесените урбанистичките планови на град Крива Паланка, како и према донесените општи акти за населените места, односно друга важечка планска документација.

Напоменуваме дека Програмата треба да биде усогласена со Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост кој го донесува Министерството за транспорт и врски. Работите кои не се дефинирани или прецизирани со Правилникот ги уредуваат други одредби од оваа Програма.

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2026 година ги опфаќа следните делови кои понатаму се подетално разработени:

1. Просторот кој е предмет на уредување.



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.

3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната комунална инфраструктура.

4. Извори на финансирање на Програмата.

5. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште.

6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба.

7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата.

8. Динамика на извршување на програмата.

Кога уредувањето на земјиштето се врши преку учество на приватен партнер според Законот за градежно земјиште и други законски прописи меѓусебните права и обврски меѓу правното или физичко лице и општината ќе бидат уредени согласно со одредбите кои произлегуваат од тие закони.

## 1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Градење на објект се врши на уредено градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со генерален и детален урбанистички план го вршат општините.

Доколку општината не го уредува земјиштето, истото го врши инвеститорот на сопствен трошок за што инвеститорот не го плаќа целиот надоместок за уредување на градежно земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши врз основа на оваа Програма. Експропријација на сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, на земјиште, згради и други објекти (недвижности) и растенија заради изградба на објекти од комуналната инфраструктура предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште се врши како јавен интерес на трошок на општината.

Под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти од комуналната инфраструктура поради:

- Обезбедување непречен пристап до градежната парцела од јавен пат.
- Обезбедување на приклучок на водоводна мрежа.
- Обезбедување на приклучок во канализација (фекална и атмосферска).
- Обезбедување приклучок на електрична, и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно.

Уредувањето на градежното земјиште за изградба на објекти надвор од границата на урбаниот опфат на населено место, како и во случаите кога уредувањето не е предвидено со Програмата го врши инваститорот на сопствен трошок.

## 2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

### 2.1. Подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште

**се сметаат следните работи:**

- Изготвување на Генерален урбанистички план,
- Изготвување на Детален урбанистички план,
- Изготвување на друга урбанистичко –планска документација предвидена со закон
- Изработка на техничка документација на ниво на Основен проект,
- Извршување на основни геомеханички испитувања,
- Решавање на имотно-правните односи со поранешните сопственици.

### 2.2. Расчистување на градежно земјиште ќе се врши при изградба на:

- Основна инфраструктура, основни градски сообраќајници и објекти од водоводна, канализациона и електрична мрежа.

### 2.3. Опремување на градежното земјиште



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Под опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации од колективно и индивидуално значење надвор од локацијата ќе се сметаат следните работи:

- Проектирање и изградба на улици надвор од локации, односно приспособување на постојниот пристапен пат и обезбедување пешачки пристап до објектот;
- Кога се решава пристап само за една семејна куќа, сопственикот сам го гради пристапот, а добива само помош за следните работи:

**2.4.Трошоците за дворно уредување, потпорни и оградни зидови, пристапни патеки, дворни зеленила, приклучни и други видови такси се на товар на инвеститорот.**

**2.5.Трошоци за изградба на објекти кои се од заеднички интерес на општината и инвеститорот, го заштитува индивидуалниот станбен објект а се во делот на изградбата на основната комунална инфраструктура улици, патишта, водовод, канализација и друго ќе бидат градени во соодност 50:50%.**

За населени места за кои се уште нема урбанистички планови или друга урбанистичко-планска документација општината нема обврска да го уредува градежното земјиште.

**2.6. Превземените обврски во уредувањето на градежното земјиште се до донесување на оваа Програма ќе се извршуваат според програмата за уредување на градежно земјиште за претходната година, односно според договорените обврски, а ќе се финансираат од средствата на оваа Програма**.

## 3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

- Опремувањето на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:

- Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и друго според урбанистичкитепланови;
- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежната парцела;
- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;
- Проектирање, реконструкција, изградба и доизградба на атмосферска канализација;
- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;
- Проектирање и изградба и доизградба на улично осветлување според програмата;
- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на

урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и проектираното партерно решение.

**Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура со задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потреба до границите на градежната парцела.**

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде: основен, повисок или понизок од основниот.

**Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и др. површини согласно урбанистички планови,
- подземна електрична мрежа ,
- улично осветлување,
- водоводна мрежа,
- фекална канализациона мрежа, и
- атмосферска канализација.

**Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од став (2) на овој член, како и:**

- ПТТ (оптичка - телекомуникациска) мрежа,
- топлификациска мрежа,
- паркинг простори,
- Гасоводна мрежа,
- пречестителна станица за отпадни води.

**Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,
- сопствено водоснабдување(нема приклуочок на водоводна мрежа),
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација);
- сопствен одвод на атмосверски води (нема приклучок на атмосверска канализација);
- нестандардно улично осветлување;
- надземна нестандардна електрична мрежа.

(1) Трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат во согласност со реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденоста на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно член 2 на овој правилник, во кои се засметани и трошоците за хидротехничките услови за приклучоци.


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

(2) Трошоците за уредување на градежното земјиште за повисок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно член 2 на овој правилник, можат да се зголемат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во член 2 став (3) од овој правилник, за најмногу 20% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

(3) Трошоците за уредување на градежното земјиште за понизок степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура согласно член 2 на овој правилник, може да се намалат доколку се изведени сите комунални инфраструктурни мрежи наведени во член 2 став (4) од овој правилник, за најмалку 80% од утврдените трошоци за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комунална инфраструктура.

## 3.1. ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 3.1.1. Техничка документација за атмосферска канализација

- Техничка документација за атмосферска канализација на делови од некои порано асфалтирани улици на кој нема изградено атмосферска канализација, а се јавуваат проблеми при пообилни врнежи.

Напомена:атмосферските канализации најчесто се предвидуваат во техничките документации за улици

### 3.1.2 Техничка документација за регулација на буици и водотеци

**Предвидена е тригодишна рамковна јавна набавка во која се предвидени следниве активности:**

- Изработка на техничка документација за регулација на дел од Дурачка Река
- Изработка на техничка документација за регулација на делови од долот во нас.Единство
- Изработка на техничка документација за регулација на дел од дол покрај ул.Горан Стојановски и спој со Св.Јоаким Осоговски (кај Марнес)
- Изработка на техничка документација за доизградба и регулација на Домачки дол
- Изработка на техничка документација за доизградба на Белевски дол
- Изработка на техничка документација за доизградба и регулација на Куков дол
- Изработка на техничка документација за доизградба и регулација на Бантов дол
- Изградба и регулација на дол во село Конопница – Циглана
- Изградба и регулација на дол во село Конопница покрај улица Вршачка
- Изградба и регулација на дол покрај зграда на технички преглед

Напомена: Во 2026 година ќе се работи на дел од горенаведените технички документации согласно утврдени приоритети и можности за обезбедување на финансиски средства за реализација


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**3.1.2 .Изработка на техничка документација и елаборати за поставување на урбана опрема за спортско-рекреативни и детски игралишта**

- Предвидена е посебна развојна програма **за обезбедување на проектно-техничка документација со изградба на спортско/рекреативни содржини и детски катчиња 2026-2029 во рамките на која се предвидени:**

| |
|---|
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче во село Конопница- населба Трнци |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче со мини спортски терен во село Конопница-населба Стамболици |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче со мини спортски терен во село Конопница-локација Паднени бандери |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче во село Градец-населба Крстата падина |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче и спортски терен за мал фудбал во село Длабочица |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче во село Мождивњак-Дубје |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче во село Мождивњак |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче во село Дурачка Река |
| ▪ Проктирање и изведба на детско катче во село Жидилово |
| ▪ Проектирање на детско катче и сортски терен во населба Белево |
| ▪ Проектирање и изградба на детско катче зад зградата кај технички |
| ▪ Проектирање и изведба на зелен парк во населба Осичка мала на локација комплекс згради |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче во Баглак 3 |
| ▪ Проектирање и изведба на детско катче во село Конопница-Деловодци |
| ▪ Проектирање и изградба на фудбалско игралиште во Лозаново |
| ▪ Проектирање и изградба детско катче во населба Цонев Рид |

Напомена: Во 2026 година ќе се работи на дел од горенаведените активности согласно утврдени приоритети и можности за обезбедување на финансиски средства за реализација

**3.1.3. Изработка на техничка документација за пристапни пешачки патеки и скали**

- Скали за пристап кон ул.Никола Тесла -лев крак
- Други локации по барање на граѓани за реализација на урбанистички план

**3.1.4 Изработка на техничка документација за изградба, реконструкција и санација на мостови и пропусти.**

Општина Крива Паланка е избрана да добие целосна експертска и финансиска поддршка во рамките на проектот на НАЛАС " Вклучување на родовата перспектива во испораката на локални услуги низ земјите од Југоисточна Европа преку НАЛАС" за изработка на студија на случај и алатки за учење како и избор на најдобри пракси во оваа област.

Мерка за реализација во рамки на проектот: ***Намалување на загадувањето во водите на р. Крива Река со поставување на мрежи за собирање на цврст отпад по течението на реката*** со дефинирани цели:

- Намалување на количината на цврст отпад што завршува во коритото на Крива река
- Подобрување на квалитетот на водата и заштита на биодиверзитетот, како и уредноста и изгледот на реката
- Зголемен степен на соработка на општината со ЈКП за воведување на локални услуги согласни различните потреби на жените и мажите
- Зголемување на јавната свест и заедничката одговорност на мажите и жените и сите релевантни чинители за чиста животна средина и чиста вода која се користи најмногу од жените
- Поттикнување на рамноправна вклученост на жените и мажите во процесите на донесување на одлуки
- Воспоставување на мултисекториски соработки на локално ниво за спроведување на локалните еко-иницијативи

## III. ОСНОВНИ ЗАДАЧИ

**1. Институционална поддршка и координација**

- Редовно функционирање на механизмите за еднакви можности (КЕМ, интерсекторска група, координатор)
- Учество на општината во национални и регионални иницијативи како и иницијативи и проекти од НВО.

**2. Интегрирање на родовата перспектива во локалните политики**

- подготовка на анализи и процени на состојбите
- родова анализа на програмите и услугите на општината

**3. Едукација и подигнување на јавната свест**

- спроведување на обуки, работилници и кампањa за родова еднаквост
- вклучување на младите, училиштата и локалните институции

**4. Поддршка на ранливи групи и родово сензитивни услуги**

- активности насочени кон жени од руралните средини, самохрани родители, жртви на семејно насилство и др.
- Подобрување на пристапот до информации и услуги

**5. Поддршка за економско осамостојување на жените**

- поттикнување локални иницијативи, обуки, програми за претприемништво и финансиска писменост

## IV. МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

3. **Работни средби** –Организирани за координација помеѓу КЕМ, Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање , Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;

- **Дискусионо обучувачки методи** – ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките, предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти.
- **Истражувачко аналитички методи-** ќе се користат при и по анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);
- **Информативно промотивни –** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;
- **Правни** – ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно законските надлежности на општината.
- **Финансиско сметководствени методи** – ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, средства од проекти и донации.

## VI. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка, активностите во соработка со граѓанскиот сектор ќе ги помага и со:

Покровителство;

- Доделување награди и признанија;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање, форуми, трибини, дебати, кампањи и сл. на теми што се од јавен интерес;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на еднаквите можности во соработка и со граѓанските организации , кои се еден од главните партнери во реализацијата на активностите на Општината.

## VII. МОНИТОРИНГ  И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка и Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање  ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата  и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за  социјална политика, демографија и млади  од страна на координаторката за еднакви можности на жените и мажите  ќе биде доставен годишен извештај  за имплементација на активностите,нивната реализацијата како и напредокот на општината во имплементација на родово одговорното буџетирање, со тоа во делот на евалуацијата се вклучува и Секторот за еднакви можности при Министерството Министерството за  социјална политика, демографија и млади.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2026 г.
Програмата е родово сензитивна и вкупниот буџет на програмата од **170.000,00** денари.

**Изготвил:**
**Координаторка за еднакви можности мажите и жените**
**Гордана Ристовска**

**Бр.09-6407/87**
**09.12.2026 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Миле Трајковски**


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма**
**За активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година**

1.Се објавува Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година,што Советот ја донесе на 3 -та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/88**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

# АКЦИСКИ ПЛАН
## Оперативна, родово сензитивна буџетска програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите на Општина Крива Паланка за 2026 година

Буџетска програма: **РОДОВА ЕДНАКВОСТ Џ10**

**1. ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: РОДОВО ОДГОВОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ПОЛИТИКИ**

| Задача /Проект | Активности | Временски период | Резултати/индикатори |
|---|---|---|---|
| **1.1. Интегрирање на родовата перспектива како составен дел од процесот на креирање политики и стратешко планирање на општина Крива Паланка .** | 1.1.1. Анализа на родова еднаквост во општинските плански и развојни документи | Континуирано во 2026 | Усвоени родово одговорни политики,<br>Вклучени родови индикатори,<br>Годишен извештај за родова анализа |
| | 1.1.2. Обезбедување на податоци раздвоени по пол од сите сектори | Континуирано | Достапни родово-разделени податоци |
| | 1.1.3. Изготвување на родова анализа за буџетските програми | Јануари – октомври 2026 | Подготвена анализа<br><br>Препораки интегрирани во буџетот |
| | 1.1.4. Обука за родово одговорно буџетирање | Прва половина на 2026 година | Обучени 20 административни работници и 15 советници |

**2. ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: Зајакнување на институционални капацитети;**

| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
|---|---|---|---|
| 2.1. Подобрување на институционална координација и работата на механизмите за еднакви можности | 2.1.1. Редовни состаноци на КЕМ (најмалку 4 годишно) | Континуирано во 2026 | • 4 одржани состаноци<br>• Записници и препораки |
| | 2.1.2.Интерсекторска координација | Континуирано во 2026 | • 3 Интерсекторски состаноци |
| | 2.1.3. Годишен извештај | Февруари 2027 | Доставен Извештај до МТСП |

**3. ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: ЕКОНОМСКО И СОЦИЈАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ**

| **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
|---|---|---|---|
| 3.1. Поттикнување еднаков пристап до економски ресурси и можности | 3.1.1. Работилници за женско претприемништво и финансиска писменост | **Цела 2026** | • **2 реализирани работилници** за јакнење на претприемничките и финансиските вештини кај жените.<br><br>• **45 обучени жени** кои стекнале знаења и |



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | алатки за развој на сопствен бизнис и подобро управување со личните финансии.<br>• **45 жени** кои стекнале нови претприемнички и финансиски вештини што придонесува кон нивно економско зајакнување.<br>• Процент на новоотворени бизниси од 45 обучени жени – цел: 15% ( 7 нови бизниси). |
| | | 3.1.2. Промоција на успешни жени претприемачки | **Цела 2026** | • 6 профили/ прилози објавени |
| | | 3.1.3. Поддршка на жени од рурални средини – обуки за „продажба од врата“ | **Прва половина на 2026** | • 10 обучени жени за продажба на сопствени производи од праг.<br>• 10 жени вклучени во активности |
| | | 3.1.4. Промовирање на ментално здравје, психолошка стабилност и социјално зајакнување кај жените и мажите - Организација на настан за јога | **Јуни 2026** | - Организирање групна активност за промоција на менталното здравје и благосостојба преку техники за релаксација и телесна свесност (јога час) со вклучување на 30 учесници<br>- Број на учесници (најмалку 30% мажи)<br>-Подигната свесност на 30 лица за важноста на психофизичкиот баланс |
| | **4.** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| | 4.1.Зголемување на свеста и подобрување на услугите за жртви на насилство | 4.1.1. Кампања за спречување родово базирано насилство – 16 дена активизам | **Ноември- Декември** | • **Реализирана кампања**<br>• Зголемена информираност кај граѓаните за препознавање и спречување родово базирано насилство- кампањата да достигне 1000 лица. |
| | | 4.1.2. Работилници во училиштата | **Во тек на 2026** | • **Реализирани 2 работилници**<br>• Кај 100 ученици (40 машки, 60 женски) зголемено знаење за 20% за родово насилство и начини на заштита |
| | **5.** | **ЦЕЛ/ПРИОРИТЕТ: УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД СО ВКЛУЧЕНА РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА** | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** |
| | 5.1. Проект „Вклучување на родовата перспектива во испораката на локални услуги низ земјите од Југоисточна Европа преку НАЛАС“<br>- **Намалување на загадувањето во водите на р. Крива Река со поставување на мрежи за** | 5.1.1 Мапирање на критични точки за поставување на решетките на соодветни локации<br>5.1.2 Консултација со локалното население со фокус на вклученоста на жените, девојчињата и | **Прва половина на 2026** | • Број на мапирани критични точки со процена на ризик по пол и возраст; % критични точки идентификувани од локални жители (жени/мажи); Број идентификувани локации што претставуваат ризик за жени, деца и ранливи групи (на пр. неосветлени, тешко достапни). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **собирање на цврст отпад по течението на реката** | ранливите групи во процесот преку форуми, анкети, јавни дебати и директна комуникација)<br>5.1.3 Мапирање на најголемите загадувачи и нивна вклученост во целиот процес на спроведување на мерката<br>5.1.4 Дефинирање на видовите на мрежи за собирање на цврст отпад и на видот на отпад<br>5.1.5 Техничко поставување на мрежите на соодветни локации<br>5.1.6 Формирање на мултисекторски и мултиинституционален тим за редовна координација,чистење, одржување и следење на состојбата (во соработка со ЈП Комуналец)<br>5.1.7 Организирање на информативна и едукативна кампања за одговорно одлагање на отпад и заштита на реката во градинки, училишта<br>5.1.8 Вклучување на медиумите за зголемување на јавната свест за потребата од чиста вода и чиста животна средина.<br>5.1.9 Дефинирање на следни чекори за унапредување на мерката во функција на циркуларна економија и намалување на невработеноста на ранливите групи (*пр.Субвенционирање на самовработување на Ромка за искористување на собраниот отпад и рециклирање;Финансирање на обука за циркуларна економија за самохрана мајка*) | | • Обезбедување на број и % на жени, девојчиња и други ранливи групи вклучени во консултации; % застапеност на различни категории (жени, мажи, млади, лица со попреченост, постари лица); Број препораки дадени од жени и ранливи групи што се интегрирани во мерките.<br>• Степен на задоволство на жени/мажи од поставените мрежи (анкети).<br>• Број членови од ранливи групи вклучени во тимот (младинци, лица со попреченост, Роми, самохрани родители); % родов баланс во тимот (жени/мажи); Број одлуки на тимот во кои е разгледан родовиот аспект.<br>• Користење на родово чувствителн комуникација во кампањата (јазик, слики, примери); % зголемување на знаење за еко однесување кај девојчиња/момчиња (анкета пред/по); Број на материјали за кампања што содржат родово чувствителни пораки.<br>• Анализа на влијанието на мерката врз секојдневниот живот на жените и мажит во заедницата (безбедност, чистота, здравје)(*Анализа на влијанието на мерката ќе покаже како поставувањето на мрежите ја олеснува работата на комуналните служби, а истовремено ќе го земе предвид и влијанието вр ромската популација која најчесто собира пластичен отпад , со цел нивно потенцијално вклучување во активности на селекција и одрживо управување со отпад*).<br>• Придонес кон родово еднакви можности во зелени и јавни иницијативи на локално ниво.<br>• Број предложени мерки што директно придонесуваат за вработување на жени од ранливи групи. |
| | | | | |

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка , бр08/10,12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23, 05/23 и 14/23 )Советот на Општина крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе,

**Програма**

**за измена и дополна на Развојна Програма ЈДА за Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година**

1.Се врши измена и дополнување на Развојна Програма ЈДА за Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година и тоа:

Во насловот на програмата годината 2026 се заменува со 2027.

Во точка 2. Трошоци и време за реализација на програмата:

алинеја 2 износот од 15.000.000,00 ден се менува и гласи 6.734.297,00 денари.

алинеја 3 износот од 23.000.000,00 ден се менува и гласи 10.468.673,00 денари и по алинеја 3, се додава нова алинеја 4 која гласи,,Четврта фаза-2027 година градежни работи ..........24.133.619,00денари”.

По точка 3.Извори на финансирање на програмата, се додава нова точка 4 која гласи:

Промената на оваа развојна програма се однесува на менување на динамиката и вкупната сума на предвидените сретства за реализација на Програмата од 50.000.000,00 ден, останува непроменета.

По точка 4 се додава нова точка 5 која гласи;

Составен дел на оваа програма е В1 Образец

**Оваа програма ЈДА влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.**

**Бр.09-6407/89**
**09.12.2025.год**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и („Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за измена и дополнување на Развојната Програма ЈДА за Изградба,реконструкција ,одржување и заштита на локалната патна мрежа на ериторијата на Општина Крива Паланика за периодот 2024-2026 година**

1.Се објавува Програма за измена и дополнување на Развојната Програма ЈДА за Изградба,реконструкција ,одржување и заштита на локалната патна мрежа на ериторијата на Општина Крива Паланика за периодот 2024-2026 година,што Советот ја донесе на 3 -та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/90**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка , бр08/10,12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23, 05/23 и 14/23 )Советот на Општина крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе,

**Програма**

**за измена и дополнување на Развојна Програма JLA за„Партерно уредување на мајор коритото на Крива Река -дел 1 и 4“за периодот 2025-2027 година**

1.Се врши измена и дополнување на Развојна Програма JLA за „Партерно уредување на мајор коритото на Крива Река -дел 1 и 4“за периодот 2025-2027 година и тоа:

1.Во точка 2. Трошоци и време за реализација на програмата:

Алинеја 1 износот од 1.886.471,00 ден се менува и гласи 0,00 денари.

Алинеја 2 износот од 17.000.000,00 ден се менува и гласи 18.886.471,00 денари.

По точка 3 се додава нова точка 4 која гласи:

Промената на оваа развојна програма се однесува на менување на динамиката и вкупната сума на предвидените сретства за реализација на Програмата од 27.796.111,00 ден, останува непроменета.

По точка 4 се додава нова точка 5 која гласи:
Составен дел на оваа програма е B1 Образец

**Оваа програма JLA влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.**

**Број.09-6407/91**
**09.12.2025 год**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24)Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за измена и дополнување на Развојна Програма JLA ЗА ,,Партерно уредување на мајор коритото на Крива Река –дел 1 и 4 за**

**периодот 2025-2027 година**

1.Се објавува Програма за измена и дополнување на Развојна Програма JLA ЗА ,,Партерно уредување на мајор коритото на Крива Река –дел 1 и 4 за периодот 2025-2027 година,што Советот ја донесе на 3 -та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/92** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**10.12.2025 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка , бр08/10,12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23, 05/23 и 14/23 )Советот на Општина крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе,

**Програма**

**за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА**
**за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година**

1.Се врши измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година и тоа:

Во насловот на програмата, годината 2026 се заменува со 2027.

Во точка 2. Трошоци и време за реализација на програмата: алинеја 2 износот од 10.000.000,00 ден се менува и гласи 4.049.581,00 денари.

алинеја 3 ,износот од 15.000.000,00 ден се менува и гласи 13.406.553,00ден и по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи,,Четврта фаза -2027 година градежни работи и урбана опрема............ 8.928.230,00денари.

По точка 3 се додава нова точка 4 која гласи;

Промената на оваа развојна програма се однесува на менување на динамиката и вкупната сума на предвидените сретства за реализација на Програмата од 29.000.000,00 ден, останува непроменета.

По точка 4 се додава нова точка 5 која гласи;

Составен дел на оваа програма е В1Образец

Оваа програма ЈНА влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-6407/93**
**09.12.2025 год**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско –рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за измена и дополнување на Развојна Програма ЈНА за изградба на спортско –рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 3 -та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/94**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка , бр08/10,12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23, 05/23 и 14/23 )Советот на Општина крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе,

# Одлука

**за усвојување на План на програма за развој -образец В1 за Развојна програма ЈДВ „Реконструкција на дел од ул.Св.Јоаким Осоговски делница од дол Единство до спој со државен пат А1 со изградба на атмосферска канализација“ за периодот 2025-2027 година**

**Член.1**

Со оваа Одлука се усвојува Планот на програма за развој -образец В1 за Развојна програма ЈДВ „Реконструкција на дел од ул.Св.Јоаким Осоговски делница од дол Единство до спој со државен пат А1 со изградба на атмосферска канализација“ за периодот 2025-2027 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-6407/95**
**09.12.2025 год**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на План на програма за развој - образец В1 за Развојна програма ЈДВ „Реконструкција на дел од ул.Св.Јоаким Осоговски делница од дол Единство до спој со државен пат А1 со изградба на атмосферска канализација“ за периодот 2025-2027 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на План на програма за развој - образец В1 за Развојна програма ЈДВ „Реконструкција на дел од ул.Св.Јоаким Осоговски делница од дол Единство до спој со државен пат А1 со изградба на атмосферска канализација“ за периодот 2025-2027 година,што Советот ја донесе на 3 -та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/96**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен Весник на РМ“ бр. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка , бр08/10,12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23, 05/23 и 14/23 )Советот на Општина крива Паланка на седницата одржана на ден 09.12.2025 година донесе,

# Одлука

## за усвојување на План на програма за развој за Развојна програма ЈДБ-Образец В1 за „Реконструкција на патен правец за Калин Камен“ за периодот 2025-2027 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Планот на програма за развој-Образец В1 за Развојна програма ЈДБ „Реконструкција на патен правец за Калин Камен“ за периодот 2025-2027 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-6407/97**
**09.12.2025 год**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на План на програма за развој за Развојна програма ЈДБ-Образец В1 за „Реконструкција на патен правец за Калин Камен“ за периодот 2025-2027 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на План на програма за развој за Развојна програма ЈДБ-Образец В1 за „Реконструкција на патен правец за Калин Камен“ за периодот 2025-2027 година ,што Советот ја донесе на 3 -та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/98**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеја 3 и став (2) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 14 став (1) точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишен план за вработување за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка го усвојува Годишниот план за вработување за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка со бр.04-991/1 од 02.12.2025 година, усвоен од Управниот одбор на претпријатието со Одлука бр.02-992/4 од 02.12.2025 година.

**Член 2**

Годишниот план за вработување за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 6407/99**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални услуги**

**,,Комуналец’’ц.о Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални услуги ,,Комуналец’’ц.о Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 3 -та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/100**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а во врска со член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), по предлог на Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 09.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка**

**Член 1**

За вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка, се именува:

-Даница Павловска од Крива Паланка

**Член 2**

Именуваната должноста вршител на должност член на Надзорниот одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка ќе ја врши до избор на нов член, но не подолго од шест месеци од денот на нејзиното именување.

**Член 3**

Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-6407/101**
**09.12.2025 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Трајковски**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за именување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиско работење на Јавното претпријатие за коунални услуги ,,Комуналец’’ц.о Крива Паланка**

1.Се објавува Решение за именување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на материјално –финансиско работење на Јавното претпријатие за коунални услуги ,,Комуналец’’ц.о Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 3 -та седница, одржана на ден 09.12.2025 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –6407/102**
**10.12.2025 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**Ред.бр.** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1.Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај заизвршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1, К2 и К3 за III Квартал за 2025 година;
2. Предлог-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за реализирани приходи и трошоци за спроведување на локални избори 2025 година преку општинските изборни комисии за месец август – ноември;
3. Предлог-Одлука за прифаќање и доделување на организација на спортските активности ,,Фудбал за сите” и ,,Општински крос” на Општински училишен спорт – Крива Паланка
4. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка одобласта на спорт за 2026 година;
5. Предлог-Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2026 година;

6. Предлог-Одлука за прифаќање на фестивалот Џој Фест како дел од Програмата **за активностите на Општина Крава Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година** со доделување на финансиска поддршка
7. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка вообласта на културата и културните манифестации за 2026 година;

8. Предлог- Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година во Општина Крива Паланка;

9. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко- комуникациската технологија за 2026 година;

10. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026 година;

11. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областана заштитата и спасувањето, противпожарната заштита иуправување со кризи во 2026 година

12. Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка за стручно усовршување на вработените и тим билдинг за 2026 година;

13. Предлог-Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фонданции за 2026 година;

14. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2026 година;

15. Предлог-Програма за млади на Општина Крива Паланка за 2026 година;

16. Предлог-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2026 година;

17. Предлог- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2026 година;
18. Предлог-Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2026 година;

19. Предлог-Програма за одржување на јавна чистота во град Крива Паланка за 2026 година;

20. Предлог-Програма за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2026 година;

21. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2026 година;

22. Предлог-Програма за животна средина на Општина Крива Паланка за 2026 година;

23. Предлог-Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2026 година;

24. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2026 година;

25. Предлог-Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2026 на подрачјето на

Општина Крива Паланка;

26. Предлог-Одлука за усвојување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Крива Паланка (2025-2030);

27. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за продажба на недвижен имот-објект сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање (втора објава);

28. Предлог-Одлуказа ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од три до шест години за престој во О.Ј.У.Д.Г. „Детелинка”за учебната 2025/2026 година;

29. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на финансики средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за исплата на долг по основ на доспеани, а неплатени обврски;

30. Предлог-Одлука **за давање на трајно користење на недвижни ствари без надомест – фотоволтаични централи на кров на ОЈУДГ „Детелинка“, ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ – зграда Партизан и ОУД „Боро Менков“;**

31. Предлог-Решение за разрешување членови на Управниот одбор на ОЈУДГ „Детелинка“- Крива Паланка;

32. Предлог-Решение за именување членови на Управниот одбор на ОЈУДГ „Детелинка“- Крива Паланка;

33.Предлог-Решение за разрешување членови на Управниот одбор на ЛУ Градски Музеј - Крива Паланка;

34. Предлог-Решение за именување членови на Управниот одбор на ЛУ Градски музеј “ - Крива Паланка;

35. Предлог-Решение за разрешување членови на Управниот одбор на Дом за ученици–„Боро Менков“ - Крива Паланка;

36. Предлог-Решение за именување членови на Управниот одбор на Дом за ученици–„Боро Менков“ - Крива Паланка;

37. Предлог-Решение за разрешување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

38. Предлог-Решение за именување на членови на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

39. Предлог-Решение за разрешување на членови на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

40. Предлог- Решение за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

41. Предлог-Одлука за утврдување висина на месечен надоместок на претседателот и членовите на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

42. Предлог-Одлука за утврдување висина на месечен надоместок на претседателот и членовите на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатиеза комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;

43.Предлог-Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2026 година;
44.Предлог-Програма за измена и дополна на Развојна Програма ЈДА за Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година;
45.Предлог-Програма за измена и дополнување на Развојна Програма JLA за „Партерно уредување на мајор коритото на Крива Река -дел 1 и 4“ за периодот 2025-2027 година;
46.Предлог-Програма за измена и дополнување на Развојна Програма JНА за изградба на спортско -рекреативни и детски игралишта и уредување на јавни површини на територијата на Општина Крива Паланка за периодот 2024-2026 година;
47.Предлог-Одлука за усвојување на План на програма за развој -образец В1 за Развојна програма ЈДВ „Реконструкција на дел од ул.Св.Јоаким Осоговски делница од дол Единство до спој со државен пат А1 со изградба на атмосферска канализација“ за периодот 2025-2027 година;
48.Предлог-Одлука за усвојување на План на програма за развој за Развојна програма ЈДБ-Образец В1 за „Реконструкција на патен правец за Калин Камен“ за периодот 2025-2027 година;
49.Предлог-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка за III-од квартал за 2025 година;
50.Предлог-Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;
51.Предлог-Решение за именување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка;